# **ИЗВЕШТАЈ** ОД СТУДИЈАТА ЗА НАЦИОНАЛНАТА АНКЕТА ЗА **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

Истражувачки тим:
Љубинка Поповска | Владо Рикаловски | Д-р Елизабет Виљагомез

Август 2012

НАСЛОВ:
**ИЗВЕШТАЈ ОД СТУДИЈАТА ЗА НАЦИОНАЛНАТА АНКЕТА ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

Автори:
**Љубинка Поповска, Владо Рикаловски и Д-р Елизабет Виљагомез**

Превод на македонски:
**Јана Никуљска Ѓорѓинска**

Лектор:
**Мариетка Петровска**

Графички дизајн:
**Бригада дизајн**

Печати:
**Магна скен**

Тираж:
**250**

Оваа публикација е изработена во рамките на Програмата на Обединетите Нации за за Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејно насилство. Оваа Програма е спроведена од страна на УНДП, УНФПА и UN Women, со финансиска поддршка на Владата на Кралството Холандија и Фондот на Обединетите нации за елиминација на насилството врз жените.

Мислењата и гледиштата искажани во оваа Публикација не секогаш ги рефлектираат мислењата и гледиштата на агенциите на Обединетите нации или други релевантни организации.

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| | **Извршно резиме** | **9** |
| **1** | **Кус вовед во врска со проектот и главните цели на анкетата** | |
| **2** | **Технички и методолошки опис на анкетата** | **17** |
| **3** | **Анализа на демографските податоци од анкетата** | **19** |
| **4** | **Анализа на инциденца** | **22** |
| 4.1 | Анализа на инциденцата на психолошко насилство | 22 |
| 4.2 | Анализа на инциденцата на физичко и сексуално насилство | 24 |
| **5** | **Анализа на преваленца дадена во детали разделена според различни лични карактеристики, карактеристики на пазарот на труд или други карактеристики на домаќинството** | **25** |
| 5.1 | Влијанието на немање приватност врз преваленцата | 25 |
| 5.2 | Преваленца на насилство распределено според пол | 30 |
| 5.3 | Преваленца распределена според возраст | 31 |
| 5.4 | Стапки на преваленца распределени според статус на вработеност и нивоа на приходи | 32 |
| 5.5 | Преваленца распределена според ниво на образование | 36 |
| 5.6 | Стапки на преваленца распределени според етничка припадност | 37 |
| 5.7 | Преваленца распределена според локација | 38 |
| 5.8 | Преваленца според број на членови во домаќинството и според број на деца | 40 |
| **6** | **Анализа на психолошко насилство** | **43** |
| 6.1 | Анализа на првата група на психолошко насилство (насилство поврзано со лутина, ограничувања, забрани, сомневања и контрола) | 47 |
| 6.2 | Анализа на втората група на психолошко насилство – економско насилство | 51 |
| 6.3 | Анализа на третата група на психолошко насилство (насилство поврзано со навредување, деградирање/омаловажување и заканување) | 53 |
| **7** | **Анализа на физичко насилство** | **55** |
| **8** | **Анализа на сексуално насилство** | **57** |
| **9** | **Анализа на сторителите** | **59** |

**10 Анализа на ставовите и мислењата во врска со семејното насилство, хипотетичко известување и свесност** **62**
10.1 Хипотетичко известување на насилство и колку 66
Свесност за политиките и законодавството 67
Анализа на услугите според мислењата на жртвите и некои екстремни случаи на насилство дадени во анкетата 68
10.2 Некои екстремни случаи на насилство 70

**11 Влијанието на кампањите во општеството** **72**

**12 Разбирање на родовата димензија: моделирање на податоците од анкетата** **75**
12.1 Резултат од логит моделирањето 76
12.2 Психолошко насилство логит регресија 79
12.3 Физичко и сексуално насилство логит регресија 81

**13 Крајни заклучоци и препораки** **83**

**Референции и дополнителна библиографија** **88**

**Анекс А: Психолошко насилство распределено според групи и пол (повеќекратни одговори)** **89**

**Анекс В:Анекс за методологијата на анкетата** **90**

**Анекс С:Коментари на рамката за извлекување примерок, споредба со службените статистики и симулација на пондерирање** **93**
Коментари на рамката за извлекување примерок и споредба со службените статистики 93
Симулација на пондери 102

# Табели

| | | |
|---|---|---|
| Табела 2.1 | Вкупен број на одбивања согласно регион и причини | 18 |
| Табела 3.1 | Број и процент на мажи и жени вклучени во примерокот | 19 |
| Табела 3.2 | Број и процент на лица кои се интервјуирани според регион и пол | 19 |
| Табела 3.3 | Број и процент на лица во примерокот во согласност со нивната поврзаност со главата на домаќинството (домаќинства со повеќе лица) | 20 |
| Табела 3.4 | Број и процент на лица во примерокот според возраст распределени во групи од по пет години и според пол | 20 |
| Табела 3.5 | Број и процент на лица во примерокот според етничка припадност и пол | 21 |
| Табела 4.1 | Зачестеност на виктимизацијата (во последните 12 месеци) од страна на женски сторители (психолошко насилство) | 22 |
| Табела 4.2 | Зачестеност на виктимизацијата (во последните 12 месеци) од страна на машки сторители (психолошко насилство) | 23 |
| Табела 5.1 | Стапки на преваленца за различни видови насилство согласно бројот на лица присутни во текот на интервјуто, сите домаќинства и без вклучување на домаќинствата сочинети од едно лице | 26 |
| Табела 5.2 | Стапки на преваленца за различни видови насилство распределени според бројот на лица присутни во текот на интервјуто, сите домаќинства, жени и мажи | 28 |
| Табела 5.3 | Ниво на разбирање на прашалникот од страна на респондентот распределено според бројот на лица присутни во текот на интервјуто (апсолутни бројки) | 28 |
| Табела 5.4 | Однесување на други лица присутни во текот на интервјуто | 29 |
| Табела 5. 5 | Преваленца за сите видови насилство распределена според пол | 31 |
| Табела 5.6 | Стапки на преваленца распределени според возрасна група, жени | 31 |
| Табела 5.7 | Стапки на преваленца распределени според возрасни групи, мажи | 32 |
| Табела 5.8 | Преваленца распределена според статус на вработеност, жени | 33 |
| Табела 5.9 | Преваленца распределена според статус на вработеност, мажи | 33 |
| Табела 5.10 | Причини наведени од страна на жртвите за насилното однесување на сторителот | 34 |
| Табела 5.11 | Преваленца распределена според квинтил на трошоци за домаќинство, жени | 35 |
| Табела 5.12 | Преваленца распределена според квинтил на трошоци за домаќинство, мажи | 35 |
| Табела 5.13 | Преваленца распределена според ниво на образование, жени | 36 |
| Табела 5.14 | Преваленца распределена според ниво на образование, мажи | 36 |
| Табела 5.15 | Преваленца распределена според етничка припадност, жени | 37 |
| Табела 5.16 | Преваленца распределена според етничка припадност, мажи | 38 |
| Табела 5.17 | Преваленца распределена според локација, жени | 38 |
| Табела 5.18 | Преваленца распределена според локација, мажи | 39 |
| Табела 5.19 | Преваленца распределена според регион, жени | 39 |
| Табела 5.20 | Преваленца распределена според регион, мажи | 40 |
| Табела 5.21 | Преваленца распределена според број на членови во домаќинството, жени | 41 |
| Табела 5.22 | Преваленца распределена според број на членови во домаќинството, мажи | 41 |
| Табела 5.23 | Преваленца распределена според број на деца во домаќинството, жени | 42 |
| Табела 5.24 | Преваленца распределена според број на деца во домаќинството, мажи | 42 |
| Табела 6.1 | Психолошко насилство – збирни одговори на прашањето “Ако помислите на членовите на вашето домаќинство, дали можете да кажете дека некој:” | 43 |
| Табела 6.2 | Самоизвестено ниво на ефект на психолошкото насилство врз физичката и ментална добросостојба | 44 |
| Табела 7.1 | Преваленца на физичко насилство распределена според пол | 55 |

| | | |
|---|---|---|
| Табела 7.2 | Самоизвестено ниво на ефект на физичкото насилство врз физичката и менталната добросостојба | 56 |
| Табела 8.1 | Сексуално насилство врз жените распределено според региони (NUTS-3) | 57 |
| Табела 8.2 | Сексуално насилство врз жените распределено според урбани и рурални области | 58 |
| Табела 8.3 | Самоизвестено ниво на ефектот на сексуалното насилство врз физичката и менталната добросостојба | 58 |
| Табела 10.1 | Дали се согласувате со следното: Една добра сопруга/жена треба секогаш да се покорува на мислењето на сопругот/мажот дури и кога не го дели истото мислење | 63 |
| Табела 10.2 | Дали се согласувате со следното: Важно е сопругот/партнерот да се чувствува дека е главата на семејството | 63 |
| Табела 10.3 | Дали се согласувате со следното: Важно е сопругата/жената никогаш да не му противречи / ДА НЕ ГО КРИТИКУВА својот сопруг/партнер пред други членови на семејството или пред други луѓе | 63 |
| Табела 10.4 | Дали се согласувате со следното: Важно е за сопругата/жената да бара дозвола од сопругот/партнерот за да оди во посета кај роднини или пријатели | 63 |
| Табела 10.5 | Дали се согласувате со следното: Обврска на сопругата/жената е да води љубов/да има секс со својот сопруг/партнер дури и кога е против нејзина волја | 64 |
| Табела 10.6 | Дали се согласувате со следното: Неуспех е на сопругот/мажот доколку не може да заработи доволно пари и да ги обезбеди сопругата и семејството | 64 |
| Табела 10.7 | Дали се согласувате со следното: Пожелно/ПОЗИТИВНО/ДОБРО е доколку жената заработува пари и придонесува во семејниот буџет | 64 |
| Табела 10.8 | Дали се согласувате со следното: Важно е за сопругата/жената да побара дозвола од сопругот/партнерот за да работи или да се пријави за некое работно место | 64 |
| Табела 10.9 | Дали се согласувате со следното: Важно е за сопругата/жената да побара дозвола од сопругот/партнерот за да продолжи со учење или да аплицира во некое училиште | 65 |
| Табела 10.10 | Дали се согласувате со следното: Во ред е сопругата/жената отворено да го критикува сопругот/мажот кога не ѝ се допаѓа неговото однесување | 65 |
| Табела 10.11 | Дали се согласувате со следното: Во ред е сопругот/мажот отворено да ја критикува сопругата/жената кога не му се допаѓа нејзиното однесување | 65 |
| Табела 10.12 | Дали се согласувате со следното: Важно е сопругот/мажот никогаш ДА НЕ ЈА КРИТИКУВА/или да и противречи на својата сопругата пред децата и други членови на семејството или пред други луѓе | 65 |
| Табела 10.13 | Дали се согласувате со следното: Важно е сопругата/жената никогаш ДА НЕ ГО КРИТИКУВА/или да му противречи на сопругот/мажот пред децата и други членови на семејството или пред други луѓе | 66 |
| Табела 10.14 | Познавање на законодавството и политиките за семејното насилство | 67 |
| Табела 0. | Пријавување распределено според видот на насилство и карактеристики на жртвите (% колони збир 100%) | 69 |
| Табела 12.1 | Свесност за слоганот на кампањата | 73 |
| Табела 12.2 | Проценка според респондентите за кампањата (дали Ви се допадна кампањата?) | 74 |
| Табела 13.1 | Резултати од логит моделирањето за каков било вид насилство, жени и мажи, вкупно и под-примероците без помладите возрасни групи | 77 |
| Табела 13.2 | Резултати од логит моделирањето за психолошко насилство, жени и мажи, вкупно и под-примероци кои не ги вклучуваат помладите возрасни групи | 80 |
| Табела 13.3 | Резултати од логит моделирањето за физичко и сексуално насилство, само жени | 82 |
| Табела А.1 | Енумерациски области според регион и урбаност | 93 |
| Табела А.2 | Споредба: Процени на ДЗС за вкупно население на 31.12.2010 година, интервјуирани членови на домаќинства и сите членови на домаќинства | 94 |

| | | |
|---|---|---|
| Табела А.3 | Возрасна структура на процената на ДЗС за 31.12.2010 година, сите членови во домаќинството, интервјуирани лица | 94 |
| Табела. А.5 | Возрасна структура на процени на ДЗС за вкупно женско население на 31.12.2010 година, сите женски членови на домаќинството и интервјуирани женски членови на домаќинството | 96 |
| Табела А.6 | Споредба–хомогеност на под-примероците на интервјуирани лица и други лица во домаќинството во примерокот | 97 |
| Табела А.7 | Споредба според просечна возраст, медијана на возраст, модална возраст, во примерокот | 98 |
| Табела А.8 | Пример на некои пондери | 99 |
| Табела А.9 | Основни статистики за пондери | 99 |
| Табела А.10 | Затоплување во текот на зимата | 99 |
| Табела А.11 | Комунална инфраструктура за сместување | 100 |
| Табела А.12 | Површина на живеалиште во $m^2$ според квинтили на трошоци | 100 |
| Табела А.13 | Какви трајни добра можело домаќинството да си дозволи во последните 12 месеци | 100 |
| Табела А.14 | Колку може домаќинството да си дозволи различни категории на трошоци во последните 12 месеци | 101 |
| Табела А.15 | Образовни карактеристики на лицата во примерокот | 101 |
| Табела А.16 | Статус на вработеност на лицата во примерокот (самоизвестено) | 102 |

# Бројки


| | | |
|---|---|---|
| Фигура 5-1 | Стапки на преваленца согласно бројот на лица присутни во текот на интервјуто | 27 |
| Фигура 6-2 | Дистрибуција на психолошко насилство согласно интервали од пет години | 45 |
| Фигура 6-3 | Родов раздел на психолошкото насилство | 45 |
| Фигура 6-4 | Статус на вработеност на жртвите на психолошко насилство | 45 |
| Фигура 6-5 | Дистрибуција на жртви на психолошко насилство распределена според етничка припадност | 46 |
| Фигура 6-6 | Удел на психолошкото насилство во рамки на региони (согласно NUTS 3) | 46 |
| Фигура 6-7 | Дистрибуција рурално/урбано на психолошкото насилство | 46 |
| Фигура 6-8 | Удел на жртви на психолошко насилство во вкупниот примерок | 47 |
| Фигура 6-9 | Класификација во интервали од пет години (15- 80+) на жртви на 1-та група на психолошко насилство | 48 |
| Фигура 6-10 | Родов раздел на 1-та група на психолошко насилство според возрасни групи | 48 |
| Фигура 6-11 | Удел на жртви во првата група на психолошко насилство во рамките на возрасните групи | 49 |
| Фигура 6-12 | Статус на вработеност на жртвите на 1-та група на психолошко насилство | 49 |
| Фигура 6-13 | Удел на жртви од првата група на психолошко насилство во рамките на групите според статус на вработеност | 50 |
| Фигура 6-14 | Удел на жртвите од првата група на психолошко насилство во рамките на етничките групи | 50 |
| Фигура 6-15 | Петгодишна класификација (15- 80+) на жртвите на 2-та група Ж на психолошко насилство | 51 |
| Фигура 6-16 | Родов раздел на 2-та група на психолошко насилство распределено според возрасни групи | 52 |
| Фигура 6-17 | Удел на жртвите на втората група на психолошко насилство во рамките на групите распределени според статус на вработеност | 52 |
| Фигура 6-18 | Петгодишна класификација (15- 80+) на жртви на 3-та група на психолошко насилство | 53 |
| Фигура 6-19 | Родов раздел на 2-та група на психолошко насилство според возрасни групи | 53 |
| Фигура 6-20 | Статус на вработеност на жртвите во 3-та група на психолошко насилство | 54 |
| Фигура 9-1 | Дистрибуција на мажи сторители на психолошко насилство согласно тоа во каков однос се со жртвата (%) | 59 |
| Фигура 9-2 | Дистрибуција на жени сторители на психолошко насилство согласно тоа во каков однос се со жртвата (%) | 60 |
| Фигура 9-3 | Дистрибуција на мажи сторители на физичко насилство согласно тоа во каков однос се со жртвата (%) | 61 |
| Фигура 9-4 | Дистрибуција на женски сторители на физичко насилство согласно тоа во каков однос се со жртвата (%) | 61 |
| Фигура 10-1 | Известување и кого, жени | 66 |
| Фигура 10-2 | Известување и кого, мажи | 67 |
| Фигура А.1 | Возрасна структура на проценета на ДЗС за 31.12.2010 година, сите членови во домаќинството, интервјуирани лица | 95 |
| Фигура А.4 | Возрасна структура на проценета на ДЗС за вкупно машко население на 31.12.2010 година, сите машки членови во домаќинството и интервјуирани машки членови во домаќинството | 95 |
| Фигура А.2 | Возрасна структура на проценета на ДЗС за вкупно машко население на 31.12.2010 година, сите машки членови на домаќинството и интервјуирани машки членови на домаќинството | 96 |
| Фигура А.3 | Возрасна структура на проценета на ДЗС за вкупно женско население на 31.12.2010 година, сите женски членови на домаќинството и интервјуирани женски членови на домаќинството | 97 |

# Извршно резиме

**Респондент од Битола**

**„Ова е вистинска можност да си ја отворам душата"**

Тековниот извештај ја содржи анализата на Студијата за семејно насилство изведена во рамките на програмата „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство". Анкетата беше изведена во текот на периодот од март до април, 2012 година. Беа интервјуирани вкупно 2100 лица.

Дизајнот на примерокот беше изведен од страна на Државниот завод за статистика на Република Македонија.

Главната цел на анкетата беше да прибере податоци за инциденцата и преваленцата на семејното насилство на иста линија со тековното законодавство што го регулира ова прашање[1]. Ова не е анкета за насилство врз жената или анкета за родово засновано насилство иако е спроведена родова анализа до најголем можен степен кој го дозволуваат потешкотиите при нејзината подготовка.

Инциденцата на насилство вклучува броење на бројот на одделни виктимизации или инциденти на насилство сторени од страна на лица во рамките на специфична демографска група во текот на специфична временска рамка (1 година, 5 години или во текот на животот). Стапката е изразена во проценти од населението.

Стапката на преваленца е процент на лица во рамките на демографска група, кои се виктимизирани во рамките на специфична временска рамка (временските рамки кои се користат вообичаено се 1 година, 5 години или во текот на животот).

Имаше бројни предизвици и ограничувања кои беа адресирани при анализата на податоците. Сите тие беа соодветно адресирани во деловите на извештајот кои се однесуваат на методологијата и анализата.

Ефектите на не-приватност беа опширно анализирани во извештајот и беа добиени бројни интересни и изненадувачки наоди. Најрелевнатните се дека иако се потврдува пониска преваленца на физичко и сексуално насилство и за жени и за мажи со зголемувањето на бројот на присутни лица во домаќинството за време на интервјуирањето, сепак статистичкото тестирање покажува дека не постои влијание врз резултатите. Нашето пребарување низ постоечката библиографија за постоење слични резултати не најде никакви слични докази бидејќи најголемиот број извештаи (обично за насилство врз жената или родово засновано насилство) не вршат анализа на ова прашање.

Во однос на големината на примерокот, анкетите за виктимизација и за другите чувствителни проблеми обично се многу поголеми отколку анкетите што се занимаваат со други теми. Ова е така бидејќи е потешко интервјуерите да најдат респонденти кои се расположени да зборуваат за овие чувствителни прашања. Една од стратегиите за да се надмине ова е да се подложат интервјуерите

[1] http://nkt.mtsp.gov.mk/nkt/Default.aspx?LCID=158

на длабинска обука која го зајакнува односот со можните жртви и на таков начин да се зголеми стапката на успешност во добивањето на одговори од респондентите. Во овој случај распределените ресурси за анкетата која беше анализирана не го овозможија тоа. Но, како што ќе покаже анализата ова не ги девалоризира резултатите кои беа утврдени како статистички значајни наоди.

Во она што следува се прикажани главните наоди со доволно статистичка значајност. Другите наоди од извештајот кои не ја добија таа статистичка значајност треба дополнително да се истражат бидејќи се на иста линија со меѓународните наоди од слични анкети.

### Целокупна инциденца

- Број на наврати во кои сторителите виктимизирале: кога се случува насилство - тоа се случува често, што посочува на тоа дека инциденцата е повисока од преваленцата.

### Целокупна преваленца

- Целокупната преваленца изнесува 35.5% за мажи и 39.4% за жени;
- 60% од жртвите на семејното насилство се женски лица;
- Соодносот на лица кои искусуваат каков и да е вид насилство наспроти оние кои не искусуваат насилство е многу повисок кај жените (65.1 кај жените наспроти 55.1 кај мажите);
- Според возраст, младите мажи и жени се особено изложени, но жените имаат многу повисоки стапки во сите возрасни групи (освен за многу постарите возрасни групи во некои од случаите);
- Анкетата покажува дека децата (15-18) имаат многу повисоки стапки на преваленца отколку останатите возрасни групи;
- Образовно ниво: многу повисока преваленца се јавува кај оние жени што се со средно или основно или и пониско образование. Мажите повторно покажуваат нерегуларна матрица;
- Националност: многу повисока преваленца кај останатите етнички групи отколку кај Македонките и Србинките. Мажите покажуваат нерегуларна матрица;
- Според ниво на образование, висока концентрација на жртви се наоѓа кај оние со основно образование или пониско (55% од сите известени случаи и 40% со средно образование). Преваленцата се зголемува со намалување на образовното ниво кај жените. Мажите покажуваат нерегуларна матрица;
- Бројот на домаќинства во примерокот во кои се случува насилство во присуство на децата изнесува 16.5%, иако ова е само проценка заснована врз фактот дека во нашата анкета како единица на анализа беа земени домаќинствата, (процентот се пресметува кога вкупниот број на одговори „да" во домаќинства со деца - 347 беше поделен со вкупниот број на примерокот - 2100).

### Физичко насилство

- 2.1% преваленца кај мажи и 6.1% преваленца кај жените;
- Поголема концентрација кај младите жени и кај повозрасните возрасни групи кај мажите;
- Анализата според возраст јасно посочува на големата концентрација на жртви во постарите возрасни групи кај жени и помладите возрасни групи кај мажи. Ова е различен резултат од психолошкото насилство кое се чини, се концентрира кај помладите возрасни групи и кај жени и кај мажи, а особено кај малолетни лица;
- Речиси 60% од жените што се жртви на физичко насилство се на возраст помеѓу 30 и 64 години;
- Кај жените 80% од жртвите на физичко насилство се невработени или неактивни;
- Според локација, преваленцата на физичкото насилство е повисока во руралните области, иако најголем број на физички насилства се известени во урбаните области (58% од сите одговори);
- Според етнички групи, најголем број на случаи на физичко насилство што се известени се концентрирани кај Македонците (79% од случаите), но преваленцата е највисока кај Ромите и општо земено е повисока во однос на сите останати етнички групи;
- Според ниво на образование, висока концентрација на лица кои преживеале насилство се гледа кај оние со основно образование или пониско (55% од сите известени случаи и 40%

кај оние со средно образование). Преваленцата се зголемува со намалување на нивото на образование.

## Сексуално насилство

- Во истражувањето беше известено за само 18 случаи (само на жените им беше поставена оваа батерија на прашања);
- Стапката на преваленца е пресметана на 1.5%;
- Мнозинството лица кои преживеале насилство се од возрасните групи 30-64 години (78%), со највисока преваленца кај жените на возраст помеѓу 40 и 49 години;
- Најголемиот број случаи беше најден во руралните области (67%), со повисока преваленца во руралните области;
- Невработените и неактивните сочинуваат 83% од сите случаи;
- Основно образование или помалку имаа 67% и преваленцата се зголемува со намалувањето на нивото на образование;
- 74% од случаите што се откриени се од македонска националност, но највисоката преваленца беше најдена кај турските жени (9%).

## Сторители

- Мнозинството сторители се машки (62% од целокупниот број сторители), но има и жени (особено свекрви и сопруги);
- Насилството може да биде извршено од страна на повеќе од еден член на семејството;
- И додека родителите претставуваат 34% од членовите на домаќинството кои извршуваат психолошко насилство, 56% од сторителите се или сопруги или сопрузи и 10% отпаѓаат на останатите членови на домаќинството;
- Во случајот со физичкото насилство, 41% од сите случаи се извршени од страна на сопругот и 31% од страна на родителот;
- Примерокот покажува нулта бројка во однос на сопруги извршители на физичко насилство;
- Во однос на сексуалното насилство (прашање упатено само на жените) 100% од извршителите биле сопрузите или поранешните интимни партнери (сопрузи или други).

## Ставови

- Општо земено, се забележува тенденција на присуство на конзервативни ставови кај населението и во најголемиот број случаи повеќе се јавуваат кај мажите отколку кај жените;
- Се забележа многу големо отфрлање на појавата на сексуално насилство во односите сопруг/сопруга (79% отсуство на одговори на прашањето: дали се согласувате дека е обврска на сопругата/жената да води љубов/да има секс со својот сопруг/партнер дури и кога е против нејзина волја). МЕЃУТОА, значително висок удел од населението се има согласено со оваа изјава!;
- Отфрлањето е повисоко кај жените 81.5%, отколку кај мажите 77.6%;
- Перцепциите дека мажите се главни придонесувачи кон буџетот на семејството се сѐ уште силни, но истото важи и за прифаќањето на жените како економски придонесувачи кон буџетот на домаќинството;
- Иако постои силна согласност кај жените и мажите дека сопрузите и сопругите треба да ги изразуваат разликите во однос на нивните односи однесувања и мислења, постои силно чувство дека дискусиите треба да бидат исклучиво приватни.

## Хипотетичко известување на случаи

- Во однос на ХИПОТЕТИЧКОТО прашање за тоа кого би го известиле за случај на доживеано насилство, има бројни разлики кај жените и мажите;
- Општо земено, помалку веројатно е дека мажите ќе известат за насилство, а што е конзистентно со меѓународните наоди;

- Поверојатно е жените да известат за насилство кај родителите (сопствени или на партнерот), како и кај други роднини;
- Мажите и жените би се потпреле врз пријателите во речиси исти односи како и врз соседите;
- Во однос на институциите, мажите би биле подготвени да одат во полиција отколку жените, но жените повеќе би се потпреле на докторите и медицинските сестри, иако не во големи бројки во однос и на едниот и на другиот случај;
- НВО не е претпочитан избор кај респондентите во однос на одговорите што се дадени во оваа батерија на прашања кои се однесуваат на „Хипотетичко известување на случаи" и соодносот на мажи и жени кои периодично се јавуваат кај нив е под измереното ниво на доверба во социјалните работници.

### Свесност за политиките и законодавството

- Постои добро познавање на криминализацијата на насилството (91% одговориле дека знаат дека дејствата на семејно насилство претставуваат кривични дела);
- Постои добро познавање на политиките (76% потврдиле дека постојат социјални служби за заштита на жртвите);
- Меѓутоа, постои помалку специфично знаење за правните чекори што можат да се преземат, особено во однос на заштитата на жртвите и казнување на сторителите (само 45%);
- Ова последно прашање, кое исто така може да се протолкува како мислење изразено во однос на делотворноста, барем согласно начинот на кој беше искажано.

### Служби (фактичка употреба и рангирање)

- Имаше ограничен број одговори од страна на оние кои искусиле насилство, па така треба да се употребат други начини на проценување како анкети за мерење на задоволството на клиентите;
- Најупотребуваните услуги се оние на полицијата, центрите за социјална работа и здравствените домови;
- Меѓутоа, повеќе од 3/4 од инцидентите НЕ се известени кај ниту една од јавно достапните служби;
- Македонците се единствената национална група која најверојатно ќе ги пријави овие случаи во институциите, особено во полицијата, а Албанците (ако воопшто пријавуваат) би ги избрале здравствените служби;
- Во однос на квалитетот, постои високо ниво на задоволство во врска со услугите на НВО и на здравствената заштита;
- Од друга страна, задоволството од полицијата и центрите за социјална работа е многу ниско;
- Меѓу најчесто наведените причини за незадоволство беа недостиг на интерес и недостиг на ефикасност како и одговори од типот „останато";
- Во однос на конечните резултати, како последица на контактирањето на различни служби коментарите се многу малку на број, меѓутоа најзачестените одговори се дека била дадена психосоцијална поддршка.

### Кампања

- Општо земено, анкетата покажува многу добри резултати, 73% од примерокот бил запознаен со кампањата и 79% од оние кои знаеле за кампањата изјавиле дека им се допаѓа;
- Меѓутоа, познавањето на главниот слоган на кампањата беше околу 54% (или точно како што бил слоганот или пак, речиси точно).

### Логит моделирање

- Овој вид моделирање дозволува проценување на здружен начин на варијаблите кои може да ја зголемуваат или намалуваат веројатноста да се искуси насилство за поединци, зависно од пакет избрани варијабли засновани на дескриптивна анализа (возраст, етничка припадност,

локација, статус на вработеност итн.) и според видот на насилство. Овие беа пресметани одделно за мажи и за жени. Имајќи ги предвид ниските резултати за физичко и сексуално насилство[2] овој вид на моделирање овозможува да се извлечат дополнителни информации, особено од родова перспектива, од варијаблите кои најмногу влијаат (позитивно или негативно) врз веројатноста да се доживее насилство.

### Резултати за каков и да е вид насилство и психолошко насилство

- Моделите покажуваат дека кај жените постои поголема веројатност да доживеат насилство во помладите години (веројатноста се намалува со возраста, а ова важи и за мажите);
- Поголем број деца присутни во домаќинството исто така ја намалува веројатноста за насилство кај жените, но ова не е значајна варијабла во случајот кај мажите;
- Веројатноста за насилство се намалува со зголемувањето на нивото на образованието и кај мажи и кај жени, но во случајот на жените како статистички значајно се јавува терциерното образование (што може да се толкува исто така, и со повисок степен на економска зајакнатост);
- Нивото на трошоци воопшто не се јави како статистички значајна варијабла во зголемувањето или намалувањето на насилството и кај мажите и кај жените;
- Статусот на пазарот на труд се увиде дека не е воопшто статистички значаен во зголемувањето или намалувањето на насилството и кај мажите и кај жените;
- Големината на домаќинството се увиде дека не е воопшто статистички значајно во зголемувањето или намалувањето на насилството и кај мажите и кај жените;
- Регионот во кој се живее се увиде дека е значаен, постои одредена разлика кај жените и мажите, поконкретно во однос на тоа во кој од регионите живеат веројатноста за насилство значително се намалува или зголемува;
- Урбаните жители (и мажи и жени) имаат пониска веројатност за доживување насилство отколку жителите во руралните области;
- Споредено со македонските мажи и жени, само Албанците покажуваат пониска веројатност за доживување насилство, но ова не беше утврдено како статистички значајно во случајот со жените. Кај сите останати етнички групи постои повисока веројатност дека би доживеале насилство, додека единствената статистички значајна разлика е кај Ромките (кај нив е 380% поголема веројатност за искусување на каков и да е вид насилство споредено со онаа кај Македонките).

### Резултати за физичко и сексуално насилство

- Имајќи го предвид малиот број на случаи во примерокот во однос на физичкото и особено на сексуалното насилство, моделирањето беше изведено вклучувајќи ги обата вида насилство. Моделирањето беше изведено само за жените бидејќи тие се група која извонредно многу доживува ваков вид насилство и заради фактот дека во однос на сексуалното насилство само жени беа вклучени во примерокот;
- Возраста, бројот на деца, образованието, статусот на пазарот на труд, големината на домаќинството и регионот беа утврдени дека немаат статистичка значајност како фактори во зголемување или намалување на веројатноста на доживување насилство како што беше случај во однос на претходното;
- Повисоките нивоа на трошоци на домаќинствата ја намалуваат веројатноста жените да доживеат насилство (средниот квинтил и високиот квинтил имаат статистичка значајност);
- Кај жените што живеат во урбаните области постои помала веројатност дека ќе доживеат насилство (57.9% малку веројатно или намалена веројатност за повеќе од половина);
- Етничката припадност е значителна варијабла и е потврдено дека Албанките имаат помала веројатност да искусат насилство (за 15%) отколку Македонките.

[2] Ова прашање се однесува само на жени респонденти.

**Некои препораки:**

- Анкетата може да се употреби за да се направи понатамошно истражување на специфичните групи (млади и оние со несигурна економска ситуација) и исто така за да се тестираат некои други аспекти на родовата димензија кои ние немавме можност целосно да ги истражиме. Таа треба да биде достапна на истражувачките центри за понатамошно истражување;
- Најдени се некои случаи во примерокот кои се многу екстремни во покажувањето дека службите, особено социјалните служби, треба да бидат зајакнати и соодветно финансирани за да се зголеми нивниот учинок во идентификувањето и обезбедувањето на делотворна поддршка на оние на кои им е најмногу потребна;
- Кампањите треба да бидат прилагодени за да испраќаат пораки до најранливите групи (деца, млади, и секако жени, особено во руралните области, со пониски образовни нивоа и помали економски можности) без да се заборава дека стапките на преваленца се прилично високи за психичкото насилство;
- Силните индикации дека образовното ниво, етничката припадност и локацијата имаат силно влијание врз веројатноста да се доживее насилство, посочуваат на потребата да се ревидира стратегијата за мерките, да се осигури дека конкретните групи и општини се во фокусот на вниманието во планирањето и спроведувањето на истите. Проценувањето на културно прифатените пристапи и земањето предвид на потребите за социјална инклузија на групите се особено важни во адресирањето и спречувањето на семејното насилство и особено на насилството врз жените. Ова е многу важно особено во светло на фактот дека главно Македонците ги пријавуваат случаите во службените институции, додека кај останатите етнички групи  постои помала веројатност да го сторат тоа;
- Потешките видови насилство се чини имаат силна поврзаност со економското ниво на домаќинството. Програмите за зајакнување на жените, кои го претставуваат мнозинството од жртвите, треба да продолжат и да се зајакнат;
- Одговорите од жртвите за квалитетот на јавните служби посочуваат дека постои простор за подобрување. Поширока оценка на овие служби/услуги би помогнала да се фрли светлина на главните причини за незадоволството особено кај жртвите, но ова исто така може да се поврзе со изведување на поширока вежба во блиска иднина за оценка на јавните служби воопшто. Подобрувањето на здравствените, социјалните и полициските услуги се клучни за фактичките и хипотетички случаи на насилство согласно резултатите од анкетата;
- Кампањите досега имаат допрено до најголемиот дел од населението во Македонија и се прифатени од мнозинството. Имајќи ги предвид резултатите од анкетата би било корисно да се примени поспецијализиран пристап кон одредени групи во општеството;
- Постојат бројни технички и методолошки препораки во кореспондентните делови од извештајот кои треба да се земат предвид со цел да се подобрат идните анкети од ваков вид осигурувајќи дека постојат соодветни финансиски и временски ресурси.

# 1. Кус вовед во врска со проектот и главните цели на анкетата

Во последните пет години, Владата на ПЈР Македонија ги има зголемено своите напори за борба со феноменот на семејно насилство и негово спречување во земјата. Беа спроведени промени во законодавната рамка за адекватно да се адресира ова прашање и да се подобрат мерките за заштита и превенција. Покрај амандманите на законите во 2008 година беше донесена и Национална стратегија за заштита од семејно насилство (2008-2011 година).

Како поддршка на напорите на Владата да се спроведе Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011 година, Агенциите на Обединетите нации во земјата развија повеќеаспектна заедничка Програма за семејното насилство. Програмата цели да им даде поддршка на Владата и на граѓанското општество во подобрувањето на меѓусекторската и внатресекторската координација и зајакнување на механизмите за превенција на насилството и обезбедување на соодветни услуги за поддршка на жртвите. Една од главните области во фокус на Националната стратегија е подобрувањето на статистичките податоци за семејното насилство во земјата, цел која е поддржана и со оваа програма.

Службените статистички податоци за случаите на семејно насилство се прибираат од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика преку доказите кои се прибираат од страна на Институтот за социјална работа со инпути од Центрите за социјална работа (ЦСРи). Институтот за социјална работа го категоризира семејното насилство во 11 категории на социјални ризици и прибира податоци за жртвите на семејно насилство, но и за сторителите. Исто така, тој собира податоци за видот и бројот на социјални ризици кај регистрираните случаи во ЦСРи. Податоците за семејното насилство се прибираат и од страна на судовите врз основа на конечните пресуди во случаи на кривични дела од типот на семејно насилство.

Меѓутоа, податоците за преваленцата и инциденцата [3] на семејното насилство во земјата досега не се собирале редовно. Собирањето податоци од погоре наведените институции го одразува само бројот на регистрирани случаи, и така нужно не ги одразува вкупните бројки на инциденции ниту пак ги опфаќа сите форми на семејно насилство. Постојат достапни студии за насилството врз жените во семејството произведени од страна на локални НВО од 2002 и 2006 година.[4] Овие извештаи јасно покажуваат дека постои потреба од зајакнување на политиките за адресирање на ова прашање, вклучително и анкети на национално ниво.

Анкетата што е анализирана во овој извештај придонесе кон подобрување на знаењето и податоците за семејното насилство, а и се надева дека ќе го прошири целокупниот капацитет за креирање политики засновани врз докази, како и нивно спроведување.

---

3 Погледнете ги релевантните делови за дефинициите.

4 Овие извештаи може да се добијат на http://www.esem.org.mk/Root/mak/default_mak.asp.

Резултатите од анкетата беа употребени во овој извештај вклучително и сеопфатната анализа на инциденцата и преваленцата на семејното насилство, обемот и опсегот на феноменот и неговата родова димензија, како и главните причини и последици од него. Тој прави обид да употребува, на ниво на цела држава, квантитативни методи на анкетирање кои се на иста линија со Прирачникот на УНОДЦ-УНЕЦЕ за анкети за виктимизација (прашалник и методологија)[5]. Всушност, иако овие упатства се следени до најголем можен степен, **анкетата не е анкета за родово засновано насилство, ниту пак е анкета за насилство врз жените. Таа ги вклучува и мажите и главниот контекст е законодавството за семејното насилство во ПЈР Македонија.**

Анкетата беше спроведувана во тесна координација со УНДП, останатите агенции на ОН и националните партнери во рамките на Заедничката програма на Обединетите нации за спречување на семејното насилство (УНФПА, УН Жени, СЗО и УНИЦЕФ). Беа спроведени серија на состаноци за подготвувањето на анкетата, како и бројни комуникации за инпути во прашалникот на анкетата, рамката за извлекување на примерокот и достапните ресурси (вклучително и времето).

**Крајната цел на оваа анкета беше да им обезбеди на националните чинители сеопфатна анализа на семејното насилство вклучително и на причините, видовите, инциденцата, преваленцата, зачестеноста и тежината.**

Поконкретна цел на овој проект беше да придонесе кон подобрување на знаењето и податоците за СН, како и да се прошири целокупниот капацитет за креирање политики засновани на докази и нивно спроведување. Поради тоа, оваа студија беше инкорпорирана во рамката на проектните активности планирани за 2011 и 2012 година.

Презентираниот извештај од студијата е дизајниран на таков начин да:

**a)** ги проценува причините, видовите, инциденцата, преваленцата, зачестеноста и тежината, опсегот, влијанието и главните фактори кои водат кон семејно насилство, засновано врз собрани квантитативни податоци;

**b)** го одреди степенот на знаење, ставови и перцепција и погрешните претстави (стереотипите) во однос на семејното насилство кај најшироката јавност;

**c)** развие пакет на конкретни препораки за политиките и законодавството засновани на резултатите од точките а) и b), со цел да ги наброи и накусо да ги опише главните компоненти на можните национални политики за борба против семејното насилство.

Ова е основна анкета и беше спроведена на национален примерок од 2100 жени и мажи, граѓани на Република Македонија. Поради тоа, таа претставува прва национална студија на семејното насилство која вклучува и мажи и жени на возраст од 15 години и постари.

[5] Прирачник на УНОДЦ-УНЕЦЕ за анкети за виктимизација http://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/Crime-statistics/Manual_on_Victimization_surveys_2009_web.pdf

# 2. Технички и методолошки опис на анкетата

Анкетата беше изведена во периодот од 27 март до 4 април 2012 година од страна на агенцијата за мерење на јавното мислење БРИМА Скопје, придружен член на ГАЛУП интернешнал. Применетиот метод на анкетирање беше интервјуа „лице в лице" (молив и хартија). Интервјуата се одржуваа во просториите на домаќинствата на респондентите.

Примерокот беше дизајниран од страна на Државниот завод за статистика на Република Македонија. Тој содржи 300 примерочни точки избрани по случаен пат и стратификувани според региони (во согласност со NUTS 3[66] номенклатурата на EUROSTAT) и според урбани/рурални области. Во секој од примерочните точки беа избрани и интервјуирани по 7 респонденти.

Пред да се лансира теренското истражување беше одржан брифинг на сите македонски и албански регионални супервизори и тоа на 23 и 24 февруари во седиштето на БРИМА во Скопје. Обуките беа одржани од страна на експерти за анкетирање на УНДП и од проектниот менаџер на БРИМА; Во текот на обуките беше разговарано за прашалникот, адресирајќи го секое прашање одделно. Беа симулирани ситуации од примерокот и лицата што беа обучувани учествуваа во играњето улоги. На брифингот беа прегледани процедурите за избор на респонденти и беа дискутирани сите специфичности на анкетата.

Домаќинствата беа избрани со употреба на принципи на рута според случаен избор[7]. Интервјуерите беа инструирани да се обидат да го спроведат интервјуто во секое трето домаќинство (адреса) што се наоѓа на левата страна на улиците кои по случаен пат беа избрани за почетна точка.

Во блокови на станови со до четири ката интервјуерите избраа педесет домаќинства (станови), броејќи ги становите во правец на стрелката на часовникот почнувајќи од првиот на левата страна на приземјето и качувајќи се нагоре по скалите. Во оние згради што се со пет и повеќе катови интервјуерите го избираа секое десетто домаќинство.

Респондентите беа избрани со примена на методот „следен роденден". Сите членови на возраст од 15+ години беа впишани според нивните датуми на раѓање и лицето кое следно има роденден (во иднина) беше запрашано да биде насамо интервјуирано.

Недостапните домаќинства/респонденти беа заменети по три неуспешни обиди да се оствари интервјуто (прва посета и две повторни посети). Како резултат на тоа 88.5% од интервјуата беа изведени при прва посета, 10% на следната и 1.5% на третата посета кај респондентот.

Вкупната стапка на одбивање беше 21%, но СИТЕ беа заменети и ефективно беа анкетирани 2100 лица.

---

6 NUTS значи Номенклатура на единици за територијална статистика; NUTS нивоа: национални, NUTS 1 региони, NUTS 2 региони, NUTS 3 региони. Тие се употребуваат од страна на Европската канцеларија за статистика Еуростат (EUROSTAT).

7 Види белешки во Техничкиот анекс.

**Табела 2.1** **Вкупен број на одбивања согласно регион и причини**

| **Одбивања според регион** | |
|---|---|
| Вардарски регион | = 36 одбивања, |
| Источен регион | = 63 одбивања, |
| Јужнозападен регион | = 44 одбивања, |
| Југоисточен регион | = 77 одбивања, |
| Пелагониски регион | = 50 одбивања, |
| Полошки регион | = 82 одбивања, |
| Североисточен регион | = 49 одбивања, |
| Скопје регион | = 226 одбивања |

| **Причини за одбивања да се одговори** |
|---|
| • Премногу зафатен/а за да учествува (412) |
| • Не е доволно информиран/а за да даде одговор на прашањето (13) |
| • Недостиг на интерес (28) |
| • Лицето што е контактирано само што учествувало во слично анкетирање (10) |
| • Отпор (10) |
| • Женски член на домаќинството којашто е сама за време на контактирањето и не е волна да продолжи со анкетирањето (28) |
| • Истражувањето се случува во тек на семеен настан (32) |
| • Непријатни искуства со претходни анкетирања (5) |
| • Загриженост заради анонимноста и доверливоста (7) |
| • Останати причини (82) |

Сите спроведени интервјуа се подложени на контрола во однос на соодветно администрирање односно 1095 респонденти (52%) беа подложени на контрола. Директно мониторирани од страна на супервизорите беа 10% од спроведените интервјуа, додека 18% подоцна беа повторно подложени на контрола лично од страна на супервизорите, а 24% од вкупниот број интервјуа беа дополнително проверени телефонски.

Беа идентификувани неколку важни ограничувања во примената на методологијата:

- Беше тешко да се осигури приватноста во текот на интервјуата, особено во поголемите домаќинства. Како последица на тоа, беа собрани помалку податоци што се однесуваат на некои потешки форми на насилство како што се физичкото и сексуалното насилство отколку што се очекуваше. Ова направи да биде потешко да се изведе цврста анализа во поврзувањето на обемот и тежината на овие форми на насилство[8];
- Поради застарени податоци од Пописот (2002 година), примената на принципите на трасирање по случаен пат не се покажа како најсоодветен пристап за добивање на податоци кои не содржат пристрасност. Во вакивте околности изборот кој почива на едноставен случаен избор ќе беше посоодветен метод, но ова обично е процес кој бара подолго време и кој доколку се примени ќе ја оддолжеше динамиката на проектот. Анкетирањето со теренска структура преку броење на домаќинствата ќе ги надминеше временските ограничувања кои беа наметнати со овој проект;
- Имајќи ја предвид важноста на родовата компонента во справувањето со проблемот на семејното насилство (како што е дискутирано во подолу изложената анализа), примената на анкетата на општата популација би можела да скрие важни информации во врска со овој феномен. Од една страна поголем број жени во примерокот беше чекор со кој се направи обид да се надмине ова. Меѓутоа, ниските стапки на физичко и сексуално насилство кои се добија посочуваат на потребата да се зголеми големината на примерокот во идните анкетирања со цел да се добие подобра слика за овој феномен.

Сепак ова е основна анкета и резултатите кои се добија со неа даваат само една општа слика за прашањата што се разгледуваат, особено од гледна точка на политиките. Се препорачува овие забелешки во врска со дизајнот на анкетата и извлекувањето на примерокот да се земат предвид при следните анкетирања.

[8] Меѓутоа, во релевантните делови на анализа на преваленцата (Поглавје 5) се спроведоа некои статистички анализи за да се појасни каков ефект имаше ваквиот недостаток на приватност.

# 3. Анализа на демографските податоци од анкетата

Следните табели ги покажуваат главните демографски карактеристики на анкетата. На прво место, Табелата 3.1 го дава бројот на мажи и жени кои учествувале во анкетата. Иако тука постои намерна пристрасност кон жените во примерокот, имајќи ги предвид меѓународните студии кои посочуваат кон постоење на повисока преваленца на семејно насилство од страна на интимните партнери врз жените[9], другите варијабли во примерокот покажуваат, како што и беше изнесено во претходното поглавје дека изборот на рамката за извлекување на примерокот и големината на примерокот не се идеални за проблемот соодветно да се долови.

**Табела 3.1 Број и процент на мажи и жени вклучени во примерокот**

| | Зачестеност | % |
|---|---|---|
| **Мажи** | 918 | 43.7 |
| **Жени** | 1182 | 56.3 |
| **Вкупно** | 2100 | 100.0 |

Вкупниот број на лица кои беа анкетирани распределени според региони е прикажан во табела 3.2 одразувајќи го изборот на стратификувани региони (NUTS 3).

**Табела 3.2 Број и процент на лица кои се интервјуирани според регион и пол**

| Регион | Зачестеност вкупно | % | Зачестеност мажи | % | Зачестеност жени | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1 Вардарски** | 203 | 9.7 | 77 | 8,4 | 875 | 74,0 |
| **2 Источен** | 231 | 11.0 | 96 | 10,5 | 202 | 17,1 |
| **3 Југозападен** | 245 | 11.7 | 115 | 12,5 | 24 | 2,0 |
| **4 Југоисточен** | 217 | 10.3 | 90 | 9,8 | 36 | 3,0 |
| **5 Пелагониски** | 266 | 12.7 | 113 | 12,3 | 2 | 0,2 |
| **6 Полошки** | 287 | 13.7 | 149 | 16,2 | 22 | 1,9 |
| **7 Североисточен** | 217 | 10.3 | 81 | 8,8 | 15 | 1,3 |
| **8 Скопски** | 434 | 20.7 | 197 | 21,5 | 6 | 0,5 |
| **Вкупно** | 2100 | 100.0 | 918 | 100 | 1182 | 100,0 |

9 Иако некои меѓународни и регионални студии исто така покажуваат проблем на насилство врз интимниот партнер од страна на мажи (Hines, et al 2001 and Selic, et al 2011) доказите забележително посочуваат на огромно мнозинство случаи кај жените.

Бројот и дистрибуцијата на лица што учествуваат во примерокот во однос на нивната поврзаност со главата на домаќинството[10] е даден во Табела 3.3. Просечната големина на домаќинствата во Македонија е 3.2 лица и бидејќи се вклучени и домаќинства од едно лице дистрибуцијата која е дадена е конзистентна со останатите примероци засновани на домаќинства кои неодамна биле користени во Македонија.

**Табела 3.3 Број и процент на лица во примерокот во согласност со нивната поврзаност со главата на домаќинството (домаќинства со повеќе лица)**

| Поврзаност со главата на домаќинството | Зачестеност вкупно | % | Зачестеност мажи | % | Зачестеност жени | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 Глава на домаќинството | 712 | 37,7 | 618 | 72,8 | 94 | 9,0 |
| 2 Брачен другар или партнер | 713 | 37,7 | 11 | 1,3 | 702 | 67,4 |
| 3 Дете на главата на домаќинството | 345 | 18,2 | 199 | 23,4 | 146 | 14,0 |
| 4 Родител на главата на домаќинството | 37 | 2,0 | 4 | 0,5 | 33 | 3,2 |
| 5 Други роднини | 77 | 4,1 | 14 | 1,6 | 63 | 6,0 |
| 6 Други лица кои не се во роднинска врска | 7 | 0,4 | 3 | 0,4 | 4 | 0,4 |
| Вкупно | 1891 | 100.0 | 849 | 100.0 | 1042 | 100.0 |

Табела 3.4 ја дава возрасната структура на примерокот и ја споредува со процентната структура на населението согласно УНЕЦЕ и засновано на службени статистички извори од Македонија. Општо земено, помладите возрасни групи во примерокот се помалку застапени додека постарите возрасни групи се прекумерно застапени[11]. И покрај ова, општо земено анализата на преваленцата на семејното насилство покажува многу висока преваленца кај младите, како што ќе покажат и следните поглавја.

**Табела 3.4 Број и процент на лица во примерокот според возраст распределени во групи од по пет години и според пол**

| Возрасна група | Вкупно | % | % согласно УНЕЦЕ (2010 година)[12] | Зачестеност мажи | % | Зачестеност жени | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15-19 | 94 | 4,5 | 9,1 | 37 | 4,0 | 57 | 4,8 |
| 20-24 | 140 | 6,7 | 9,7 | 68 | 7,4 | 72 | 6,1 |
| 25-29 | 166 | 7,9 | 9,8 | 75 | 8,2 | 91 | 7,7 |
| 30-34 | 164 | 7,8 | 9,3 | 62 | 6,8 | 102 | 8,6 |
| 35-39 | 171 | 8,1 | 8,9 | 76 | 8,3 | 95 | 8,0 |
| 40-44 | 163 | 7,8 | 8,8 | 63 | 6,9 | 100 | 8,5 |
| 45-49 | 169 | 8,0 | 8,7 | 85 | 9,3 | 84 | 7,1 |
| 50-54 | 193 | 9,2 | 8,4 | 95 | 10,3 | 98 | 8,3 |
| 55-59 | 204 | 9,7 | 7,7 | 81 | 8,8 | 123 | 10,4 |
| 60-64 | 213 | 10,1 | 6,2 | 86 | 9,4 | 127 | 10,7 |
| 65-69 | 146 | 7,0 | 4,8 | 65 | 7,1 | 81 | 6,9 |
| 70-74 | 138 | 6,6 | 4,1 | 64 | 7,0 | 74 | 6,3 |
| 75+ | 139 | 6,6 | 3,1 | 61 | 6,6 | 78 | 6,6 |
| Вкупно | 2.100 | 100,0 | 100,0 | 918 | 100,0 | 1.182 | 100,0 |

Конечно, во однос на етничката припадност Табела 3.5 ја дава структурата на населението разделена според оваа важна карактеристика. Во овој случај некои од примероците се мошне мали за да се извлече каков и да е статистички заклучок. Но и покрај тоа, варијаблата е земена предвид за да се анализира преваленцата и е вклучена и во логит моделирањето за да се види влијанието

[10] Во анкетата оваа варијабла е на основа на самоизвестување.
[11] Ова било случај и со анкетите на СЗО за насилство.
[12] Податоците се извлечени од http://www.unece.org/stats/stats.html на 22 мај, 2012 година.

кое може да го има врз зголемувањето или намалувањето на веројатноста за доживување насилство која постои кај одредени лица или кај некои социоекономски карактеристики.

**Табела 3.5 Број и процент на лица во примерокот според етничка припадност и пол**

| Етничка припадност | Зачестеност вкупно | % | Зачестеност мажи | % | Зачестеност жени | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 Македонци | 1501 | 71.5 | 626 | 68,2 | 875 | 74,0 |
| 2 Албанци | 404 | 19.2 | 202 | 22,0 | 202 | 17,1 |
| 3 Турци | 61 | 2.9 | 37 | 4,0 | 24 | 2,0 |
| 4 Роми | 59 | 2.8 | 23 | 2,5 | 36 | 3,0 |
| 5 Власи | 6 | .3 | 4 | 0,4 | 2 | 0,2 |
| 6 Срби | 35 | 1.7 | 13 | 1,4 | 22 | 1,9 |
| 7 Бошњаци | 24 | 1.1 | 9 | 1,0 | 15 | 1,3 |
| 8 Други | 10 | .5 | 4 | 0,4 | 6 | 0,5 |
| Вкупно | 2100 | 100.0 | 918 | 100,0 | 1182 | 100,0 |

# 4. Анализа на инциденца

Согласно статистичките податоци на Економската комисија на Обединетите нации за Европа, **инциденцата на НВЖ**[13] **вклучува броење на бројот на одделни виктимизации или инциденти на насилство извршени врз лица во рамки на специфична демографска група во текот на конкретна временска рамка (1 година, 5 години или во текот на животот). Овие инциденти може да бидат претставени како инциденци или стапки на виктимизација.**

## 4.1 Анализа на инциденцата на психолошко насилство

Во случајот со анкетата која тука се анализира оваа варијабла беше опфатена со зачестеност/фреквенција со која насилството било извршувано од страна на друг член на домаќинството во текот на последните 12 месеци. Во табелите 4.1 и 4.2 прикажана е зачестеноста со која било вршено психичко насилство од страна на сторителот (мажи и жени).

Подлабока анализа на сторителите е дадена во Поглавјето 9.

**Табела 4.1 Зачестеност на виктимизацијата (во последните 12 месеци) од страна на женски сторители (психолошко насилство)**

| Мајка или маќеа | Зачестеност | Колона % |
|---|---|---|
| Еднаш | 9 | 7.6 |
| Неколку пати (до 3 пати) | 57 | 47.9 |
| Многу пати (повеќе од 3 пати) | 50 | 42.0 |
| Одбива | 3 | 2.5 |
| Вкупно | 119 | 100.0 |
| Свекрва | | |
| Еднаш | 3 | 25.0 |
| Неколку пати (до 3 пати) | 2 | 16.7 |
| Многу пати (повеќе од 3 пати) | 4 | 33.3 |
| Одбива | 3 | 25.0 |
| Вкупно | 12 | 100.0 |

[13] http://www.conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=210&CM=1&CL=ENG

| Сестра | | |
|---|---|---|
| Еднаш | 2 | 28.6 |
| Неколку пати (до 3 пати) | 5 | 71.4 |
| Вкупно | 7 | 100.0 |
| Женски член на домаќинството | | |
| Неколку пати (до 3 пати) | 4 | 26.7 |
| Многу пати (повеќе од 3 пати) | 9 | 60.0 |
| Одбива | 2 | 13.3 |
| Вкупно | 15 | 100.0 |
| Сопруга, партнер со кој живеете | | |
| Еднаш | 6 | 3.6 |
| Неколку пати (до 3 пати) | 102 | 61.1 |
| Многу пати (повеќе од 3 пати) | 57 | 34.1 |
| Одбива | 2 | 1.2 |
| Вкупно | 167 | 100.0 |
| Поранешен интимен партнер (жена) | | |
| Неколку пати (до 3 пати) | 1 | 33.3 |
| Многу пати (повеќе од 3 пати) | 1 | 33.3 |
| Одбива | 1 | 33.3 |
| Вкупно | 3 | 100.0 |

**Табела 4.2 Зачестеност на виктимизацијата (во последните 12 месеци) од страна на машки сторители (психолошко насилство)**

| Татко или очув | Зачестеност | Колона % |
|---|---|---|
| Еднаш | 9 | 7.7 |
| Неколку пати (до 3 пати) | 72 | 61.5 |
| Многу пати (повеќе од 3 пати) | 31 | 26.5 |
| Одбива | 5 | 4.3 |
| Вкупно | 117 | 100.0 |
| Свекор | | |
| Неколку пати (до 3 пати) | 3 | 37.5 |
| Многу пати (повеќе од 3 пати) | 2 | 25.0 |
| Одбива | 3 | 37.5 |
| Вкупно | 8 | 100.0 |
| Брат | | |
| Неколку пати (до 3 пати) | 6 | 42.9 |
| Многу пати (повеќе од 3 пати) | 8 | 57.1 |
| Вкупно | 14 | 100.0 |
| Друг машки член на домаќинството | | |
| Еднаш | 2 | 10.5 |
| Неколку пати (до 3 пати) | 8 | 42.1 |
| Многу пати (повеќе од 3 пати) | 8 | 42.1 |
| Одбива | 1 | 5.3 |
| Вкупно | 19 | 100.0 |

| Сопруг, партнер со кој живеете | | |
|---|---|---|
| Еднаш | 13 | 5.6 |
| Неколку пати (до 3 пати) | 115 | 49.8 |
| Многу пати (повеќе од 3 пати) | 96 | 41.6 |
| Одбива | 7 | 3.0 |
| Вкупно | 231 | 100.0 |
| Поранешен интимен партнер (маж) | | |
| Неколку пати (до 3 пати) | 2 | 28.6 |
| Многу пати (повеќе од 3 пати) | 4 | 57.1 |
| Одбива | 1 | 14.3 |
| Вкупно | 7 | 100.0 |

Постојат бројни важни заклучоци кои може да се извлечат од анализата на бројките во овие табели. Најпрво, на мажите членови на домаќинството им отпаѓа поголем процент од сторителите отколку на жените (Ве молиме погледнете го Поглавје 9 каде е дадена поопширна анализа на сторителите). Второ, ако насилството се случува во домаќинството, тоа се случува често. Во Табелите 4.1 и 4.2 може да се забележи дека „еднаш" е секогаш најмалку избираната опција, дури понекогаш и не е избирана зависно од сторителот. Трето, насилството може да биде вршено од страна на повеќе од еден член на семејството. Последно, но не помалку важно, бројот на виктимизации кои беа идентификувани во табелата посочуваат на повисока стапка на инциденца на насилство споредено со стапката на преваленца на психичкото насилство во претходните 12 месеци. Врз основа на овие бројки се гледа дека стапката на инциденца на психолошкото насилство е 34.4% (споредено со 30.7% стапка на преваленца на овој вид насилство, видете следно поглавје).

Кон толкувањето во случајот со родителите мора внимателно да се пристапи, како што е и објаснето во Поглавјето 6 дадено подолу во текстот, бидејќи некои од прашањата за психолошкото насилство вклучени во прашалникот не можат директно да се применат на односите родител - дете и се пософодветни за односите интимни партнери или односи помеѓу возрасни членови на домаќинството кои вообичаено се сметаат за однесувања на контролирање.

## 4.2 Анализа на инциденцата на физичко и сексуално насилство

Во случајот со физичкото насилство, 92 известени случаи покажуваат дека инциденцата е исто така висока (се случува три или повеќе пати во последните 12 месеци) особено кога насилството е извршувано од страна на сопругот.

Во случајот со сексуалното насилство, со анкетата беа детектирани 18 случаи; меѓутоа, во овој случај бројот на сторители и зачестеноста е многу повисока отколку што е случај во однос на психолошкото насилство (34). Стапката на инциденца во овој случај (2.8%) речиси ќе ја удвои пресметаната стапка на преваленца (1.5%). Дополнителната дискусија при анализирањето на преваленцата на сексуалното насилство која е дадена во Поглавјето 8 подолу во текстот, исто така појаснува дека ова е исклучиво сексуално насилство извршено од страна на други членови на домаќинството имајќи предвид дека ова е анкета за семејното насилство и поради тоа не ги вклучува останатите видови на сексуално насилство кои ги искусуваат жените (сексуално малтретирање, насилство од страна на непознати лица итн.).

# 5. Анализа на преваленца дадена во детали разделена според различни лични карактеристики, карактеристики на пазарот на труд или други карактеристики на домаќинството

Ова поглавје одблиску ги разгледува стапките на преваленца кои се добиени од анкетата (број на жртви изразено во проценти и врз основа на примерокот на анкетата). Стапките на преваленца беа анализирани распределени според најрелевантните лични или други карактеристики за кои во други слични студии беше утврдено дека имаат важно влијание врз нивото на преваленца на насилството доживеано од страна на поединци, особено на жени.

**Важно е да се нагласи дека преваленцата овде е во најголема мера психолошка преваленца бидејќи анкетата опфаќа само малку случаи на физичко и сексуално насилство во домаќинствата.**

**Еден друг важен аспект е прашањето на приватност[14] кое овде е длабински анализирано со цел да се утврди дали ова влијае и до кој степен врз одговорите дадени од страна на респондентите, особено во случај на физичко или сексуално насилство.** Анализата на преваленца на ваквите видови насилство е дискутирана во повеќе детали во одделни поглавја (7 и 8). Па така, првиот дел од ова поглавје се занимава со ова важно прашање и се обидува да го мери влијанието кое тоа општо земено го има врз стапките на преваленца.

## 5.1 Влијанието на немање приватност врз преваленцата

Овој дел беше вклучен со цел да се утврди статистички доказ за влијанието на немање приватност врз одговорите дадени од страна на респондентите на прашања од анкетата кои се однесуваат на доживување насилство во тековното домаќинство. Табелата 5.1 дава слика за стапките на преваленца на психолошкото, физичкото и сексуалното насилство согласно бројот на лица кои биле присутни во текот на интервјуто и резултатите од хи-квадрат тестот за целиот примерок (2100 лица) и за примерокот кој не ги вклучува домаќинствата сочинети од едно лице (1,891). Беше изведена општа анализа пред да се изведе и родова анализа.

[14] Теренската работа, согласно договорот со компанијата што го изведуваше анкетирањето траеше само две недели; ова предизвика сериозни ограничувања на можноста да се предоговорат интервјуа за да се осигура приватноста и безбедноста на можните жртви. Погледнете го делот со заклучоците и препораките со цел да се избегне ова во идните наврати на изведување на вакви видови анкети.

**Табела 5.1 Стапки на преваленца за различни видови насилство согласно бројот на лица присутни во текот на интервјуто, сите домаќинства и без вклучување на домаќинствата сочинети од едно лице**

| Лица присутни во текот на интервјуто | Сите видови насилство | Психолошко насилство | Психолошко насилство во последните 12 месеци | Физичко насилство | Сексуално насилство |
|---|---|---|---|---|---|
| СИТЕ ДОМАЌИНСТВА | | | | | |
| Вкупен примерок на сите домаќинства | 37,7 | 36,9 | 30,7 | 4,4 | 1,5 |
| 2 лица | 34,7 | 33,7 | 26,4 | 5,0 | 1,8 |
| 3 лица | 39,0 | 38,2 | 32,2 | 4,0 | 0,7 |
| 4 лица | 42,5 | 41,5 | 37,1 | 3,7 | 2,5 |
| 5 и повеќе лица | 38,3 | 38,3 | 33,8 | 3,8 | 1,4 |
| Хи-квадрат/ сооднос на веројатност | 6.66** | 7.21** | 14.70* | 4,14 | 3,05 |
| P | 0,084 | 0,065 | 0,002 | 0,247 | 0,383 |
| Df | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| БЕЗ ДОМАЌИНСТВА СОЧИНЕТИ ОД ЕДНО ЛИЦЕ | | | | | |
| Вкупен примерок без домаќинства сочинети од едно лице | 39,6 | 38,9 | 33,5 | 4,1 | 1,4 |
| 2 лица | 37,4 | 36,8 | 31,0 | 4,4 | 1,8 |
| 3 лица | 40,3 | 39,6 | 34,0 | 4,1 | 0,5 |
| 4 лица | 43,2 | 42,1 | 38,0 | 3,4 | 2,6 |
| 5 и повеќе лица | 38,9 | 38,9 | 34,4 | 3,8 | 1,4 |
| Хи-квадрат/ сооднос на веројатност | 3,11 | 2,69 | 4,75 | 0,54 | 4,06 |
| p | 0,375 | 0,442 | 0,191 | 0,910 | 0,25 |
| df | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |

**Потребна претпазливост:** На прво место, 2 лица присутни значи дека биле присутни само интервјуер и респондент, со други зборови – интервјуто е изведено во целосна приватност. Второ, категоријата „вкупно" беше вклучена само како насока за читателот и НЕ беше вклучена во пресметката на хи-квадрат статистиката. Конечно, не е познато дали сторителот е присутен бидејќи нема информација во анкетата која би покажала кој е всушност присутен во текот на интервјуто.

Враќајќи се на резултатите од Табелата 5.1, хи-квадратот покажува дека има силна поврзаност во разликите во стапките на преваленца според бројот на лица присутни во домаќинството за време на интервјуто и тоа за сите форми на насилство, психолошко насилство и психолошко насилство во последните 12 месеци во тековното домаќинство. Но матрицата е обратна од она што може да се очекува: повисоки стапки на преваленца се известени кога повеќе лица (независно дали се членови на домаќинството или не) биле присутни се до број од четири. Очекуваниот пад во преваленцата се случува во домаќинства каде 5 или повеќе лица биле присутни во текот на интервјуирањето.

Во однос на физичкото насилство, иако општо земено тоа навистина има пониска преваленца, кога има повеќе лица присутни не е најден статистички значаен резултат за разликите во стапките на преваленца помеѓу категориите на број на лица присутни во текот на интервјуто. Ние забележуваме дека преваленцата не е многу различна во секој од случаите.

Во случајот со сексуалното насилство (а кое е релевантно само во однос на жените), нема статистичка значајност помеѓу разликите во стапките на преваленца поврзани со недостигот на приватност во текот на интервјуто. Во дополнение, се забележа многу нередовна матрица како што се зголемуваше бројот на лица присутни во домаќинството во текот на интервјуирањето. Ние пресметавме само за категориите присутни 2 лица и 3 лица или повеќе и го добивме истиот резултат: не се јавува статистичка значајност кај разликата во стапките на преваленца и падот во стапката кај случаи во кои во текот на интервјуто биле присутни 2 до 3 или повеќе лица.

Понатаму, кога се изземаат домаќинствата сочинети од едно лице од пресметките (како и што би биле по дефиниција кога нема никој друг во домаќинството и поради тоа приватноста не се јавува како проблем) нема статистичка значајност во разликите помеѓу стапките на преваленца за сите видови насилство, иако се забележува истата матрица.

Имајќи го предвид недостигот од статистичка значајност, ние можеме да кажеме дека всушност респондентите во оваа анкета кои одлучиле да известат за своето искуство на сексуално и/или физичко насилство тоа го сториле независно од тоа кој бил присутен во време на интервјуирањето. Исто така, во случајот со сексуалното насилство беше употребена картичка за да се олесни одговорот, како и за да се осигури што е можно повеќе дека постои приватност[15].

**Меѓутоа, ова не прави обид на никој начин да се санкционира фактот дека приватноста не е строго почитувана во текот на теренската анкетна работа.** Напротив, тоа е индикација, според нас, дека секое идно анкетирање од овој вид мора да има доволно ресурси, вклучително и време и соодветни финансиски ресурси за да се осигури приватноста и безбедноста на респондентите и за да прикаже пореалистична слика за физичкото и сексуалното насилство. Повторно, како што и беше спомнато во поглавјето за методологијата, потребен е многу поголем примерок со цел соодветно да се опфати физичкото и сексуалното насилство во секој случај, а не само за да се осигури приватноста.

За да се потенцира дополнително важноста на ова, Фигурата 5-1 го прикажува во графичка форма влијанието што го има присуството на други лица во домот во текот на интервјуто врз стапките на преваленца.

**Фигура 5-1 Стапки на преваленца согласно бројот на лица присутни во текот на интервјуто**




Во однос на влијанието на немањето приватност распределено според пол, Табелата 5.2 ги дава резултатите од статистичкиот тест со хи-квадрат што резултира во тоа што статистичка значајност во најголемиот број од случаите за целиот примерок не е утврдена (изземањето на домаќинствата сочинети од едно лице не е прикажано бидејќи не се важни во овој случај).

15 Ова исто така е проверка на квалитетот на работата на компанијата која го изведуваше анкетирањето бидејќи упатствата да се употребува карта во случај кога не може да се осигури приватноста или пак да се побара да се зборува насамо во домот беа следени секогаш кога тоа беше возможно.

**Табела 5.2 Стапки на преваленца за различни видови насилство распределени според бројот на лица присутни во текот на интервјуто, сите домаќинства, жени и мажи**

| Лица присутни во текот на интервјуто | Сите видови насилство | Психолошко насилство | Психолошко насилство во последните 12 месеци | Физичко насилство | Сексуално насилство |
|---|---|---|---|---|---|
| ЖЕНИ | | | | | |
| Вкупен примерок | 39,4 | 38,2 | 31,1 | 6,1 | 1,5 |
| 2 лица | 36,4 | 35,2 | 27,1 | 6,2 | 1,8 |
| 3 лица | 40,2 | 39,3 | 33,3 | 6,7 | 0,7 |
| 4 лица | 47,5 | 45,6 | 39,2 | 5,1 | 2,5 |
| 5 и повеќе лица | 40,0 | 40,0 | 31,4 | 4,3 | 1,4 |
| Хи-квадрат/коефициент на веројатност | 6.47** | 6,08 | 9.84* | 0,94 | 3,05 |
| P | 0,091 | 0,108 | 0,020 | 0,817 | 0,383 |
| Df | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| МАЖИ | | | | | |
| Вкупен примерок | 35,5 | 35,1 | 30,1 | 2,2 | n.d. |
| 2 лица | 31,7 | 31,0 | 25,1 | 3,0 | n.d. |
| 3 лица | 37,7 | 37,2 | 31,1 | 1,5 | n.d. |
| 4 лица | 36,9 | 36,9 | 34,8 | 2,1 | n.d. |
| 5 и повеќе лица | 36,5 | 36,5 | 36,5 | 3,2 | n.d. |
| Хи-квадрат/коефициент на веројатност | 2,95 | 3,28 | 6.52** | 2,18 | n.d. |
| p | 0,399 | 0,351 | 0,089 | 0,535 | n.d. |
| df | 3 | 3 | 3 | 3 | n.d. |

Една друга важна информација во анкетата која може дополнително да го разјасни влијанието на присуството на друг член на домаќинството врз состојбата на респондентот е прикажана во Табела 5.3 во која е одразено нивото на разбирање на прашалникот според процената на интервјуерите. Постои огромно мнозинство од 2100 лица што биле интервјуирани (2007 или 95.5%) кои немале проблем или ги разбирале речиси сите прашања. Оние на кои им била потребна мала помош од страна на интервјуерот или пак не ги разбирале прашањата се само неколкумина.

**Табела 5.3 Ниво на разбирање на прашалникот од страна на респондентот распределено според бројот на лица присутни во текот на интервјуто (апсолутни бројки)**

| Број на лица присутни во текот на интервјуто | Респондентот ги разбира сите прашања | Респондентот ги разбира речиси сите прашања | Респондентот ги разбира прашањата со помош од интервјуерот | Респондентот имал тешкотии при разбирањето на прашањата | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 779 | 54 | 13 | 6 | 852 |
| 3 | 701 | 65 | 45 | 5 | 816 |
| 4 | 252 | 27 | 18 | 2 | 299 |
| 5 или повеќе | 110 | 19 | 3 | 1 | 133 |
| Вкупно | 1842 | 165 | 79 | 14 | 2100 |

Подолу дадената Табела 5.4 исто така покажува дека во најголемиот број од случаите каде имало и други лица присутни во текот на интервјуто тие не се мешале во интервјуто. Табелата исто така покажува дека всушност само во 232 случаи имало некаков вид на мешање. Табелата исто така служи и како контрола на анкетата бидејќи навистина присутни 2 лица ги подразбира само респондентот

и интервјуерот (нула во првиот ред). Фактот дека во некои случаи имало лица кои се забележани во последната колона како присутни може да се должи на лица кои влегле и излегле на почетокот и на крајот на интервјуто.

**Табела 5.4 Однесување на други лица присутни во текот на интервјуто**

| Лица присутни во текот на интервјуто | Не се мешале во интервјуто | Имале неколку коментари и сугерирале неколку одговори | Тие значенски учествувале и сугерирале одговори | Тие се мешале и го реметеле интервјуто | Немало други лица присутни во текот на интервјуто | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 852 | 852 |
| 3 | 659 | 114 | 16 | 1 | 26 | 816 |
| 4 | 233 | 54 | 9 | 2 | 1 | 299 |
| 5 или повеќе | 96 | 32 | 4 | 0 | 1 | 133 |
| Вкупно | 988 | 200 | 29 | 3 | 880 | 2100 |

Главниот заклучок е дека иако има некакво прифаќање на фактот дека приватноста не била осигурена во најголемиот број на интервјуа, влијанието што тоа го имало, барем од оние податоци што се достапни во анкетата и изведените статистички тестови, не може да биде издвоено како главна причина за ниската преваленца и на физичко и на сексуално насилство која е добиена од анкетата. Според нашето гледиште ова повеќе е повлијаено од големината на примерокот, од чисто статистичка гледна точка.

Следните кутии (5-1 до 5-3) ги имаат резимирано некои од релевантните резултати од слични анкети кои покажуваат големи сличности со резултатите од анкетата која е презентирана во овој извештај, во смисла на слични стапки за жени и мажи во однос на различни видови на насилство (иако во некои случаи самите стапки не се разликуваат од оние што се добиени за ПЈР Македонија). Во секој случај потврдено е дека или повисоките стапки или повисоките нивоа на тежина на насилството во најголема мера ги зафаќаат жените.

Кутија 5-1

**Резултати од анкетата за виктимизација во Естонија и споредба со ПЈР Македонија**

Неодамнешна анкета спроведена во Естонија[16] покажа дека мажите и жените во **врски со интимни партнери** имале слични стапки за психолошкото насилство (8% за мажи и околу 7% за жени), но исто така и слични стапки на преваленца за физичко насилство (околу 33.5% за мажи и околу 38.5% за жени); иако гледајќи ја тежината, жените искусуваат потешки форми на овој вид насилство и кај нив се забележуваат повисоки проценти на овој вид насилство. Во случајот со сексуалното насилство и сексуалното малтретирање и изнудениот сексуален однос, бројките биле многу повисоки за жени одошто за мажи. Во случајот со изнуден сексуален однос кај жените во Естонија бројката била речиси 7% во врски со интимен партнер. Меѓутоа, во овој случај имало многу поголем примерок за слична големина на население како и во ПЈР Македонија (1,035,596 вкупно население во Естонија со примерок од 7,267 за безбедносна анкета, а претходно бил изведен пилот од 168 лица за тестирање на прашалникот за насилство помеѓу интимни партнери). Ова бил прашалник за самопополнување изработен на руски и естонски. Приватноста не била осигурена во само 6.5% од случаите и во 10% од случаите интервјуата биле презакажани за да се изведат надвор од просториите на домаќинството.

[16] Извештајот може да се симне на http://www.unece.org/fileadmin/DAM/stats/documents/ece/ces/ge.30/2012/6_ESTONIA_E_v2.pdf. Ве молиме забележете дека има неколку методолошки разлики со анкетата изведена во ПЈРМ во видови на прашања што всушност биле употребени за да се одреди психолошкото насилство.

Кутија 5-2

**УНЕЦЕФ пилот примерок во Ерменија**

Едно друго пилот истражување (**само 280 жени**) со употреба на методологијата на УНЕЦЕ која била сугерирана за употреба во сите статистички бироа[17] и изведена во Ерменија, исто така покажа преваленца на физичко насилство од 36.9% и стапка на преваленца на сексуално насилство од 8.6%. Психолошкото насилство било проценето исто така на 38.9% и одделната пресметка за економското насилство резултирала во стапка од 18.6% во текот на животот и 44.8% во последните 12 месеци. Во овој случај приватноста исто така не била осигурена иако достапните документи не го откриваат обемот до кој имало отсуство на приватност. Стапките на преваленца мора да се разгледуваат со внимание бидејќи се засноваат на многу мал примерок.

Кутија 5-3

**Анкета за семејно насилство во Косово**

Во Косово неодамна беше спроведена анкета за **семејно насилство** која вклучувала мажи и жени[18] и покажала дека преваленцата за психолошко насилство била висока за жени и за мажи иако големината на примерокот не била целосно репрезентативна; резултатите се интересни бидејќи се од многу близок сосед на ПЈРМ. Во овој случај, од големина на примерок од 1,256 лица (жени и мажи) преваленцата за каков и да е вид насилство во текот на животот[19] била 19.6% за жени и 13.4% за мажи (сопствени пресметки од оригиналната микробаза на податоци). Извештајот заклучува дека врз основа на резултати од прашањата кои ги мереле ставовите и мислењата на респондентите, проблемот на семејното насилство се смета за срамота и дека тоа е причината зошто за тој феномен продолжува недоволно да се известува.

## 5.2 Преваленца на насилство распределено според пол

Штом ги адресиравме главните прашања во врска со приватноста и нејзиното влијание врз анкетата сега ние ќе посветиме внимание на анализата на преваленцата. Повторно го потсетуваме читателот дека во најголема мера станува збор за психолошко насилство.

Табелата 5.5 ги презентира резултатите за преваленцата на каков и да е вид насилство (психолошко, физичко или сексуално) распределена според полот. Жените имаат повисоки стапки на преваленца одошто мажите (разликата од 3.9 процентни поени која согласно хи-квадрат тестот е значајна). Тие имаат многу поголемо искуство на насилство одошто мажите и во апсолутни бројки (17.6 процентни поени разлика, колона процентуална разлика) и исто така имаат повисок коефициент во рамките на својата група (последната колона во табелата покажува 10 процентни поени разлика со истиот коефициент пресметан за мажите).

17 Извештајот може да се симне на http://www.unece.org/fileadmin/DAM/stats/documents/ece/ces/ge.30/2010/mtg5/10.e.pdf.

18 „Безбедноста почнува дома" од Мрежата на жени на Косово, 2008 година, достапна на http://www.womensnetwork.org/images/pdf/shqip/tjera/security%20begins%20at%20home.pdf. Употребувана е микробазата на податоци со писмена дозвола од МЖК.

19 Прилично различно од преваленцата во анкетата која прашува за искуство искусено во тековното домаќинство.

**Табела 5. 5** **Преваленца за сите видови насилство распределена според пол**

| Пол | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Мажи | 326 | 592 | 918 | 35.5 | 64.5 | 100.0 | 41.2 | 45.3 | 43.7 | 35.5 | 55.1 |
| Жени | 466 | 716 | 1.182 | 39.4 | 60.6 | 100.0 | 58.8 | 54.7 | 56.3 | 39.4 | 65.1 |
| Вкупно | 792 | 1,308 | 2,100 | 37.7 | 62.3 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 37.7 | 60.6 |

Во деловите што следат со цел да се одредат можните причини и последици на семејното насилство овие просечни стапки се сецирани. Сите табели покажуваат иста структура кај вкупните износи во апсолутна смисла добиени директно од анкетата и покажуваат бројки за оние кои доживеале насилство (Да) и оние кои не доживеале (Не); проценти во редовите (кои всушност се стапките на преваленца); проценти во колоните кои едноставно ја покажуваат дистрибуцијата помеѓу категориите на анализираните варијабли; стапки на преваленца; и коефициенти според категорија на лица кои доживеале насилство во однос на оние кои не доживеале.

## 5.3 Преваленца распределена според возраст

Преваленцата распределена според возраст исто така дава некои интересни наоди. Во Табелата 5.6 стапките на преваленца распределени според возраст јасно покажуваат дека младите жени се особено изложени на ризик да доживеат/искусат насилство во домаќинството и дека жените до 49-годишна возраст имаат повисока стапка на преваленца од просекот за жените (39.4%).

**Табела 5.6** **Стапки на преваленца распределени според возрасна група, жени**

| Возраст | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| 15-19 | 39 | 18 | 57 | 68,4 | 31,6 | 100,0 | 8,4 | 2,5 | 4,8 | 68,4 | 216,7 |
| 20-24 | 39 | 33 | 72 | 54,2 | 45,8 | 100,0 | 8,4 | 4,6 | 6,1 | 54,2 | 118,2 |
| 25-29 | 40 | 51 | 91 | 44,0 | 56,0 | 100,0 | 8,6 | 7,1 | 7,7 | 44,0 | 78,4 |
| 30-34 | 52 | 50 | 102 | 51,0 | 49,0 | 100,0 | 11,2 | 7,0 | 8,6 | 51,0 | 104,0 |
| 35-39 | 39 | 56 | 95 | 41,1 | 58,9 | 100,0 | 8,4 | 7,8 | 8,0 | 41,1 | 69,6 |
| 40-44 | 37 | 63 | 100 | 37,0 | 63,0 | 100,0 | 7,9 | 8,8 | 8,5 | 37,0 | 58,7 |
| 45-49 | 36 | 48 | 84 | 42,9 | 57,1 | 100,0 | 7,7 | 6,7 | 7,1 | 42,9 | 75,0 |
| 50-54 | 33 | 65 | 98 | 33,7 | 66,3 | 100,0 | 7,1 | 9,1 | 8,3 | 33,7 | 50,8 |
| 55-59 | 46 | 77 | 123 | 37,4 | 62,6 | 100,0 | 9,9 | 10,8 | 10,4 | 37,4 | 59,7 |
| 60-64 | 48 | 79 | 127 | 37,8 | 62,2 | 100,0 | 10,3 | 11,0 | 10,7 | 37,8 | 60,8 |
| 65-69 | 19 | 62 | 81 | 23,5 | 76,5 | 100,0 | 4,1 | 8,7 | 6,9 | 23,5 | 30,6 |
| 70-74 | 18 | 56 | 74 | 24,3 | 75,7 | 100,0 | 3,9 | 7,8 | 6,3 | 24,3 | 32,1 |
| 75+ | 20 | 58 | 78 | 25,6 | 74,4 | 100,0 | 4,3 | 8,1 | 6,6 | 25,6 | 34,5 |
| Вкупно | 466 | 716 | 1.182 | 39,4 | 60,6 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 39,4 | 65,1 |

Меѓутоа, кај најмладите возрасни групи на мажи (15 до 29) исто така има многу високи стапки на преваленца (над 35.5% просечна стапка). Земајќи предвид дека во Република Македонија во општото население има висок удел на млади луѓе тогаш ова е многу алармантна ситуација. Уште повеќе, имајќи предвид дека оние на возраст од 15 до 18 години се всушност сè уште деца посочува на тоа дека и во случајот со девојките и момчињата постои причина за загриженост. И во случаите со жените и со мажите вредностите на хи-квадратот покажуваат дека разликите помеѓу возрасните

групи се значајни.

Оваа висока преваленца кај младите и децата е склона кон длабоко влијание во некои од економските варијабли како што се вработеност, продуктивност, вложување во човечки капитал односно образование, големо влијание на здравствената состојба на кус и на долг рок итн., да не зборуваме за силната веројатност дека насилството ќе има и внатре - генерациско влијание.

Во случајот со мажите, високите стапки на преваленца се забележани за помладите возрасни групи и тоа е покажано во Табела 5.7. За остатокот од возрасните групи се чини дека се јавува нерегуларна матрица/шема.

**Табела 5.7 Стапки на преваленца распределени според возрасни групи, мажи**

| Возраст | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| 15-19 | 24 | 13 | 37 | 64,9 | 35,1 | 100,0 | 7,4 | 2,2 | 4,0 | 64,9 | 184,6 |
| 20-24 | 37 | 31 | 68 | 54,4 | 45,6 | 100,0 | 11,3 | 5,2 | 7,4 | 54,4 | 119,4 |
| 25-29 | 30 | 45 | 75 | 40,0 | 60,0 | 100,0 | 9,2 | 7,6 | 8,2 | 40,0 | 66,7 |
| 30-34 | 21 | 41 | 62 | 33,9 | 66,1 | 100,0 | 6,4 | 6,9 | 6,8 | 33,9 | 51,2 |
| 35-39 | 29 | 47 | 76 | 38,2 | 61,8 | 100,0 | 8,9 | 7,9 | 8,3 | 38,2 | 61,7 |
| 40-44 | 18 | 45 | 63 | 28,6 | 71,4 | 100,0 | 5,5 | 7,6 | 6,9 | 28,6 | 40,0 |
| 45-49 | 29 | 56 | 85 | 34,1 | 65,9 | 100,0 | 8,9 | 9,5 | 9,3 | 34,1 | 51,8 |
| 50-54 | 31 | 64 | 95 | 32,6 | 67,4 | 100,0 | 9,5 | 10,8 | 10,3 | 32,6 | 48,4 |
| 55-59 | 32 | 49 | 81 | 39,5 | 60,5 | 100,0 | 9,8 | 8,3 | 8,8 | 39,5 | 65,3 |
| 60-64 | 21 | 65 | 86 | 24,4 | 75,6 | 100,0 | 6,4 | 11,0 | 9,4 | 24,4 | 32,3 |
| 65-69 | 27 | 38 | 65 | 41,5 | 58,5 | 100,0 | 8,3 | 6,4 | 7,1 | 41,5 | 71,1 |
| 70-74 | 16 | 48 | 64 | 25,0 | 75,0 | 100,0 | 4,9 | 8,1 | 7,0 | 25,0 | 33,3 |
| 75+ | 11 | 50 | 61 | 18,0 | 82,0 | 100,0 | 3,4 | 8,4 | 6,6 | 18,0 | 22,0 |
| Вкупно | 326 | 592 | 918 | 35,5 | 64,5 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 35,5 | 55,1 |

Постојат и други меѓугенерациски толкувања за бројките во табелите 5.6 и 5.7. Во случајот со жените има голем пад помеѓу оние кои се помлади од 49 години и постарите. Разликите во ставовите и толеранцијата на насилството во домаќинството и помеѓу членовите на насилството, како што и опишува Поглавјето 11, може да стојат во позадина на оваа разлика.

Во случај со мажите најголемиот пад е помеѓу оние кои се на 24-годишна возраст и помлади и оние кои се постари од 24 години. Во овој случај имаат влијание не само ставовите и толеранцијата, туку и изборот на употреба на насилство во дисциплинирањето на помладите членови на домаќинството, а истото може да се примени и потоа во случајот со помладите жени.

## 5.4 Стапки на преваленца распределени според статус на вработеност и нивоа на приходи

Табелите 5.8 и 5.9 ги презентираат наодите за преваленцата распределени според статус на вработеност. Економската зависност на жената од мажот исто така беше утврдена и како последица и како фактор за објаснување на ризикот од насилство. Во оваа смисла, табелите покажуваат многу јасна матрица. Жените кои се неактивни или невработени имаат повисока преваленца на насилство одошто просекот, додека жените кои се вработени имаат пониска преваленца. Во дополнение, најголемиот дел од жените кои доживуваат насилство се неактивни или невработени (вкупно 80%!) додека на оние кои се вработени само би отпаднале околу 20% од вкупниот број на жени кои доживуваат насилство. Ова може да има големо влијание не само врз здравствените трошоци туку и негативно ќе влијае врз продуктивноста и фискалните исходи на земјата[20]. Вредноста на хи-

[20] Студиите за пресметување на влијанието го имаат покажано обемот до кој насилството може да има влијание на кус, но и на подолг рок врз здравјето на лицето и целокупната добросостојба и кај директните

квадратот посочува на тоа дека разликата во стапките на преваленца распределени според статус на вработеност е значајна во случајот со жените.

**Табела 5.8 Преваленца распределена според статус на вработеност, жени**

| Самоизвестен статус на вработеност | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Вработена | 90 | 172 | 262 | 34.4 | 65.6 | 100.0 | 19.3 | 24.0 | 22.2 | 34.4 | 52.3 |
| Невработена | 127 | 175 | 302 | 42.1 | 57.9 | 100.0 | 27.3 | 24.4 | 25.5 | 42.1 | 72.6 |
| Неактивна | 249 | 369 | 618 | 40.3 | 59.7 | 100.0 | 53.4 | 51.5 | 52.3 | 40.3 | 67.5 |
| Вкупно | 466 | 716 | 1,182 | 39.4 | 60.6 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 39.4 | 65.1 |

Во случајот со мажите речиси не постои разлика или има само многу мала разлика, со во просек 35.5% преваленца кај секоја од категориите согласно статусот на вработеност. Ова може да се толкува во правец на тоа дека статусот на вработеност нема никакво релевантно влијание во случајот со мажите. И навистина статистиките од хи-квадратот не покажуваат статистички значајна разлика кај стапките на преваленца според статусот на мажите на пазарот на труд.

Понатаму, за да се презентира описна/дескриптивна анализа, анализата во Поглавјето 14 ќе цели да прикаже кои се ризиците за жените кога тие се невработени или неактивни во домаќинството и кога постои индикација на сиромаштија (мерена во анкетата преку трошоците).

Овие варијабли беа увидени како многу важни и во регионот бидејќи студиите кои ја мерат преваленцата во Косово и Словенија[21] покажале висока корелација во зголемувањето на ризиците во домаќинствата и зголемување на ризиците за жените.

**Табела 5.9 Преваленца распределена според статус на вработеност, мажи**

| Самоизвестен статус на вработеност | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/ лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Вработен | 127 | 223 | 350 | 36.3 | 63.7 | 100.0 | 39.0 | 37.7 | 38.1 | 36.3 | 57.0 |
| Невработен | 93 | 168 | 261 | 35.6 | 64.4 | 100.0 | 28.5 | 28.4 | 28.4 | 35.6 | 55.4 |
| Неактивен | 106 | 201 | 307 | 34.5 | 65.5 | 100.0 | 32.5 | 34.0 | 33.4 | 34.5 | 52.7 |
| Вкупно | 326 | 592 | 918 | 35.5 | 64.5 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 35.5 | 55.1 |

Овие резултатите се многу важни за активните политики на пазарот на трудот на Владата на Македонија, особено оние што целат кон жените кои доживуваат насилство за да влезат или да се вратат на пазарот на трудот. И навистина, можностите за вработување за мажи кои вклучуваат и програми за намалување на консумирањето на алкохолот како начин на излез од фрустрирачката ситуација на немање работа, имаат исто така, позитивно влијание врз намалувањето на домашното насилство[22].

и кај индиректните жртви или преживеани. Овие проблеми се скриени трошоци за општеството, особено за владите, во дополнение на сите напори за борба и разрешување на насилството. Погледнете ги кореспондентните поглавја во извештајот на Генералниот секретар на Обединетите нации за насилство против жените, за списокот на овие студии кој е достапен на http://www.un.org/womenwatch/daw/vaw/v-sg-study.htm.

21 Selic, et al, 2011 година и Мрежа на жените на Косово 2008 година.

22 Врската помеѓу злоупотребата на алкохол и насилство од страна на интимниот партнер била утврдена од страна на Светската здравствена организација врз основа на нивните наоди од Студијата на СЗО на

Следните бројки даваат поддршка до некој степен за овој последен аргумент. Табелата 5.10 ги одразува одговорите на оние кои биле жртви на физичко или сексуално насилство, а со кои ќе се занимаваат соодветно, во повеќе детали Поглавјата 7 и 8. Ова прашање не беше вклучено во делот за психолошко насилство во анкетата. Одговорите во овој случај биле малку на број и треба да се разгледуваат со внимание и одразуваат само неколку одговори добиени за овие видови насилство (во случајот со сексуалното насилство фактичкиот број на случаи беше 18, а бројката дадена во табелата е повисока бидејќи ова било прашање со повеќекратни одговори).

**Табела 5.10 Причини наведени од страна на жртвите за насилното однесување на сторителот**

| Би рекле ли дека лицето кое ги изврши делата на физичко насилство, последниот пат кога го сторило тоа било под стрес или иритирано од причини како на пример: | Физичко насилство Да, % | Број | Сексуално насилство Да, % | Број |
|---|---|---|---|---|
| Некои проблеми | 54,35% | 50 | 33,3% | 6 |
| Невработено или без занимање | 16,30% | 15 | 5,6% | 1 |
| Алкохол | 35,87% | 33 | 61,1% | 11 |
| Дроги | 1,09% | 1 | 0,0% | 0 |
| Други причини | 30,43% | 28 | 27,8% | 5 |

Друга важна варијабла поврзана со недостигот од можности за вработување е сиромаштијата мерена во овој случај со трошоците на домаќинството. Табелите 5.11 и 5.12 повторно посочуваат на врската помеѓу економските тешкотии и повисоките стапки на преваленца за мажи и за жени, со тоа што кај жените се забележуваат повисоки стапки од добиениот просек (N е помало во овој случај поради постоење на категоријата не дава одговор). Резултатите исто така покажуваат висока концентрација на женско население во најниските и средните квинтили за трошоците (61% од вкупниот примерок), и особено во ниските и најниските квинтили (40.7% од вкупниот примерок).

Во смисла на тоа дека овие жени доживуваат насилство концентрацијата (збирот на процентите во колоната) во најнискиот и нискиот квинтил[23] се покачува до 43%. Жените во високите и највисоките квинтили се чини дека имаат помала шанса да доживеат насилство имајќи го предвид коефициентот во последната колона на табелата: половина од жените-респонденти во високите и највисоките квинтили кои имале некакво искуство со насилство споредено со околу 70% во просек на жени од најнискиот до среден квинтил. Меѓутоа, статистиките со хи-квадратот во овој случај покажуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу стапките на преваленца распределени според квинтилите на трошоците. Ова всушност е поддржано со наодите од други студии каде насилството се случува независно од социоекономскиот статус, иако може за некои видови насилство да се покаже висока веројатност за доживување насилство зависно од економскиот статус (како што покажува логит моделирањето дадено во Поглавје 13).

повеќе земји која ги вклучувала Србија и Црна Гора: достапна на http://www.phac-aspc.gc.ca/ncfv-cnivf/pdfs/fem-whoms-alco-eng.pdf

[23] Квинтил е статистичка вредност на пакет-податоци кој претставува 20% од дадено население/популација. Првиот квинтил ја претставува најниската петтина (1-20%); вториот квинтил ја претставува втората петтина (21% - 40%) итн. Во овој случај варијаблата е трошоци на домаќинството, па така најнискиот квинтил подразбира дека ова се најниските вредности на варијаблата трошоци, а највисокиот подразбира дека ова се највисоките вредност на варијаблата трошоци на домќинството. Оваа варијабла беше самоизвестена од страна на респондентот (со други зборови, интервјуерот не побарал да провери на други начини дали известената вредност всушност е точна).

**Табела 5.11** Преваленца распределена според квинтил на трошоци за домаќинство, жени

| Квинтили на трошоци на домаќинство | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/ лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Најнизок | 91 | 127 | 218 | 41,7 | 58,3 | 100,0 | 21,4 | 19,1 | 20,0 | 41,7 | 71,7 |
| Низок | 92 | 134 | 226 | 40,7 | 59,3 | 100,0 | 21,6 | 20,2 | 20,7 | 40,7 | 68,7 |
| Среден | 94 | 130 | 224 | 42,0 | 58,0 | 100,0 | 22,1 | 19,5 | 20,6 | 42,0 | 72,3 |
| Висок | 79 | 144 | 223 | 35,4 | 64,6 | 100,0 | 18,6 | 21,7 | 20,5 | 35,4 | 54,9 |
| Највисок | 69 | 130 | 199 | 34,7 | 65,3 | 100,0 | 16,2 | 19,5 | 18,3 | 34,7 | 53,1 |
| Вкупно | 425 | 665 | 1.090 | 39,0 | 61,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 39,0 | 63,9 |

Ситуацијата за мажи, од друга страна, исто така покажува дека насилството е повисоко во најниските до средни квинтили за трошоците. Меѓутоа, концентрацијата (додавање на колони со проценти) од најнискиот до средните квинтили не е толку висока (34.8%) како што е случај со жените-респонденти (43%) и обратно, во највисоките квинтили (повеќе мажи во повисоките квинтили одошто жени). Во овој случај статистиките на хи-квадрат исто така не покажуваат статистички значајна разлика меѓу стапките на преваленца распределени според квинтили за трошењето.

**Табела 5.12** Преваленца распределена според квинтил на трошоци за домаќинство, мажи

| Квинтили на трошоци на домаќинство | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Најнизок | 46 | 107 | 153 | 30,1 | 69,9 | 100,0 | 15,5 | 19,1 | 17,9 | 30,1 | 43,0 |
| Низок | 57 | 103 | 160 | 35,6 | 64,4 | 100,0 | 19,3 | 18,4 | 18,7 | 35,6 | 55,3 |
| Среден | 76 | 102 | 178 | 42,7 | 57,3 | 100,0 | 25,7 | 18,2 | 20,8 | 42,7 | 74,5 |
| Висок | 56 | 116 | 172 | 32,6 | 67,4 | 100,0 | 18,9 | 20,8 | 20,1 | 32,6 | 48,3 |
| Највисок | 61 | 131 | 192 | 31,8 | 68,2 | 100,0 | 20,6 | 23,4 | 22,5 | 31,8 | 46,6 |
| Вкупно | 296 | 559 | 855 | 34,6 | 65,4 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 34,6 | 53,0 |

Анализата на овој дел ја покажува важноста на економските варијабли во разбирањето на преваленцата на матриците за семејното насилство во македонското општество. Иако ситуацијата со статусот на пазарот на труд претставува лична ситуација, варијаблите на трошоците одразуваат каква е ситуацијата на ниво на домаќинство. Во обата случаи податоците конзистентно покажуваат дека жените кои немаат вработување (невработени или неактивни) и се во домаќинства со пониски нивоа на трошоци може да бидат изложени на многу повисок ризик за искусување насилство одошто мажите. Речиси еднаквата преваленца кај мажите, кога ќе се земат предвид нивниот статус на пазарот на трудот, посочува дека тоа има неутрално влијание на овој статус врз нивното искусување на насилство; додека пак во случајот со жените овој статус може да биде индикатор за повисока или пониска стапка на преваленца. Во случајот со трошоците на домаќинството, жените кои доживуваат насилство се концентрирани во домаќинства кои искусуваат економски тешкотии, но овој резултат не е толку јасен како што е случај со мажите. Логит моделирањето кое е дадено во Поглавјето 13 ќе помогне во понатамошно разјаснување на тоа колку може да биде важна оваа варијабла.

## 5.5 Преваленца распределена според ниво на образование

Многу тесно поврзано со статусот на вработеност и сиромаштијата е нивото на образование. Во Табелите 5.13 и 5.14 дадена е преваленцата распределена според нивото на образование на жените и мажите во Македонија. Овие табели посочуваат дека за жените постои обратен однос во кој што колку е пониско нивото на образование толку е повисок ризикот да се искуси насилство во македонското општество. Најдена е многу повисока преваленца кај жени со основно ниво на образование или помалку. Тука практично отпаѓаат половина од жените од примерокот.[24] Исто така, речиси 44 проценти од жените со основно образование или помалку одговориле дека имаат искусено некаков вид насилство во нивното сегашно домаќинство.

**Табела 5.13 Преваленца распределена според ниво на образование, жени**

| | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Основно или помалку | 257 | 329 | 586 | 43.9 | 56.1 | 100.0 | 55.2 | 45.9 | 49.6 | 43.9 | 78.1 |
| Средно | 172 | 278 | 450 | 38.2 | 61.8 | 100.0 | 36.9 | 38.8 | 38.1 | 38.2 | 61.9 |
| Терциерно + | 37 | 109 | 146 | 25.3 | 74.7 | 100.0 | 7.9 | 15.2 | 12.4 | 25.3 | 33.9 |
| Вкупно | 466 | 716 | 1.182 | 39.4 | 60.6 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 39.4 | 65.1 |

Во случајот со мажи ова не важи за оние што имаат средно образование, а што е поврзано со фактот дека има поголема концентрација на мажи во примерокот и коинцидира со моменталното просечно ниво на образование во Македонија за мажи. Во секој случај ваква многу различна матрица која се јавува кај мажите покренува одредени прашања кои мора да се постават во врска со основните разлики кај жените во однос на образованието.

**Табела 5.14 Преваленца распределена според ниво на образование, мажи**

| | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Основно или помалку | 102 | 222 | 324 | 31.5 | 68.5 | 100.0 | 31.3 | 37.5 | 35.3 | 31.5 | 45.9 |
| Средно | 178 | 272 | 450 | 39.6 | 60.4 | 100.0 | 54.6 | 45.9 | 49.0 | 39.6 | 65.4 |
| Терциерно + | 46 | 98 | 144 | 31.9 | 68.1 | 100.0 | 14.1 | 16.6 | 15.7 | 31.9 | 46.9 |
| Вкупно | 326 | 592 | 918 | 35.5 | 64.5 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 35.5 | 55.1 |

Иако, според сите мерења е јасно дека жените имаат повисока преваленца и во некои случаи многу повисока преваленца на семејно насилство поврзана со понизок економски и социјален статус, општо земено, овие аргументи во случајот со мажите не можат да се употребат. Со други зборови, податоците што се добиени во оваа анкета отвораат прашања кои мора да се одговорат со употреба на соодветна родова анализа во која ќе се земат предвид социјалните разлики помеѓу мажите и жените во македонското општество, а и во однос на женственоста и мажественоста (перцепции за тоа што значи да се биде жена или маж). Ова прашање не може овде да се истражи и треба да се истражи дополнително во идните истражувачки напори со употреба на анкетата.

[24] Дистрибуцијата според образовно ниво во примерокот е во согласност со службените статистики.

## 5.6 Стапки на преваленца распределени според етничка припадност

Следно, ќе ги разгледаме стапките на преваленца распределени според етничка припадност и пол. Ова исто така е исклучително важна варијабла за формулирањето политики бидејќи можните разлики не само во перцепциите туку и во социјалните и економските разлики меѓу различните етнички групи мора да бидат земени предвид во дизајнирањето на соодветни политички одговори на семејното насилство и особено во однос на НПЖ. Иако досега во Македонија се следат европското законодавство и политиките, различната ситуација во земјата во однос на составот на малцинствата (многу посложена отколку во другите европски нации) може да бара поинакви пристапи, како што се пристапи засновани на локалните заедници кои се многу посоодветни на културните и социјалните вредности на некои од малцинствата присутни во земјата.

Табелите 5.15 и 5.16 ги покажуваат резултатите од анкетата на мажи и жени разделени според етничка припадност. Тука треба да се направи многу внимателно толкување на резултатите бидејќи не смее да се дозволи да се влезе во стереотипизирање и треба да се има на ум анализата на претходните карактеристики, особено статусот на вработеност и нивоата на трошоци бидејќи некои од етничките групи може да бидат повлијаени во многу поголем степен од невработеноста или неактивноста.

Македонските жени имаат пониски стапки на преваленца одошто сите други етнички групи во земјата. Сите останати покажуваат многу повисоки стапки на преваленца одошто просекот (39.4%). Меѓутоа тестовите со хи-квадрат за оваа варијабла покажуваат дека разликите во стапките на преваленца се значајни за жени, но не и за мажи. Сепак јасно е дека компонентата етничка припадност, заедно со другите варијабли мора да се земе предвид бидејќи половина до речиси три четвртини од немакедонските жени можат да искусат некаков вид на насилство во нивните животи. Ова има енормни последици врз влијанието на јавните служби и пошироко врз општеството и економијата на Македонија.

**Табела 5.15 Преваленца распределена според етничка припадност, жени**

| Националност | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Македонска | 308 | 567 | 875 | 35,2 | 64,8 | 100,0 | 66,1 | 79,2 | 74,0 | 35,2 | 54,3 |
| Албанска | 100 | 102 | 202 | 49,5 | 50,5 | 100,0 | 21,5 | 14,2 | 17,1 | 49,5 | 98,0 |
| Останати | 58 | 47 | 105 | 55,2 | 44,8 | 100,0 | 12,4 | 6,6 | 8,9 | 55,2 | 123,4 |
| Вкупно | 466 | 716 | 1182 | 39,4 | 60,6 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 39,4 | 65,1 |

Во случајот со мажите најдени се некои големи разлики кои може да се поврзат со високите стапки на невработеност и неактивност кај немакедонски домаќинства, но повторно, овде мора да се води грижа за многу малиот примерок во анкетата. Интересно е да се забележи дека стапките на преваленца за албанските мажи се пониски од оние за македонските мажи и исто така се пониски и од просекот за мажи (35.5%).

**Табела 5.16** **Преваленца распределена според етничка припадност, мажи**

| Националност | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Македонска | 222 | 404 | 626 | 35,5 | 64,5 | 100,0 | 68,1 | 68,2 | 68,2 | 35,5 | 55,0 |
| Албанска | 65 | 137 | 202 | 32,2 | 67,8 | 100,0 | 19,9 | 23,1 | 22,0 | 32,2 | 47,4 |
| Останати | 39 | 51 | 90 | 43,3 | 56,7 | 100,0 | 12,0 | 8,6 | 9,8 | 43,3 | 76,5 |
| Вкупно | 326 | 592 | 918 | 35,5 | 64,5 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 35,5 | 55,1 |

## 5.7 Преваленца распределена според локација

Продолжувајќи со општата анализа на преваленца, сега ќе го свртиме нашето внимание на преваленцата на насилството во урбаните и руралните средини во Македонија, а и според регионите. Во табелите 5.17 и 5.18 покажана е преваленцата за мажи и жени одделно во рурални и во урбани области во Македонија. Преваленцата во руралните области е повисока, конзистентно и за мажи и за жени. Меѓутоа, за жените стапките на преваленца се многу повисоки во руралните области споредено со мажите (разлика од 7 процентни поени), додека во урбаните средини разликата со мажите е околу 2 процентни поени.

**Табела 5.17** **Преваленца распределена според локација, жени**

| Урбани/ рурални | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/ лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Рурална | 235 | 258 | 493 | 48 | 52 | 100 | 50,4 | 36,0 | 41,7 | 47,7 | 91,1 |
| Урбана | 231 | 458 | 689 | 34 | 66 | 100 | 49,6 | 64,0 | 58,3 | 33,5 | 50,4 |
| Вкупно | 466 | 716 | 1.182 | 39,4 | 60,6 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 39,4 | 65,1 |

**Табела 5.18** **Преваленца распределена според локација, мажи**

| Урбани/ рурални | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Рурална | 170 | 254 | 424 | 40 | 60 | 100 | 52,1 | 42,9 | Рурална | 40,1 | 66,9 |
| Урбана | 156 | 338 | 494 | 32 | 68 | 100 | 47,9 | 57,1 | Урбана | 31,6 | 46,2 |
| Вкупно | 326 | 592 | 918 | 35,5 | 64,5 | 100 | 100 | 100 | Вкупно | 35,5 | 55,1 |

Па така, ризикот да се искуси насилство во руралните домаќинства е повисок и за мажите и за жените, а жените повторно се изложени на повисок ризик, што посочува на потребата за зајакнување на политиките за превенција и разрешување на насилството за да се опфати и руралното население и да се земат предвид разликите кај етничките групи кои беа дискутирани погоре во текстот.

Табелите 5.19 и 5.20 ја покажуваат матрицата за регионите потврдувајќи ги, во целина, разликите помеѓу руралните и урбаните средини. Иако Скопје како главен урбан центар на земјата покажува повисока преваленца од просекот, повисоките и понекогаш многу повисоките стапки на преваленца во руралните области ги потврдуваат матриците од претходните табели.

Повторно, жените во речиси сите региони покажуваат повисоки стапки на преваленца одошто мажите со исклучок на источниот регион каде мажите покажуваат повисока стапка на преваленца. Постоењето на многу помладо население во овој регион може да биде она што го обликува овој резултат. Во случајот со жените добиени се многу повисоки стапки на преваленца одошто просекот во полошкиот регион и во Скопје. Во случајот со мажите многу повисоки стапки од просекот се добиени во источниот регион и во полошкиот регион.

**Табела 5.19** **Преваленца распределена според регион, жени**

| Регион | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/ лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Вардарски | 42 | 84 | 126 | 33,3 | 66,7 | 100,0 | 9,0 | 11,7 | 10,7 | 33,3 | 50,0 |
| Источен | 52 | 83 | 135 | 38,5 | 61,5 | 100,0 | 11,2 | 11,6 | 11,4 | 38,5 | 62,7 |
| Југозападен | 49 | 81 | 130 | 37,7 | 62,3 | 100,0 | 10,5 | 11,3 | 11,0 | 37,7 | 60,5 |
| Југоисточен | 48 | 79 | 127 | 37,8 | 62,2 | 100,0 | 10,3 | 11,0 | 10,7 | 37,8 | 60,8 |
| Пелагониски | 55 | 98 | 153 | 35,9 | 64,1 | 100,0 | 11,8 | 13,7 | 12,9 | 35,9 | 56,1 |
| Полошки | 74 | 64 | 138 | 53,6 | 46,4 | 100,0 | 15,9 | 8,9 | 11,7 | 53,6 | 115,6 |
| Североисточен | 45 | 91 | 136 | 33,1 | 66,9 | 100,0 | 9,7 | 12,7 | 11,5 | 33,1 | 49,5 |
| Скопје | 101 | 136 | 237 | 42,6 | 57,4 | 100,0 | 21,7 | 19,0 | 20,1 | 42,6 | 74,3 |
| Вкупно | 466 | 716 | 1.182 | 39,4 | 60,6 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 39,4 | 65,1 |

**Табела 5.20 Преваленца распределена според регион, мажи**

| Регион | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/ лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Вардарски | 21 | 56 | 77 | 27,3 | 72,7 | 100,0 | 6,4 | 9,5 | 8,4 | 27,3 | 37,5 |
| Источен | 56 | 40 | 96 | 58,3 | 41,7 | 100,0 | 17,2 | 6,8 | 10,5 | 58,3 | 140,0 |
| Југозападен | 40 | 75 | 115 | 34,8 | 65,2 | 100,0 | 12,3 | 12,7 | 12,5 | 34,8 | 53,3 |
| Југоисточен | 31 | 59 | 90 | 34,4 | 65,6 | 100,0 | 9,5 | 10,0 | 9,8 | 34,4 | 52,5 |
| Пелагониски | 28 | 85 | 113 | 24,8 | 75,2 | 100,0 | 8,6 | 14,4 | 12,3 | 24,8 | 32,9 |
| Полошки | 64 | 85 | 149 | 43,0 | 57,0 | 100,0 | 19,6 | 14,4 | 16,2 | 43,0 | 75,3 |
| Североисточен | 19 | 62 | 81 | 23,5 | 76,5 | 100,0 | 5,8 | 10,5 | 8,8 | 23,5 | 30,6 |
| Скопје | 67 | 130 | 197 | 34,0 | 66,0 | 100,0 | 20,6 | 22,0 | 21,5 | 34,0 | 51,5 |
| Вкупно | 326 | 592 | 918 | 35,5 | 64,5 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 35,5 | 55,1 |

## 5.8 Преваленца според број на членови во домаќинството и според број на деца

Последните варијабли што ќе бидат разгледани во анализата на преваленцата се составот на домаќинството и бројот на деца во домаќинството. Имајќи предвид дека оваа анкета не ја разгледуваше преваленцата на децата, но и дека респондентите кои беа вклучени во анкетата се на возраст од 15 години и постари, влијанието на семејното насилство врз децата само делумно ќе биде разгледано.

Погоре дадената анализа веќе покажа дека постои големо влијание врз младите воопшто, и на оние на возраст од 15 до 19 години и на децата. Најмладите жени и мажи, како и оние постарите деца во Македонија се чини дека се особено изложени на ризик.

Во овој случај анкетата дозволува да се мери преваленцата со употреба на варијабли како број на членови на домаќинството и број на деца во домаќинството. Табелите 5.21 и 5.22 ги даваат стапките на преваленца зависно од бројот на членови на домаќинството и за жени и за мажи. Во случајот со жените и мажите постои јасна директна врска помеѓу преваленцата и бројот на лица во домаќинството, со други зборови, се добива повисока стапка на преваленца со зголемување на бројот на членови во домаќинството. Во обата случаја бројот на лица во домаќинството кој ја зголемува преваленцата е над просекот и изнесува 3 лица.

Меѓутоа, преваленцата за жени во секоја од ситуациите е повисока за разлика од мажите со исклучок на домаќинствата сочинети од едно лице[25] каде преваленцата за жени е малку пониска одошто за мажи. Друг важен индикатор кој поддржува многу повисока преваленца кај жените е концентрацијата на преваленца во домаќинствата со 4 или повеќе лица (55% од сите жени-респонденти кои доживуваат насилство наспроти само 32% на мажи).

[25] Иако домаќинствата сочинети од едно лице не требаше да бидат вклучени во анкетата, рамката на извлекување на примерокот која беше употребена ќе предизвикаше пристрасност во примерокот. Во однос на резултатот, а тоа е дека жените конзистентно се изложени на ризик од насилство, има смисла дека во домаќинства сочинети од едно лице тие се позаштитени од тоа да доживеат насилство, иако во теорија и за жени и за мажи преваленцата за едно лице ќе треба да биде нула, начинот на кој беа поставувани прашањата имплицирале дека насилството можело да се случи во кое и да е време во домаќинството.

**Табела 5.21** **Преваленца распределена според број на членови во домаќинството, жени**

| Големина на домаќинство | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| 1 | 29 | 111 | 140 | 20.7 | 79.3 | 100.0 | 6.2 | 15.5 | 11.8 | 20.7 | 26.1 |
| 2 | 93 | 147 | 240 | 38.8 | 61.3 | 100.0 | 20.0 | 20.5 | 20.3 | 38.8 | 63.3 |
| 3 | 87 | 121 | 208 | 41.8 | 58.2 | 100.0 | 18.7 | 16.9 | 17.6 | 41.8 | 71.9 |
| 4 или повеќе | 257 | 337 | 594 | 43.3 | 56.7 | 100.0 | 55.2 | 47.1 | 50.3 | 43.3 | 76.3 |
| Вкупно | 466 | 716 | 1.182 | 39.4 | 60.6 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 39.4 | 65.1 |

**Табела 5.22** **Преваленца распределена според број на членови во домаќинството, мажи**

| Големина на домаќинство | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| 1 | 15 | 54 | 69 | 21,7 | 78,3 | 100,0 | 4,6 | 9,1 | 7,5 | 21,7 | 27,8 |
| 2 | 71 | 152 | 223 | 31,8 | 68,2 | 100,0 | 21,8 | 25,7 | 24,3 | 31,8 | 46,7 |
| 3 | 61 | 104 | 165 | 37,0 | 63,0 | 100,0 | 18,7 | 17,6 | 18,0 | 37,0 | 58,7 |
| 4 или повеќе | 105 | 134 | 239 | 43,9 | 56,1 | 100,0 | 32,2 | 22,6 | 26,0 | 43,9 | 78,4 |
| Вкупно | 326 | 592 | 918 | 35,5 | 64,5 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 35,5 | 55,1 |

Во однос на бројот на деца во домаќинството, табелата покажува дека само во случајот со жените постои директна корелација помеѓу бројот на лица во домаќинството и она што се забележува е: колку што е поголем бројот на деца во домаќинството толку е повисока преваленцата на семејното насилство. Во Табелите 5.23 и 5.24 дадена е преваленцата распределена според бројот на деца за жени и за мажи одделно. Ова повторно е уште една ситуација каде е утврдена матрица кај жените и голема разлика со матрицата најдена кај мажите. Иако има релативно малку домаќинства во примерокот со 3 деца и повеќе, што ги одразува и матриците на плодност во земјата, може да се каже дека присуството на деца прилично забележливо го зголемува ризикот за жената да доживува некаква форма на насилство споредено со жените од домаќинства во кои во моментот нема деца. Ова е потврдено и со меѓународни истражувања на насилство помеѓу интимни партнери кои покажуваат дека проблемот на насилството се јавува додека жените се бремени[26] и поради тоа укажуваат и на потребата за скрининг во оваа рана фаза на формирање на семејство[27].

26 Во различни развиени земји проценето е дека до 30% од случаите на семејно насилство започнуваат во текот на бременоста и дека една од пет бремени жени во САД ќе биде злоупотребувана во текот на бременоста. Погледнете го делот со референци за бројни студии што ги потврдуваат овие тврдења направени од страна на докторите.

27 Иако има одредена контроверза во врска со ова, разликите што се дадени во делот со референци и библиографија посочуваат на претпочитање на жените кои страдаат од насилство да ја имаат оваа услуга достапна кај нивниот матичен лекар.

**Табела 5.23** **Преваленца распределена според број на деца во домаќинството, жени**

| Број на деца во домаќинството | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| 0 | 248 | 443 | 691 | 35,9 | 64,1 | 100,0 | 53,2 | 61,9 | 58,5 | 35,9 | 56,0 |
| 1-2 | 191 | 238 | 429 | 44,5 | 55,5 | 100,0 | 41,0 | 33,2 | 36,3 | 44,5 | 80,3 |
| 3+ | 27 | 35 | 62 | 43,5 | 56,5 | 100,0 | 5,8 | 4,9 | 5,2 | 43,5 | 77,1 |
| | | | | | | | | | | | |

**Табела5.24** **Преваленца распределена според број на деца во домаќинството, мажи**

| Број на деца во домаќинството | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| 0 | 197 | 383 | 580 | 34,0 | 66,0 | 100,0 | 60,4 | 64,7 | 63,2 | 34,0 | 51,4 |
| 1-2 | 118 | 179 | 297 | 39,7 | 60,3 | 100,0 | 36,2 | 30,2 | 32,4 | 39,7 | 65,9 |
| 3+ | 11 | 30 | 41 | 26,8 | 73,2 | 100,0 | 3,4 | 5,1 | 4,5 | 26,8 | 36,7 |
| Вкупно | 326 | 592 | 918 | 35,5 | 64,5 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 35,5 | 55,1 |

Разликите во големината на семејството распределени според етничка припадност укажуваат на тоа дека ситуацијата на пазарот на труд и сиромаштијата ќе треба да се земат предвид. Иако има зголемување во стапката на преваленца за мажи во присуство на деца, моделирањето во Поглавјето 14 ќе помогне да се фрли светло на тоа кои се статистички најзначајните варијабли за жени и за мажи кои водат кон повисоки или пониски стапки на преваленца.

Иако ова е само проценка заснована на фактот дека домаќинствата беа земени како единица на анализа во нашата анкета, проценетиот број на домаќинства во примерокот во кои се случува насилство во присуство на децата е 16.5% (вкупниот број на одговори со „да" во домаќинства со деца - 347, поделен со вкупниот број на примерокот од 2100).

# 6. Анализа на психолошко насилство

Ова поглавје ги презентира наодите што се добиени во однос на психолошкото насилство кое го доживуваат респондентите. Со цел да се произведе поструктурирана анализа, модалитетите на психолошко насилство беа разделени во три дистинктивни групи, и тоа:

- Група 1. Насилство кое вклучува: лутина, ограничувања, забрани, сомневања и контрола;
- Група 2. Економско насилство;
- Група 3. Насилство кое вклучува: навредување, деградирање и заканување.

Како што е прикажано во Табела 6.1, на првата група на насилство отпаѓа огромно мнозинство на регистрирани случаи, додека останатите две се јавуваат многу поретко. Овој наод е очекуван доколку се земе предвид дека првата група претставува поблага форма на психолошко насилство во споредба со останатите две.

**Табела 6.1 Психолошко насилство – збирни одговори на прашањето "Ако помислите на членовите на вашето домаќинство, дали можете да кажете дека некој:"**

| **Група 1: Насилство поврзано со: лутина, ограничувања, забрани, сомневања, контрола итн.** | Број на случаи | % во групата |
|---|---|---|
| ви забранува да се гледате/состанувате со пријатели? | 50 | 2.63% |
| ви ги ограничува посетите на вашето семејство? | 46 | 2.42% |
| ви забранува да излегувате без придружба/сам(а)? | 72 | 3.79% |
| секогаш инсистира да знае каде сте? | 487 | 25.63% |
| ви се лути доколку останете надвор до доцна? | 319 | 16.79% |
| ве игнорира и се однесува кон вас со рамнодушност? | 59 | 3.11% |
| ви се лути доколку зборувате со друго лице? | 61 | 3.21% |
| честопати се сомнева дека сте неверни? | 64 | 3.37% |
| очекува од вас да барате негова/нејзина дозвола пред да одите на лекар? | 89 | 4.68% |
| одлучува што можете, а што не можете да правите? | 177 | 9.32% |
| ви вика ако оценките на училиште не ви се добри? | 79 | 4.16% |
| ви се лути ако не го/ја слушате него/неа или некој друг член на домаќинството? | 397 | 20.89% |
| **ВКУПНО ГРУПА 1** | **1,900** | **100.00%** |

| **ГРУПА 2: Економско насилство** | Број на случаи | % во групата |
|---|---|---|
| одбива да ви даде доволно пари за трошоците за домаќинството, дури и кога тој/таа има пари за други работи? | 62 | 42.76% |
| не ви дозволува да работите за пари? | 51 | 35.17% |
| ве присилува да питачите за пари? | 3 | 2.07% |
| ве присилува да се пријавите за социјална помош во Центар за социјални работи? | 5 | 3.45% |
| ви ги зема парите што сте ги стекнале со работа? | 24 | 16.55% |
| **ВКУПНО ГРУПА 2** | **145** | **100.00%** |
| **ГРУПА 3: Насилство поврзано со: навредување, деградирање/омаловажување, заканување итн.** | Број на случаи | % во групата |
| ве навредува или прави да се чувствувате лошо во сопствената кожа? | 94 | 35.34% |
| ве омаловажува или понижува пред други луѓе? | 70 | 26.32% |
| прави работи за намерно да ве уплаши или заплаши (на пр. со начинот на кој ве погледнал, со викање или кршење на предмети)? | 59 | 22.18% |
| вербално ви се заканил дека ќе ве повреди вас или некој што ви е близок? | 43 | 16.17% |
| **ВКУПНО ГРУПА 3** | **266** | **100.00%** |

Родовата разделба на оваа табела може да се најде во Анекс А. Важно е да се забележи дека овие бројки вклучуваат повеќекратни одговори и не коинцидираат со „вкупно" за примерокот. Едно друго прашање со кое треба да се справиме во смисла на родова анализа на психолошкото насилство е ефектот кој жртвите мислат дека тоа насилство го има врз нивната добросостојба. Табелата 6.2 ги дава самоизвестените резултати на прашањето упатено до жртвите на психолошко насилство. Статистиките со хи-квадрат покажуваат значајна поврзаност и разлики. Жените се чини дека мислат дека овој вид насилство нема никаков ефект врз нив бидејќи речиси 70% одговориле на ваков начин. Од друга страна пак, споредено со само 1.9% за мажите, 7.1% од жените известиле дека овој вид насилство многу влијаело на нив.

**Табела 6.2 Самоизвестено ниво на ефект на психолошкото насилство врз физичката и ментална добросостојба**

| | Бројки | | | % | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно |
| Никаков ефект | 273 | 313 | 586 | 84.8 | 69.2 | 75.7 |
| Малку | 20 | 56 | 76 | 6.2 | 12.4 | 9.8 |
| Многу | 6 | 32 | 38 | 1.9 | 7.1 | 4.9 |
| Одбивал/а да одговори | 3 | 4 | 7 | 0.9 | 0.9 | 0.9 |
| Не знае | 20 | 47 | 67 | 6.2 | 10.4 | 8.7 |
| Вкупно | 322 | 452 | 774 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

Важно е да се забележи дека некои од модалитетите во оваа група претставуваат дејства преземени од страна на родители во воспитувањето на нивните деца (како што се: инсистирање да се знае каде се нивните деца и да им се забранува да остануваат надвор до доцна), па така мора да се направи разлика помеѓу вршење насилство и родителска одговорност. Поради тоа, со цел да се добие проценка на насилството од перспектива на жртвата, анализата ги поврзува овие наоди со клучните демографски варијабли што се вклучени во оваа анкета како што се: возраст, род, статус на вработеност, етничка припадност, место на живеење (рурално или урбано) и територијална дистрибуција. Овие наоди се претставени во Фигури 6-2 до 6-8 кои го претставуваат психичкото насилство од перспектива на клучни демографски варијабли.

**Фигура 6-2** **Дистрибуција на психолошко насилство согласно интервали од пет години**




**Фигура 6-3** **Родов раздел на психолошкото насилство**




**Фигура 6-4** **Статус на вработеност на жртвите на психолошко насилство**



**Фигура 6-5** **Дистрибуција на жртви на психолошко насилство распределена според етничка припадност**




**Фигура 6-6** **Удел на психолошкото насилство во рамки на региони (согласно NUTS 3)**




**Фигура 6-7** **Дистрибуција рурално/урбано на психолошкото насилство**



Како што досега беше анализирано во претходното поглавје преваленцата кај жените и мажите е висока и вреди да се има на ум дека жените ги сочинуваат 66% од известените случаи на насилство. Во Анекс 1 вклучени се табелите со резултати за жени и мажи за да можат читателите да имаат полза од нив и дадени се референции кон нив низ цело ова поглавје кое повеќе се концентрира на дистрибуцијата на различните видови психолошко насилство распределено според различните демографски карактеристики.

Анкетата откри дека повеќе од една третина (36.8%) од македонските граѓани имаат искусено некаков вид на психолошко насилство. Како што е дадено во Фигура 6-8 речиси сите оние кои известиле дека се жртви на психолошко насилство влегуваат во првата група, додека 2-та и 3-та група на насилство е доживеано од значително понизок број на респонденти. Важно е да се забележи дека постои статистички значајна корелација помеѓу 1-та и 2-та или 3-та група на насилство. Имено, 89.3% од респондентите кои известиле дека имаат искусено барем една форма на насилство од 2-та група исто така имаат известено дека биле подложени на насилство од првата група. Слично, 90.8% од жртвите од 3-та група на психолошко насилство истовремено искусиле насилство поврзано со првата група. Не се најдени значајни разлики од целокупниот просек во однос на урбано/рурално и регионалната дистрибуција во рамките на трите групи на психолошко насилство и поради тоа овие наоди не се известени подолу во текстот.

**Фигура 6-8 Удел на жртви на психолошко насилство во вкупниот примерок**




Ние истакнуваме дека понатамошната анализа само се концентрира на набљудувања кои се статистички значајни или на наоди кои заслужуваат посебно внимание. Сите презентирани графикони и фигури се изведени од крос-табулирање на релевантните параметри или преку изведување на основни табели на зачестеност/фреквенции. Поради сложеноста на табелите наодите се презентирани со употреба на графички репрезентации на добиените набљудувања.

## 6.1 Анализа на првата група на психолошко насилство (насилство поврзано со лутина, ограничувања, забрани, сомневања и контрола)

Анализирајќи ја демографската структура на првата група на жртви (видете Фигура 6-9) може да се заклучи дека ова насилство е речиси униформно распределено по сите возрасни категории (уделот на постарите групи 70 - 80+ е значително помал).

Зависно од категоријата, родовата дистрибуција е различна, но очигледно е дека и мажите и жените се подложни на доживување некаква форма на насилство кое потпаѓа под првата група (видете Фигура 6-10). Меѓутоа, се јавуваат забележливи разлики во возрасните групи од: 30-34, 60-64 и 75-79 години во кои за женските респонденти постои значителна веројатност дека ќе бидат жртви.

**Фигура 6-9 Класификација во интервали од пет години (15- 80+) на жртви на 1-та група на психолошко насилство**




**Фигура 6-10 Родов раздел на 1-та група на психолошко насилство според возрасни групи**




Гледајќи поодблиску на уделот на жртвите во возрасните групи се забележува значајна матрица. (видете Фигура 6.11). Уделот на жртви во секоја од 5-годишните групи општо земено се намалува со зголемувањето на возраста. Најранливите групи се чини се најмладите (15-19 години), но овој наод треба да се разгледува со претпазливост бидејќи 50% од нив изјавиле дека биле подложни на родителска контрола во однос на дејства спомнати погоре во текстот. Меѓутоа, некои од респондентите имаат исто така изјавено дека биле изложени на други форми на насилство од првата група и поради тоа големиот удел на жртви во оваа група не треба да биде потценет. Повикувајќи се на родовата дистрибуција претставена во Фигурата 6-10 јасно е дека кај женските респонденти има поголема веројатност дека ќе доживеат некоја форма од првата група на психолошко насилство. Имено, уделот на женски жртви е 58%, додека машките жртви учествуваат со 42% од вкупниот број на регистрирани жртви во првата група на психолошко насилство.

**Фигура 6-11** **Удел на жртви во првата група на психолошко насилство во рамките на возрасните групи**




Земајќи го предвид статусот на вработеност на жртвата во првата група на психолошко насилство студијата открива дека повеќе од една четвртина од овие лица се невработени (видете Фигура 6-12). Втората најголема група на жртви се домаќинки со удел од 18%. Обете групи сочинуваат 45.4% што одново ја потврдува ранливоста на економски послабите лица коишто се подложни на семејно насилство што обично произлегува од економски позајакнатиот/те член/ови на домаќинството.

**Фигура 6-12** **Статус на вработеност на жртвите на 1-та група на психолошко насилство**




Фигурата 6-13 го претставува уделот на жртви во рамките на четирите најголеми групи засновани на статусот на вработеност. Уделот на жртви во групата „домаќинки" е најголем (51%), додека уделот на жртви и во „вработени во приватни компании" и „невработени" е преку 30%. Повеќе од една петтина од пензионираните респонденти изјавиле дека имаат доживеано барем една форма на психолошко насилство од првата група.

**Фигура 6-13** **Удел на жртви од првата група на психолошко насилство во рамките на групите според статус на вработеност**




Во однос на етничката припадност на респондентите, првиот тип на психолошко насилство може да се најде кај секоја поголема етничка група во Македонија. Меѓутоа, важно е да се извести дека е утврдено огромно учество на жртви подложени на првата група на психолошко насилство од ромската заедница, а кое изнесува 61% (видете Фигура 6-14). Исто така, забележани се високи удели во секоја етничка група.

**Фигура 6-14** **Удел на жртвите од првата група на психолошко насилство во рамките на етничките групи**



## 6.2 Анализа на втората група на психолошко насилство – економско насилство

Втората група на психолошко насилство е поврзана со форми на насилство со економска конотација. Како што е презентирано во Табела 6.1, анкетата регистрирала 145 случаи на вакво насилство од кои 42.76% се однесуваат на одбивање да се даде соодветно финансиско учество во трошоците на домаќинството. Повеќе од една третина може да се припише на забрана да се заработуваат пари преку работа, па овие форми на насилство изнесуваат речиси 80% од регистрираното економско насилство. Повторно, ние го потсетуваме читателот дека најголемиот дел од ова насилство ги зафаќа жените (76.6% од сите случаи).

Следејќи го истиот пристап како и во претходниот дел, декомпозицијата на жртвите од втората група на психолошко насилство според возрасни групи открива дека мнозинството од жртвите се концентрира кај возрасните групи помеѓу 35 и 54 години (видете Фигура 6-15).

**Фигура 6-15 Петгодишна класификација (15- 80+) на жртвите на 2-та група на психолошко насилство**




Спротивно на првата група на психолошко насилство, жртвите на втората група се предоминантно женски (видете Фигура 6-16). Имено, 73.2% од жртвите на економското насилство се жени. Со исклучок на возрасните групи 20-24 и 70-74, жените во енормна мера се подложни на економско насилство во сите останати возрасни групи. Овој наод ја истакнува потребата за економско зајакнување на жените како еден од најважните фактори во справувањето со семејното насилство.

Од гледна точка на статусот на вработеност на жртвите на економско насилство (видете Фигура 6-17) може да се види дека повеќе од третина од невработените респонденти имаат изјавено дека биле жртви на економско насилство, додека 22.3% и 15.2% од домаќинките и пензионираните, соодветно исто така имаат известено за такво насилство.

**Фигура 6-16** **Родов раздел на 2-та група на психолошко насилство распределено според возрасни групи**




**Фигура 6-17** **Удел на жртвите на втората група на психолошко насилство во рамките на групите распределени според статус на вработеност**




Спротивно на првата група на психолошко насилство тука не се најдени значајни разлики во уделот на жртвите на економско насилство во рамките на етничките групи.

## 6.3 Анализа на третата група на психолошко насилство (насилство поврзано со навредување, деградирање/омаловажување и закaнување)

Третата група на психолошко насилство е поврзана со навредување, деградирање/омаловажување и заканување на жртвите. Возрасната структура е претставена во Фигура 6-18. Возрасната дистрибуција на жртвите е помалку или повеќе униформно дистрибуирана со исклучок на возрасната група 55-59 години на која и отпаѓаат речиси 12% од жртвите на третата група на психолошко насилство.

**Фигура 6-18 Петгодишна класификација (15- 80+) на жртви на 3-та група на психолошко насилство**




Во однос на родовата дистрибуција 74.8% од жртвите се женски, со најголем удел во споредба со останатите две групи на насилство. Предоминантноста на жените како жртви на третата група на психолошко насилство исто така е очигледна кога се гледа Фигурата 6-19.

**Фигура 6-19 Родов раздел на 2-та група на психолошко насилство според возрасни групи**



Гледајќи го статусот на вработеност на овие жртви, „невработените", „домаќинките" и „пензионираните" повторно се јавуваат како предоминантни групи (видете Фигура 6-20). Оваа конзистентност е многу значаен индикатор за профилот на типични жртви на психолошко насилство.

**Фигура 6-20 Статус на вработеност на жртвите во 3-та група на психолошко насилство**




Спротивно од првата група на психолошко насилство тука нема значајни разлики во уделот на жртви од третата група на психолошко насилство во рамките на етничките групи.

# 7. Анализа на физичко насилство

Вкупно 92 случаи на физичко насилство се евидентирани во анкетата. Табелата 7.1 ги дава резултатите за жените и мажите и пресметаните кореспондентни преваленции. Преваленцата кај жените е три пати повисока одошто онаа известена од страна на мажите. Исто така, процентот во рамките на групата жени е три пати повисок и концентрацијата на жртвите го надминува овој сооднос (78% од сите жртви на физичко насилство во домаќинствата се жени).

**Табела 7.1 Преваленца на физичко насилство распределена според пол**

| | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) | Лица кои доживеале насилство/лица кои не доживеале насилство * 100 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Мажи | 20 | 898 | 918 | 2,2 | 97,8 | 100,0 | 21,7 | 44,7 | 43,7 | 2,2 | 2,2 |
| Жени | 72 | 1.110 | 1.182 | 6,1 | 93,9 | 100,0 | 78,3 | 55,3 | 56,3 | 6,1 | 6,5 |
| Вкупно | 92 | 2.008 | 2.100 | 4,4 | 95,6 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 4,4 | 4,6 |

Имајќи предвид дека примерокот е многу мал, разделот во други категории прави да не се советува да се даваат други коментари кои би биле валидни во стриктно статистичка смисла. Меѓутоа, следните параграфи ќе се обидат да дадат општ опис на жртвите на ваквиот вид насилство во македонските домаќинства.

Анализата според возраст јасно истакнува дека постои голема концентрација на жртвите на овој вид насилство кај постарите возрасни групи на жени и кај помладите возрасни групи на мажи. Статистиките со хи-квадрат се значајни само во случајот со жените. Ова е, исто така, многу различен резултат од оној за психолошкото насилство кое се чини се концентрира кај помладите возрасни групи и за мажи и за жени. И навистина во овој случај, речиси 60% од жените-жртви на физичко насилство во примерокот се на возраст помеѓу 30 и 54 години.

Во однос на статусот на пазарот на трудот, наодите за физичкото насилство се многу слични со оние од психолошкото насилство со 80% концентрација на преваленцата кај женските жртви или во категоријата невработени или во категоријата неактивни. Меѓутоа, статистиките со хи-квадрат не беа значајни.

Разгледувајќи ја локацијата, физичкото насилство еднакво е известено и во руралните и во урбаните области (50%), но преваленцата е повисока во руралните области (7.3% наспроти 5.2%). Меѓутоа, хи-квадратот не покажува значајност ни тука ни во анализата според региони.

Според етнички групи, најголемиот број случаи е концентриран кај Македонците (79% од случаите) што најверојатно е резултат на застапеноста во повисок број на оваа етничка група во примерокот. Меѓутоа, преваленцата е повисока кај други етнички групи, конкретно кај Ромите. Но статистиките со хи-квадрат не покажаа значајност за оваа варијабла.

Според ниво на образование, повторно се потврдува концентрацијата на жртвите кај оние со основно образование или помалку (55% од сите случаи) иако, исто така концентрацијата на жртви и кај оние со средно образование е висока и изнесува 40%. Во секој случај, преваленцата повторно покажува обратен однос – колку што е пониско образовното ниво толку е повисока преваленцата на физичко насилство. Статистиките со хи-квадрат не се значајни.

Конечно, во однос на последиците кои физичкото насилство ги имало врз жртвите, Табелата 7.2 ги покажува резултатите на прашањата поставени на жртвите за нивото на влијанието врз нивното физичко здравје и ментална добросостојба. Има 15 случаи кои недостигаат од вкупниот број на жртви на физичко насилство што значи дека иако посочиле дека имаат преживеано насилство тие не одговориле на прашањето како тоа влијаело врз нив, вклучувајќи ја и опцијата на „не знам". Мнозинството мажи кои доживувале физичко насилство во нивните домаќинства се чини дека мислат дека тоа нема никаков ефект врз нив, додека само 26% од жените-жртви го споделуваат ова мислење. На другиот крај, само 25% од мажите-жртви на физичко насилство мислат дека ова има многу влијаено на нив, споредено со 42.6% од жените. Статистиките со хи-квадрат покажуваат дека нема значајна поврзаност или разлики на оваа варијабла.

**Табела 7.2 Самоизвестено ниво на ефект на физичкото насилство врз физичката и менталната добросостојба**

| | Бројки | | | % | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво на ефектот | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно |
| Нема ефект | 10 | 16 | 26 | 62,5 | 26,2 | 33,8 |
| Малку | 2 | 18 | 20 | 12,5 | 29,5 | 26,0 |
| Многу | 4 | 26 | 30 | 25,0 | 42,6 | 39,0 |
| Не знам | 0 | 1 | 1 | 0,0 | 1,6 | 1,3 |
| Вкупно | 16 | 61 | 77 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

# 8. Анализа на сексуално насилство

Беа евидентирани 18 случаи на сексуално насилство (ова прашање им беше поставено само на женските респонденти). Ова резултира со стапка на преваленца од 1.5%. Исто така, мора да се забележи дека многу од анкетите за семејно насилство вклучуваат и други видови сексуално насилство врз жената, па така мора да се внимава во споредувањето на стапките на преваленца коишто може воопшто да не се споредливи. Анкетата која овде е предмет на анализа не ја мери преваленцата во текот на животот, туку повеќе преваленцата во тековното домаќинство и во текот на последните 12 месеци.

Следните табели го претставуваат разделот на сексуалното насилство само за оние случаи каде со хи-квадрат тестот се добила значајна варијабла. Да започнеме со Табелата 8.1 дадена подолу во текстот која го дава разделот според региони. Во источниот и североисточниот регион стапката на преваленца (заснована само на 5 случаи во секој од нив) е повеќе од двојна од просечната стапка. Овде беа идентификувани и најголемиот број од случаите (55.6% од сите 18 случаи).

**Табела 8.1 Сексуално насилство врз жените распределено според региони (NUTS-3)**

| | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Регион | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | |
| Вардарски | 2 | 124 | 126 | 1,6 | 98,4 | 100,0 | 11,1 | 10,7 | 10,7 | 1,6 |
| Источен | 5 | 130 | 135 | 3,7 | 96,3 | 100,0 | 27,8 | 11,2 | 11,4 | 3,7 |
| Југозападен | 3 | 127 | 130 | 2,3 | 97,7 | 100,0 | 16,7 | 10,9 | 11,0 | 2,3 |
| Југоисточен | 1 | 126 | 127 | 0,8 | 99,2 | 100,0 | 5,6 | 10,8 | 10,7 | 0,8 |
| Пелагониски | 0 | 153 | 153 | 0,0 | 100,0 | 100,0 | 0,0 | 13,1 | 12,9 | 0,0 |
| Полошки | 2 | 136 | 138 | 1,4 | 98,6 | 100,0 | 11,1 | 11,7 | 11,7 | 1,4 |
| Североисточен | 5 | 131 | 136 | 3,7 | 96,3 | 100,0 | 27,8 | 11,3 | 11,5 | 3,7 |
| Скопје | 0 | 237 | 237 | 0,0 | 100,0 | 100,0 | 0,0 | 20,4 | 20,1 | 0,0 |
| Вкупно | 18 | 1.164 | 1.182 | 1,5 | 98,5 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 1,5 |

Следно во Табелата 8.2 се дадени резултатите поделени според урбано/рурално; случаите што беа откриени се главно во руралните области (66.7%) и преваленцата исто така беше висока во руралните области.

**Табела 8.2 Сексуално насилство врз жените распределено според урбани и рурални области**

| | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по ред) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% по колона) | Преваленца (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | |
| Рурално | 12 | 481 | 493 | 2,4 | 97,6 | 100,0 | 66,7 | 41,3 | 41,7 | 2,4 |
| Урбано | 6 | 683 | 689 | 0,9 | 99,1 | 100,0 | 33,3 | 58,7 | 58,3 | 0,9 |
| Вкупно | 18 | 1.164 | 1.182 | 1,5 | 98,5 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 1,5 |

Анализата во Поглавјето 13 ги анализира физичкото и сексуалното насилство земени заедно во логит моделот. Ова е направено така со цел да се одреди која од варијаблите има влијание врз намалување или зголемување на веројатноста лицето да доживее ваков вид насилство. Иако видовите и последиците од овие видови насилство се многу различни, ограничувањата и проблемот на малкуте податоци може барем делумно да бидат надминати со употребата на ваков вид анализа за да се направи обид да се извлечат што е можно повеќе информации.

Како последица на сексуалното насилство, жртвите беа запрашани директно како тие мислат дека тоа има влијаено врз нивното ментално и физичко здравје. Резултатите се дадени во Табелата 8.3. Повеќе од половината од жените мислат дека ова искуство има многу влијаено на нив. Прашалникот не вклучуваше никакви прашања за тоа кои се конкретните последици коишто ова ги имало во медицинска смисла.

**Табела 8.3 Самоизвестено ниво на ефектот на сексуалното насилство врз физичката и менталната добросостојба**

| Ниво на ефект | Бројки | % |
|---|---|---|
| Никаков ефект | 1 | 5,6 |
| Малку | 5 | 27,8 |
| Многу | 10 | 55,6 |
| Не знам | 2 | 11,1 |
| Вкупно | 18 | 100,0 |

# 9. Анализа на сторителите

Во поглавјето 4 накусо се дискутира извршувањето на психолошкото насилство во домаќинство во контекст на инциденцата на овој тип насилство, но имајќи предвид дека во анкетата зачестеноста со која се доживува насилството од страна на респондентите беше поврзана со лицето во домаќинството што го извршува насилството. Во фигурите 9-1 и 9-2 се дава резимирана верзија која дава подетален преглед на сторителите разделувајќи ги според полот на сторителот. Иако во принцип од анкетата можеа да се добијат повеќе информации за сторителите, дополнителните прашања за тоа дали сторителот сè уште живее во домаќинството не беа поставени. Поради тоа, анализата е ограничена на одговорите кои директно беа дадени од страна на респондентите за тоа кој го извршил насилството.

Во фигурите 9-1 и 9-2 е дадена дистрибуцијата на сторителите на психолошкото насилство во проценти и согласно тоа во каков однос се со жртвата. И додека родителите прават 34% од членовите на домаќинството што се извршители на психолошкото насилство, 56% од сторителите се или сопруги или сопрузи. Оваа последна бројка се качува и до 59% само за мажите и се намалува на 54% во случајот со жените. Во случајот со родителите, татковците се јавуваат како 29% од сторителите додека мајките со 38%.

**Фигура 9-1 Дистрибуција на мажи сторители на психолошко насилство согласно тоа во каков однос се со жртвата (%)**



**Фигура 9-2 Дистрибуција на жени сторители на психолошко насилство согласно тоа во каков однос се со жртвата (%)**




Незанемарливи речиси 10% од насилството е извршено од други членови на домаќинството, оваа група се качува до 13% за машки сторители и паѓа до 9% за женски сторители. Според пол, машките членови се јавуваат како 53% од сторителите. Повторно, во случајот со родителите, кога се разгледува психолошкото насилство и видот на прашања што се вклучени, може да се случи воопшто да не станува збор за насилство. Поранешните интимни партнери влегуваат со многу мал број и процент во примерокот.

Во однос на физичкото насилство, дистрибуцијата на сторителите меѓу членовите на домаќинството е малку различна од онаа за психолошкото насилство, како што јасно може да се види во Фигурите 9-3 и 9-4. Во случајот со жените, 48% од сите случаи на физичко насилство во домаќинството се извршени од страна на сопрузите или партнерите. Околу 31% од сите физички насилства во домаќинството се извршени од страна на родителите, а кај женските сторители мајките се јавуваат во 71% од сите дејства на физичко насилство, а ова се намалува до 24% во случајот со татковците. Меѓутоа, важно е да се каже дека 67.7% од родителите кои извршуваат насилство согласно анкетата се татковците. Другите членови на семејството исто така имаат голема улога во извршувањето на физичко насилство со околу 18% од вкупниот број, додека кај мажите ова претставува 15% и кај жените ова се качува до 28%. Повторно, дистрибуцијата директно не ја раскажува приказната, бидејќи всушност 86.2% од сите сторители на физичко насилство во анкетата се мажи. Забележете дека во примерокот не се јавува случај сопруга да извршува физичко насилство, што не значи дека нема такви случаи!

**Фигура 9-3** **Дистрибуција на мажи сторители на физичко насилство согласно тоа во каков однос се со жртвата (%)**




**Фигура 9-4** **Дистрибуција на женски сторители на физичко насилство согласно тоа во каков однос се со жртвата (%)**




Конечно, во однос на **сексуалното насилство,** многу малкуте случаи кои биле известени (18) покажуваат дека 100% од случаите се извршени од страна на сегашните сопрузи или поранешни интимни партнери/сопрузи, а што е логично бидејќи само жени биле прашувани. Во случајот со анкетата за Косово што ја спомнавме погоре во текстот, имаше наоди за женски сторители на сексуални дела бидејќи беше утврдено дека кај мажите се јавува стапка на преваленца од 1.3% (за жените, го потсетуваме читателот стапката беше 3.5%).

# 10. Анализа на ставовите и мислењата во врска со семејното насилство, хипотетичко известување и свесност

**Респондент од Штип**

**„Во бракот сè е засновано на договор, бракот значи ставање ограничувања на тоа дали да се излезе со пријателите, да се посети доктор или да се земат нејзини пари.”**

**Респондент од Куманово**

**„Сопругот како глава на домаќинството мора секогаш да знае каде е и што прави неговата сопруга, тоа не е насилство”**

Овој дел од анкетата ги мери ставовите на населението во врска со семејното насилство и знаењето што населението го има за јавните политики и законодавството кое го адресира овој вид насилство. Табелите од 10.1 до 10.13 ги опфаќаат општите ставови во примерокот од населението, а во врска со односите помеѓу брачните другари.

Општо земено, има тенденција на постоење на конзервативен став кај населението и во најголемиот број случаи тоа е позабележливо кај мажите одошто кај жените (Табели 10.1, 10.8 и 10.9). Меѓутоа, кога станува збор за ставови во врска со насилството тогаш има значајно отфрлање на сексуалното насилство (Табела 10.5), иако, исто така, има и голем удел од населението кое прифаќа изјави дека сопругата треба секогаш да му се потчини на сопругот кога станува збор за сексуален однос.

Перцепциите во врска со мажите како главни придонесувачи во семејниот буџет сè уште се мошне силни во општеството (Табели 10.2 и 10.6) но, исто така, има и големо прифаќање на тоа жените економски да придонесуваат во домаќинството (Табела 10.7). Иако има високо присуство на согласност и од страна на мажите и на жените дека брачните другари треба да ги изразуваат разликите во врска со нивните односни однесувања, постои силно чувство дека дискусиите треба да се строго приватни (Табели 10.10 до 10.13).

Овие ставови може дополнително да се истражат со мерење на целокупните стапки на преваленца кои се најдени во анкетата и може да бидат употребени во идни истражувања.

**Табела 10.1 .** Дали се согласувате со следното: **Една добра сопруга/жена треба секогаш да се покорува на мислењето на сопругот/мажот дури и кога не го дели истото мислење**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 391 | 460 | 851 | 45,9 | 54,1 | 100,0 | 42,6 | 38,9 | 40,5 | 91,4 | 76,4 | 65,3 | 70,0 |
| Не | 512 | 704 | 1.216 | 42,1 | 57,9 | 101,0 | 55,8 | 59,6 | 57,9 | 106,8 | | | |
| НЗ | 15 | 18 | 33 | 45,5 | 54,5 | 102,0 | 1,6 | 1,5 | 1,6 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.2** Дали се согласувате со следното: **Важно е сопругот/партнерот да се чувствува дека е главата на семејството**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 611 | 773 | 1.384 | 44,1 | 55,9 | 100,0 | 66,6 | 65,4 | 65,9 | 98,3 | 205,0 | 203,4 | 204,1 |
| Не | 298 | 380 | 678 | 44,0 | 56,0 | 101,0 | 32,5 | 32,1 | 32,3 | 99,0 | | | |
| НЗ | 9 | 29 | 38 | 23,7 | 76,3 | 102,0 | 1,0 | 2,5 | 1,8 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.3** Дали се согласувате со следното: **Важно е сопругата/жената никогаш да не му противречи / ДА НЕ ГО КРИТИКУВА својот сопруг/партнер пред други членови на семејството или пред други луѓе**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 617 | 775 | 1.392 | 44,3 | 55,7 | 100,0 | 67,2 | 65,6 | 66,3 | 97,6 | 215,0 | 199,7 | 206,2 |
| Не | 287 | 388 | 675 | 42,5 | 57,5 | 101,0 | 31,3 | 32,8 | 32,1 | 105,0 | | | |
| НЗ | 14 | 19 | 33 | 42,4 | 57,6 | 102,0 | 1,5 | 1,6 | 1,6 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.4** Дали се согласувате со следното: **Важно е за сопругата/жената да бара дозвола од сопругот/партнерот за да оди во посета кај роднини или пријатели**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 330 | 364 | 694 | 47,6 | 52,4 | 100,0 | 35,9 | 30,8 | 33,0 | 85,7 | 57,1 | 45,8 | 50,6 |
| Не | 578 | 794 | 1.372 | 42,1 | 57,9 | 101,0 | 63,0 | 67,2 | 65,3 | 106,7 | | | |
| НЗ | 10 | 24 | 34 | 29,4 | 70,6 | 102,0 | 1,1 | 2,0 | 1,6 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.5** Дали се согласувате со следното: **Обврска на сопругата/жената е да води љубов/да има секс со својот сопруг/партнер дури и кога е против нејзина волја**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 148 | 160 | 308 | 48,1 | 51,9 | 100,0 | 16,1 | 13,5 | 14,7 | 84,0 | 20,8 | 16,6 | 18,4 |
| Не | 712 | 963 | 1.675 | 42,5 | 57,5 | 101,0 | 77,6 | 81,5 | 79,8 | 105,0 | | | |
| НЗ | 58 | 59 | 117 | 49,6 | 50,4 | 102,0 | 6,3 | 5,0 | 5,6 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.6** Дали се согласувате со следното: **Неуспех е на сопругот/мажот доколку не може да заработи доволно пари и да ги обезбеди сопругата и семејството**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 395 | 400 | 795 | 49,7 | 50,3 | 100,0 | 43,0 | 33,8 | 37,9 | 78,6 | 82,3 | 54,3 | 65,4 |
| Не | 480 | 736 | 1.216 | 39,5 | 60,5 | 101,0 | 52,3 | 62,3 | 57,9 | 119,1 | | | |
| НЗ | 43 | 46 | 89 | 48,3 | 51,7 | 102,0 | 4,7 | 3,9 | 4,2 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.7** Дали се согласувате со следното: **Пожелно/ПОЗИТИВНО/ДОБРО е доколку жената заработува пари и придонесува во семејниот буџет**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 842 | 1.097 | 1.939 | 43,4 | 56,6 | 100,0 | 91,7 | 92,8 | 92,3 | 101,2 | 1403,3 | 1769,4 | 1589,3 |
| Не | 60 | 62 | 122 | 49,2 | 50,8 | 101,0 | 6,5 | 5,2 | 5,8 | 80,3 | | | |
| НЗ | 16 | 23 | 39 | 41,0 | 59,0 | 102,0 | 1,7 | 1,9 | 1,9 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.8** Дали се согласувате со следното: **Важно е за сопругата/жената да побара дозвола од сопругот/партнерот за да работи или да се пријави за некое работно место**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 489 | 617 | 1.106 | 44,2 | 53,8 | 100,0 | 53,3 | 52,2 | 52,7 | 98,0 | 119,9 | 118,0 | 118,8 |
| Не | 408 | 523 | 931 | 43,8 | 56,2 | 101,0 | 44,4 | 44,2 | 44,3 | 99,6 | | | |
| НЗ | 21 | 42 | 63 | 33,3 | 66,7 | 102,0 | 2,3 | 3,6 | 3,0 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.9** Дали се согласувате со следното: **Важно е за сопругата/жената да побара дозвола од сопругот/партнерот за да продолжи со учење или да аплицира во некое училиште**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 424 | 551 | 975 | 43,5 | 56,5 | 100,0 | 46,2 | 46,6 | 46,4 | 100,9 | 100,5 | 104,2 | 102,5 |
| Не | 422 | 529 | 951 | 44,4 | 55,6 | 101,0 | 46,0 | 44,8 | 45,3 | 97,4 | | | |
| НЗ | 72 | 102 | 174 | 41,4 | 58,6 | 102,0 | 7,8 | 8,6 | 8,3 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.10** Дали се согласувате со следното: **Во ред е сопругата/жената отворено да го критикува сопругот/мажот кога не ѝ се допаѓа неговото однесување**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 613 | 831 | 1.444 | 42,5 | 57,5 | 100,0 | 66,8 | 70,3 | 68,8 | 105,3 | 214,3 | 257,3 | 237,1 |
| Не | 286 | 323 | 609 | 47,0 | 53,0 | 101,0 | 31,2 | 27,3 | 29,0 | 87,7 | | | |
| НЗ | 19 | 28 | 47 | 40,4 | 59,6 | 102,0 | 2,1 | 2,4 | 2,2 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.11** Дали се согласувате со следното: **Во ред е сопругот/мажот отворено да ја критикува сопругата/жената кога не му се допаѓа нејзиното однесување**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 629 | 834 | 1.463 | 43,0 | 57,0 | 100,0 | 68,5 | 70,6 | 69,7 | 103,0 | 233,8 | 259,8 | 248,0 |
| Не | 269 | 321 | 590 | 45,6 | 54,4 | 101,0 | 29,3 | 27,2 | 28,1 | 92,7 | | | |
| НЗ | 20 | 27 | 47 | 42,6 | 57,4 | 102,0 | 2,2 | 2,3 | 2,2 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.12** Дали се согласувате со следното: **Важно е сопругот/мажот никогаш ДА НЕ ЈА КРИТИКУВА/или да и противречи на својата сопругата пред децата и други членови на семејството или пред други луѓе**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по колона) | Коефициент Ж/М според исти ставови, стандардизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 710 | 936 | 1.646 | 43,1 | 56,9 | 100,0 | 77,3 | 79,2 | 69,7 | 102,4 | 371,7 | 425,5 | 400,5 |
| Не | 191 | 220 | 411 | 46,5 | 53,5 | 101,0 | 20,8 | 18,6 | 28,1 | 89,5 | | | |
| НЗ | 17 | 26 | 43 | 39,5 | 60,5 | 102,0 | 1,9 | 2,2 | 2,0 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

**Табела 10.13** **Дали се согласувате со следното: Важно е сопругата/жената никогаш ДА НЕ ГО КРИТИКУВА/или да му противречи на сопругот/мажот пред децата и други членови на семејството или пред други луѓе**

| | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по ред) | Род | | Вкупно (% по коло-на) | Коефициент Ж/М според исти ставо-ви, стандар-дизирано | Коефициент ставови според род | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | Мажи | Жени | | | М: Д/Н | Ж: Д/Н | В: Д/Н |
| Да | 728 | 943 | 1671 | 43,6 | 56,4 | 100,0 | 79,3 | 79,8 | 79,6 | 100,6 | 418,4 | 446,9 | 434,0 |
| Не | 174 | 211 | 385 | 45,2 | 54,8 | 101,0 | 19,0 | 17,9 | 18,3 | 94,2 | | | |
| НЗ | 16 | 28 | 44 | 36,4 | 63,6 | 102,0 | 1,7 | 2,4 | 2,1 | | | | |
| Вкупно | 918 | 1.182 | 2.100 | 43,7 | 56,3 | 103,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | |

Во дополнение на овие прашања беа поставени и други видови прашања во врска со толеранцијата на физичкото насилство. Во овој случај огромно мнозинство од македонското општество (просек од 80%) го отфрла физичкото насилство и не оправдува насилно однесување како начин за разрешување на брачните конфликти. Меѓутоа, сè уште има 20% од примерокот кои се согласуваат. Ќе биде потребна подлабока анализа со употреба на други варијабли како што се возраста и етничката припадност, особено при изготвувањето на идни кампањи против насилството.

## 10.1 Хипотетичко известување на насилство и колку

Следните фигури (10-1 и 10-2) ја прикажуваат дистрибуцијата кај мажите и жените за известување на насилство кај различни поединци и организации. Овие одговори се резултат на **хипотетичко** прашање и како такво тоа открива само ставови и перцепции на населението. Ова е различно од анализата која е дадена подолу во текстот, а која разгледува каде фактичките жртви на насилството отишле да побараат помош како и нивната проценка на квалитетот на добиените услуги.

Постојат бројни разлики кои вреди да се спомнат. На прво место, за мажите е помалку веројатно дека би известиле за насилство отколку за жените, што е конзистентно со меѓународните и регионалните наоди. За жените е утврдено дека е поверојатно дека би им кажале на родителите (свои или на сопругот), а би кажале и на други роднини. Мажите и жените би се потпреле на своите пријатели во речиси исти соодноси како и во однос на своите соседи. Во однос на институциите мажите се поподготвени да отидат во полиција одошто жените, но жените би се потпреле на докторите и медицинските сестри повеќе одошто мажите, иако не во многу големи бројки. НВО не би биле претпочитан избор вкупно гледано и помалку одошто потпирањето врз социјалните работници.

**Фигура 10-1** **Известување и кого, жени**



**Фигура 10-2** **Известување и кого, мажи**




## Свесност за политиките и законодавството

Населението на Македонија се чини дека е добро запознаено со последиците за сторителите од вршењето насилство (91% одговориле дека знаат дека дејствата на семејно насилство претставуваат кривично дело), и за политиките (76% потврдиле дека социјалните служби се тука за да ги штитат жртвите). Меѓутоа постои помалку конкретно знаење за правните чекори што можат да се преземат. Како и да е, тоа сè уште важи само за половина од населението. Следната табела ги прикажува резултатите од сите опции.

**Табела 10.14** **Познавање на законодавството и политиките за семејното насилство**

| Прашања | Проценти на одговори „да" |
|---|---|
| Дали семејното насилство претставува кривично дело? | 91.5 |
| Дали Законот за семејство на Република Македонија овозможува заштита и борба против семејното насилство? | 59.9 |
| Дали Законот за семејство обезбедува привремени мерки за заштита за жртвите на семејно насилство? | 53.9 |
| Дали сметате дека Законот за семејство и Кривичниот законик ја обезбедуваат потребната заштита и ги казнуваат сторителите? | 45.2 |
| Дали постојат социјални служби во Македонија чија цел е да се заштитат жртвите од насилство? | 76.0 |

## Анализа на услугите според мислењата на жртвите и некои екстремни случаи на насилство дадени во анкетата

Анкетата ги прашуваше жртвите дали воопшто и кого контактирале за да пријават случаи на насилство. Во овој случај имаше многу ограничен одговор и беа евидентирани само 127 случаи.

Табелата дадена подолу во текстот прикажува дека **јавните служби кои најмногу биле контактирани** се полицијата, центрите за социјална работа и здравствените домови. Меѓутоа, доколку се гледа разделено според вид на насилство и карактеристики на респондентите, најчесто контактираните служби потпаѓаат под категоријата „останати", којашто ги вклучува семејството и религиозни институции или претставници. Всушност, преку **три четвртини од инцидентите НЕ се известени кај ниедна јавно достапна служба.**

Исто така, врз основа на собраните одговори, кај Македонците постои најголема веројатност, и всушност тие се единствената група од населението кои би пријавила инцидент на виктимизација кај која и да е јавна служба. За албанското население е утврдено дека ако воопшто пријавува насилство, тогаш најверојатно би пријавило кај здравствените служби.

Овие резултати во целина се поклопуваат со прашањата во анкетата за ставовите во однос на насилството. Респондентите одговориле дека најголема веројатност има да пријават случај на насилство најпрво во полиција (33%), зад која следат социјалните работници (11%).

Меѓутоа, многу висок процент 72% од сите респонденти одговориле дека тие не би кажале никому и само 19% би им кажеле на нивните родители. Овие четири опции сочинуваат вкупно 87.3% од сите одговори на респондентите. (Видете претходно поглавје).

СОС-линијата не беше спомната од страна на лицата кои беа интервјуирани и поради тоа нема информација за неа. Ова не значи дека лицата не ја користат оваа услуга, туку дека ниедно од лицата вклучени во примерокот кои биле интервјуирани не ја користело. Според мислењето на еден од респондентите овие линии „не си ја вршат својата работа".

**Табела 0.** Пријавување распределено според видот на насилство и карактеристики на жртвите (% колони збир 100%)

| Услуги | | % | % | % | % | % | % | | % | | | | | | | % | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Н броеви | Случаи на СН | Психолошко насилство | Психолошко насилство во последните 12 месеци | Физичко насилство | Сексуално насилство | Род на жртвите на СН | | Етничка припадност на сите жртви на СН | | | | | | | Урбаност | |
| | | | | | | | М | Ж | македонска | албанска | српска | турска | ромска | бошњачка | останати | рурална | урбана |
| Заштита од полицијата | 17 | 13,4 | 13,0 | 10,1 | 25,0 | 10,0 | 4,2 | 15,5 | 15,2 | 0,0 | 50,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 10,6 | 15,0 |
| Социјални служби | 13 | 10,2 | 10,4 | 7,9 | 18,8 | 20,0 | 0,0 | 12,6 | 12,4 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 12,8 | 8,8 |
| Здравствена заштита | 10 | 7,9 | 6,1 | 4,5 | 14,1 | 20,0 | 0,0 | 9,7 | 7,6 | 12,5 | 0,0 | 50,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 6,4 | 8,8 |
| Линија за помош, СОС | | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Психолошка поддршка (индивидуална/ групна поддршка) | 4 | 3,1 | 2,6 | 4,5 | 3,1 | 10,0 | 4,2 | 2,9 | 3,8 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 5,0 |
| Правна помош/ застапување во суд | 2 | 1,6 | 1,7 | 1,1 | 1,6 | 0,0 | 0,0 | 1,9 | 1,9 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 2,5 |
| Вработување | 1 | 0,8 | 0,9 | 0,0 | 1,6 | 0,0 | 0,0 | 1,0 | 1,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 1,3 |
| Сместување во засолниште | 1 | 0,8 | 0,9 | 1,1 | 1,6 | 0,0 | 0,0 | 1,0 | 0,0 | 0,0 | 50,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 2,1 | 0,0 |
| Останато | 79 | 62,2 | 64,3 | 70,8 | 34,4 | 40,0 | 91,7 | 55,3 | 58,1 | 87,5 | 0,0 | 50,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 68,1 | 58,8 |

Во однос на проценката на квалитетот на услугите кои биле добиени може да се каже дека постои висока стапка на задоволство во врска со услугите на НВО и здравствената заштита. Меѓутоа, задоволството од полицијата и центрите за социјална работа се чини дека не е многу високо и покажува дека постои простор за подобрувања. Меѓу најчесто наведените причини за незадоволство беа недостигот на интерес и недостигот на ефикасност како и „останати" причини.

Во однос на конечните резултати како последица од контактирањето на различни служби забележани се само малку случаи и тие не се статистички значајни. Меѓутоа, најчестиот одговор е дека била дадена психосоцијална поддршка.

Немаше ниту еден евидентиран случај на спомнување на СОС-линијата за помош како извор на поддршка иако беше вклучена како избор во одговорите на анкетата.

## 10.2 Некои екстремни случаи на насилство

Следните случаи беа извлечени од анкетата за да се истакнат некои од ситуациите кои ги доживувале жртвите на насилство, а за кои тие биле во состојба да можат да ги споделат со интервјуерите. Тие беа избрани со цел да се прикажат различните возрасни групи и родот како и различните ставови на самите жртви.

### 1. Случај на девојче од 15 години, ученичка, рурална област во Скопје

Оваа жртва пријави 15 форми на психолошко насилство во нејзиното тековно домаќинство кои се случиле во последните 12 месеци. Главните сторители се нејзините родители. Таа ги нема споделено овие работи со никого, иако мисли дека нејзината ситуација има сериозни последици врз нејзиното ментално и физичко здравје. Главната причина за молчењето е срамот.

Оваа девојка исто така е жртва и на физичко насилство од страна на нејзиниот татко кој според нејзиното мислење, тоа го чини од стрес и нервоза што ја има од справувањето со некои проблеми. За среќа таа известува дека немало сериозни физички повреди. Во однос на нејзините одговори на прашањата во однос на ставовите, може да се заклучи дека таа е воспитана многу конзервативно, особено во врска со мислењето во однос на доминантната улога на мажите во семејството.

### 2. Случај на домаќинка, на возраст од 65 години, од рурална област во југозападниот регион, жртва на психолошко, физичко и сексуално насилство

Оваа жена пријави 10 вида на психолошко насилство во нејзиното тековно домаќинство во последните 12 месеци. Нема докази за економско насилство.

Главниот сторител на сите три вида насилство е нејзиниот сопруг. Нејзините деца и некои пријатели знаат за психолошкото насилство. Она што е интересно е што таа ги споредува можните последици на психолошкото насилство како „малку", веројатно споредувајќи ги со последиците од останатите видови на насилство со кои се соочува.

Нејзиниот сопруг во текот на нивниот заеднички живот многупати, а и во последните 12 месеци, ја има удирано со шлаканици, фрлал работи со цел да ја удри, ја клоцал и ја тепал. Таа често има повреди од типот на исеченици, гребаници, модринки и болки. Соседите знаат за тоа и таа смета дека физичкото насилство ќе предизвика сериозни последици врз нејзиното ментално и физичко здравје.

Исто така многупати има доживувано сексуално насилство од страна на нејзиниот сопруг. Многу често има исеченици, длабоки рани и повреди на гениталиите. Таа вели дека кажува за своите проблеми на „останати" и одбива да коментира за можните последици врз нејзиното здравје.

## 3. Случај на маж, глава на домаќинството, на возраст од 55 години, со основно образование, вработен, од рурална средина во полошкиот регион, жртва на психолошко и физичко насилство од страна на неговиот веќе оженет син кој живее во истото домаќинство

Овој човек пријави случаи на психолошко насилство од видот на игнорирање и третирање со рамнодушност, зависност од другите да одлучат што да прави тој, навреди или правење да се чувствува лошо, омаловажување и понижувања пред други лица.

Патријахалната средина и начинот на живеење не му даваат храброст за да го каже ова свое искуство некому. Овие облици на насилство имаат сериозни последици врз неговото здравје.

Исто така, неговиот син го турка и удира и тој за ова им има кажано на некои негови роднини (можеби само на сопругата) и исто така мисли дека ова насилство ќе има сериозни последици врз неговото здравје. Тој има многу конзервативни мислења во врска со ставовите за родовите улоги. Смета дека семејното насилство е кривично дело и не знае дека Законот за семејни односи на РМ нуди превенција и привремена заштита.

Домаќинството потпаѓа под највисокиот квинтил на трошоци и куќата во која тој живее е од 200 м$^2$.

## 4. Случај на млад човек на возраст од 24 години со средно гимназиско образование, студира на универзитет и е од урбана област во Скопје, жртва на психолошко и физичко насилство од страна на неговите родители и браќа и тоа пред 12 месеци

Оваа жртва пријави 8 форми на психолошко насилство поврзани со лутина, ограничувања и забрани од типот на: забрана да се гледа и состанува со своите пријатели, забрани да излегува сам и без придружба, контролирање каде е, лутење кога останува надвор до доцна, одлучување за него што да прави, а што не смее, лутина доколку не ги слуша останатите членови на домаќинството.

Неговите родители се главните сторители на психолошкото насилство, а за физичкото насилство сторители, покрај родителите, се и останатите машки членови на семејството. За психолошкото насилство кое тој го проживувал вели имало малку ефекти и само неговите пријатели знаат за тоа.

Физичкото насилство многупати било повторувано и тоа удирање шлаканици, фрлање на предмети по него, клоцање и заклучување во соба, но за среќа без сериозни повреди. Тој мисли дека лицето кое му ги нанесува имало некои проблеми, а дека таткото злоупотребува алкохол. Неговите роднини и пријатели знаат за насилството. Сите сторители исто така трпат такво злоупотребувачко однесување во домаќинствата во кои имаат растено. Но, покрај сè, тој ги рангира последиците како мали. Мисли дека семејното насилство е кривично дело, но не знае дека Законот за семејни односи на РМ обезбедува превенција и привремена заштита. Тој исто така има лоши искуства со социјалните служби.

Сега живее во домаќинство сочинето од едно лице и веројатно далеку од неговите родители и немал доживеано насилство во последните 12 месеци.

# 11. Влијанието на кампањите во општеството

Во последните 4 години кај македонските медиуми на годишно ниво имало кампањи кои се однесуваат на проблемите со НПЖ. Анкетата вклучува бројни прашања кои им беа поставени на респондентите во врска со нивната свесност и запознаеност со пораката на тековната кампања. Табелата 12.1 дава резиме за тоа кое е познавањето на слоганот на кампањата, распределено според главните демографски карактеристики и според видот на жртва на насилство. Општо земено, 73% од респондентите потврдија дека ја знаат кампањата.

**Табела 12.1** **Свесност за слоганот на кампањата**

| | Точно % | Речиси точно % | Не може да се сети или погрешен слоган % | Вкупно %l | Вкупно валидни N |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно (N) | 250 | 316 | 973 | | 1539 |
| | | | | % | |
| Процент над вкупното во примерокот % | 16,2 | 15,0 | 46,3 | 73,3 | 2100 |
| ЛОКАЦИЈА | | | | | |
| Рурално | 16,0 | 22,0 | 62,0 | 100,0 | 626 |
| Урбано | 16,4 | 19,5 | 64,1 | 100,0 | 913 |
| РОД | | | | | |
| Мажи | 18,0 | 21,4 | 60,6 | 100,0 | 672 |
| Жени | 14,9 | 19,8 | 65,3 | 100,0 | 867 |
| НАЦИОНАЛНОСТ | | | | | |
| Македонска | 13,5 | 18,8 | 67,6 | 100,0 | 1189 |
| Албанска | 31,8 | 27,5 | 40,7 | 100,0 | 236 |
| Турска | 21,9 | 28,1 | 50,0 | 100,0 | 32 |
| Ромска | 6,7 | 16,7 | 76,7 | 100,0 | 30 |
| Влашка | 0,0 | 25,0 | 75,0 | 100,0 | 4 |
| Српска | 8,7 | 34,8 | 56,5 | 100,0 | 23,0 |
| Бошњачка | 5,6 | 22,2 | 72,2 | 100,0 | 18,0 |
| Останати | 28,6 | 0,0 | 71,4 | 100,0 | 7 |
| ОБРАЗОВНО НИВО | | | | | |
| Без образование | 3,7 | 11,1 | 85,2 | 100,0 | 27 |
| Незавршено основно образование | 11,2 | 15,9 | 72,9 | 100,0 | 107 |
| Основно образование | 17,1 | 20,0 | 62,9 | 100,0 | 420 |
| Средно образование | 15,3 | 20,0 | 64,8 | 100,0 | 616 |
| Гимназиско средно образование | 22,8 | 27,2 | 50,0 | 100,0 | 114 |
| Колеџ | 15,7 | 27,5 | 56,9 | 100,0 | 51 |
| Колеџ + | 18,1 | 21,6 | 60,3 | 100,0 | 204 |
| КАКОВ БИЛО ВИД НАСИЛСТВО | | | | | |
| Да | 17,7 | 20,5 | 61,9 | 100,0 | 577 |
| Не | 15,4 | 20,6 | 64,0 | 100,0 | 962 |
| ПСИХОЛОШКО НАСИЛСТВО | | | | | |
| Да | 17,8 | 20,5 | 61,7 | 100,0 | 566 |
| Не | 15,3 | 20,6 | 64,1 | 100,0 | 973 |
| ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО | | | | | |
| Да | 13,6 | 19,7 | 66,7 | 100,0 | 66 |
| Не | 16,4 | 20,6 | 63,1 | 100,0 | 1473 |

Меѓутоа, постои многу малку свесност за слоганот на кампањата, бидејќи конзистентно преку 60% од примерокот коишто ја знаеле кампањата не можеле да се сетат или кажале погрешен слоган. Исто така, Табелата 12.2 покажува дека има големо прифаќање на кампањата.

Табела 12.2 покажува дека, општо земено, а и распределено според специфични групи во општеството, кампањата била добро прифатена, вклучително и од страна на жртвите.

**Табела 12.2** **Проценка според респондентите за кампањата (дали Ви се допадна кампањата?)**

| | Да % | Неутрално % | Не % | Нема одговор % | Вкупно % | Вкупно валидни N |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1219 | 266 | 44 | 10 | | 1539 |
| | | | % | | | |
| Вкупно % | 79,2 | 17,3 | 2,9 | 0,6 | 100,0 | |
| | | | % | | | |
| Рурално | 79,6 | 17,3 | 2,6 | 0,6 | 100,0 | 626 |
| Урбано | 79,0 | 17,3 | 3,1 | 0,7 | 100,0 | 913 |
| | | | % | | | |
| Мажи | 77,2 | 19,6 | 2,5 | 0,6 | 100,0 | 672 |
| Жени | 80,7 | 15,5 | 3,1 | 0,7 | 100,0 | 867 |
| | | | % | | | |
| Македонци | 81,2 | 15,4 | 2,8 | 0,7 | 100,0 | 1189 |
| Албанци | 70,8 | 25,4 | 3,4 | 0,4 | 100,0 | 236 |
| Турци | 75,0 | 25,0 | 0,0 | 0,0 | 100,0 | 32 |
| Роми | 80,0 | 13,3 | 3,3 | 3,3 | 100,0 | 30 |
| Власи | 25,0 | 75,0 | 0,0 | 0,0 | 100,0 | 4 |
| Срби | 87,0 | 8,7 | 4,3 | 0,0 | 100,0 | 23,0 |
| Бошњаци | 72,2 | 27,8 | 0,0 | 0,0 | 100,0 | 18,0 |
| Останати | 71,4 | 14,3 | 14,3 | 0,0 | 100,0 | 7 |
| | | | % | | | |
| Без образование | 55,6 | 40,7 | 3,7 | 0,0 | 100,0 | 27 |
| Незавршено основно образование | 71,0 | 17,8 | 11,2 | 0,0 | 100,0 | 107 |
| Основно образование | 79,5 | 17,6 | 2,4 | 0,5 | 100,0 | 420 |
| Средно образование | 79,5 | 17,7 | 2,1 | 0,6 | 100,0 | 616 |
| Гимназиско средно образование | 81,6 | 14,0 | 1,8 | 2,6 | 100,0 | 114 |
| Колеџ | 72,5 | 25,5 | 2,0 | 0,0 | 100,0 | 51 |
| Колеџ + | 85,3 | 11,8 | 2,5 | 0,5 | 100,0 | 204 |
| Општо насилство | | | | | | |
| Да | 79,9 | 17,0 | 2,3 | 0,9 | 100,0 | 577 |
| Не | 78,8 | 17,5 | 3,2 | 0,5 | 100,0 | 962 |
| | | | | | | |
| Психолошко насилство | | | | | | |
| Да | 80,2 | 17,0 | 1,9 | 0,9 | 100,0 | 566 |
| Не | 78,6 | 17,5 | 3,4 | 0,5 | 100,0 | 973 |
| Физичко насилство | | | | | | |
| Да | 77,3 | 16,7 | 4,5 | 1,5 | 100,0 | 66 |
| Не | 79,3 | 17,3 | 2,8 | 0,6 | 100,0 | 1473 |

# 12. Разбирање на родовата димензија: моделирање на податоците од анкетата

Моделирањето со употреба на дихотомната логит **анализа како и мултиноминалната логит анализа може да фрли дополнително светло врз наодите со употреба на крос-табулирање на табелите од поглавјата 6 до поглавјата 9 од овој извештај.** Додадената вредност е да се мери зголемувањето или намалувањето на ризикот да се биде жртва на насилство здружено разгледувајќи избрани варијабли за да може подобро да се информира процесот на формулирање политики.

Нашите првични резултати од моделирањето со употреба на анализираната анкета во овој извештај беа направени со цел да се дефинираат некои од основните прашања кои веќе беа дискутирани во претходните поглавја. Во таа смисла **резултатите што се дадени подолу се засновани врз идентификувањето на основните детерминанти кои влијаат на повисока или пониска веројатност за присуство на семејно насилство.**

Беа изведени бројни логит процени со цел да се опфатат, пред сè различните видови насилство кои анкетата се обиде да ги измери, а и варијаблите кои **беа идентификувани** во текот на сите **поглавја на дескриптивна анализа како такви со силно влијание на тоа дали едно лице ќе доживее случај на насилство.**

Овие варијабли вклучуваат лични и социоекономски карактеристики на поединците и на домаќинствата. Тие варијабли се: образовно ниво, возраст, големина на домаќинство, статус на пазарот на труд, регион на живеење, етничка припадност, број на деца во домаќинството, ниво на трошоци и урбаност. Следниот список ги прикажува нивото на соединување кое е употребено за секоја од овие варијабли.

- Образование. Мерено како ниво на образование на поединецот прикажано како еден избор од четири можни нивоа: без образование, основно, средно и терциерно;
- Возраста како континуирана варијабла;
- Големина на домаќинство (HH): број на пријавени членови на домаќинството, континуирана варијабла
- Пазар на труд (LM) статус на респондентот на пазарот на труд: варијабла која опфаќа три состојби: вработен, невработен и неактивен (не-МОТ дефиниција, самоизвестено);
- Регион: локација на домаќинството во регионот;
- Етничка припадност: самоизвестена етничка припадност на респондентот;
- Деца: известен број на деца во домаќинството;
- Трошоци: ниво на трошоци известено од страна на респондентот поделено во квинтили: најнизок, низок, среден, висок и највисок;
- Урбаност. Локација на домаќинството во урбана или рурална средина (Видете методолошко

Поглавје 2).

Процените беа изведени со правење разлика помеѓу мажите и жените одделно имајќи предвид дека доживувањето насилство има многу специфични родови условености кои во принцип би биле јасни со овој пристап на моделирање.

Една друга работа што се зема предвид во подготвувањето на податоците за моделирањето беше фактот дека, како што е спомнато во извештајов, има бројни прашања за психолошкото насилство кои не се целосно соодветни за да го 'уловат' семејното насилство меѓу родителите и децата, како што беше дискутирано во Поглавјето 6. Тоа значи дека најмладите учесници во примерокот може да додадат пристрасност на резултатите на процените на психолошкото насилство. Поради тоа направени се одделни процени со вклучување и исклучување на помладите од 19 години и помладите од 24 години кои сè уште живеат во истото домаќинство со нивните родители за да се провери дали истите варијабли имаат влијание или не.

## 12.1 Резултат од логит моделирањето

Табелата 13.1 ги дава резултатите од логит регресијата за целиот примерок и двата под-примерока кои не ги вклучуваат помладите возрасни групи, и тоа одделно за мажи и жени. Резултатите, како што беше кажано во Поглавјата 6-10 се разликуваат за жени и за мажи. Во случајот со жените, варијаблите кои имаат најголема значајност во објаснувањето дали лицето доживува насилство или не, се: возраст, број на деца, образовно ниво, локација (рурална или урбана) и етничка припадност. Во случајот со мажите значајните варијабли се возраст, регион и локација.

**Табела 13.1** Резултати од логит моделирањето за каков било вид насилство, жени и мажи, вкупно и под-примероците без помладите возрасни групи

| | Каков било вид насилство | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сите | | | | Примерок>19 години | | | | примерок>24 години | | | |
| | жени | | мажи | | жени | | мажи | | жени | | мажи | |
| | Коефициент на изгледи | знач | Коефициент на изгледи | знач | Коефициент на изгледи | знач | Коефициент на изгледи | знач | Коефициент на изгледи | знач | Odds Ratio | Sig |
| Возраст | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | |
| | 0,866 | 0,00* | 0,885 | 0,00* | 0,885 | 0,00* | 0,918 | 0,003* | 0,887 | 0,00* | 0,931 | 0,00* |
| Деца | значајно | | | | значајно | | | | | | | |
| | 0,741 | 0,039* | 0,944 | 0,727 | 0,780 | 0,096** | 0,829 | 0,276 | 0,794 | 0,149 | 0,933 | 0,708 |
| **Образование** | значајно | | | | значајно | | значајно ** | | значајно | | | |
| Основно | 0,936 | 0,752 | 0,616 | 0,130 | 0,943 | 0,780 | 0,596 | 0,113 | 0,993 | 0,974 | 0,576 | 0,096** |
| Средно | 0,726 | 0,177 | 0,911 | 0,772 | 0,734 | 0,205 | 0,989 | 0,974 | 0,748 | 0,245 | 0,934 | 0,837 |
| Терциерно | 0,433 | 0,008* | 0,811 | 0,561 | 0,459 | 0,015 | 0,885 | 0,738 | 0,476 | 0,027* | 0,878 | 0,728 |
| **Трошоци квинтил** | | | | | | | | | | | | |
| Низок | 1,003 | 0,986 | 1,045 | 0,850 | 1,081 | 0,691 | 1,082 | 0,743 | 1,042 | 0,839 | 1,166 | 0,545 |
| Среден | 0,959 | 0,831 | 1,203 | 0,418 | 1,057 | 0,784 | 1,263 | 0,320 | 0,970 | 0,887 | 1,273 | 0,328 |
| Висок | 0,959 | 0,831 | 0,712 | 0,175 | 0,786 | 0,272 | 0,743 | 0,248 | 0,751 | 0,213 | 0,764 | 0,328 |
| највисок | 0,741 | 0,155 | 0,938 | 0,207 | 0,933 | 0,155 | 0,942 | 0,261 | 0,931 | 0,167 | 0,957 | 0,442 |
| **Статус на пазарот на труд** | | | | | | | | | | | | |
| Невработен | 1,097 | 0,635 | 1,110 | 0,582 | 1,104 | 0,614 | 1,119 | 0,554 | 1,199 | 0,374 | 1,057 | 0,785 |
| Неактивно | 1,183 | 0,385 | 1,374 | 0,105 | 1,099 | 0,643 | 1,060 | 0,790 | 1,099 | 0,669 | 1,088 | 0,749 |
| **Големина на домаќинство** | | | | | | | | | | | | |
| Големина на домаќинство | 1,076 | 0,203 | 1,028 | 0,669 | 1,086 | 0,163 | 1,055 | 0,420 | 1,092 | 0,154 | 1,029 | 0,689 |
| **Регион** | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски | 0,537 | 0,016* | 0,705 | 0,272 | 0,542 | 0,021* | 0,725 | 0,321 | 0,549 | 0,028* | 0,775 | 0,451 |
| Источен | 0,830 | 0,450 | 2,441 | 0,001* | 0,913 | 0,718 | 2,472 | 0,001* | 0,883 | 0,630 | 2,924 | 0,00* |
| Југозападен | 0,629 | 0,058 | 1,101 | 0,971 | 0,675 | 0,113 | 1,045 | 0,876 | 0,702 | 0,167 | 1,170 | 0,595 |
| Југоисточен | 0,675 | 0,120 | 0,882 | 0,671 | 0,643 | 0,091** | 0,870 | 0,647 | 0,581 | 0,048* | 0,979 | 0,947 |
| Пелагониски | 0,662 | 0,077** | 0,551 | 0,036* | 0,623 | 0,05* | 0,552 | 0,045* | 0,655 | 0,088** | 0,561 | 0,069** |
| Полошки | 1,173 | 0,529 | 2,467 | 0,001* | 1,399 | 0,198 | 2,476 | 0,002* | 1,451 | 0,174 | 2,693 | 0,002* |
| Североисточен | 0,505 | 0,006* | 0,590 | 0,105 | 0,503 | 0,007* | 0,659 | 0,205 | 0,517 | 0,013* | 0,686 | 0,278 |
| **Урбано/рурално** | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | |
| Урбано | 0,633 | 0,001* | 0,652 | 0,009* | 0,644 | 0,003* | 0,632 | 0,006* | 0,623 | 0,002* | 0,652 | 0,015* |
| **Етничка припадност** | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | | значајно | |
| Албанска | 0,796 | 0,332 | 0,405 | 0,001* | 0,820 | 0,423 | 0,405 | 0,001* | 0,722 | 0,212 | 0,399 | 0,002* |
| Турска | 1,484 | 0,373 | 1,461 | 0,331 | 1,521 | 0,345 | 1,774 | 0,149 | 1,275 | 0,618 | 2,012 | 0,095** |
| Ромска | 3,733 | 0,002* | 1,653 | 0,295 | 3,606 | 0,003* | 1,719 | 0,276 | 3,643 | 0,004* | 1,564 | 0,416 |
| Останати | 1,419 | 0,287 | 1,154 | 0,736 | 1,386 | 0,330 | 1,237 | 0,626 | 1,365 | 0,380 | 1,164 | 0,753 |
| Prob>chi2 | 0,00* | | 0,00* | | 0,00* | | 0,00* | | 0,00* | | 0,00* | |

*Знач на ниво на 95%

**знач на ниво на 90%

Во случајот со **жените** ние потврдуваме дека во случајот со повозрасните групи, споредено со пониските возрасни групи, насилството во животот на жената се намалува. Во однос на децата, како што се зголемува бројот на децата моделот посочува дека и инциденцата на насилството се намалува, спротивно на наодите во описните поглавја. Ова најверојатно се должи на фактот што гледајќи ја Табела 5.23 најголемиот број на случаи на насилство фактички се случуваат во домаќинства со помал број на деца, иако преваленцата е повисока во домаќинства со 3 или повеќе деца.

Во однос на образованието, потврдено е дека колку се повисоки нивоата на образование толку повеќе се намалува веројатноста да се доживее насилство.

Ако се живее во урбани области, како што е и утврдено и со дескриптивната анализа, веројатноста за доживување на насилство врз жените се намалува, но ниеден од регионите не покажа значајност (референтен регион е Скопје).

И конечно, во однос на етничката припадност, единствена карактеристика за жените која се увиде како значајна е припадноста на ромската етничка група во споредба со референтното лице кое би било македонската жена. Да се биде ромска жена согласно резултатите ја зголемува веројатноста за доживување насилство за повеќе од 300%. Иако за турската и останатите етнички групи веројатноста исто така се зголемува, тука не е најдена статистичка значајност.

Во случајот со **мажите,** исто така возраста има многу силно влијание врз веројатноста за доживување ситуации на насилство, што е на иста линија со дескриптивната анализа: зголемувањето на возраста ја намалува веројатноста кај мажите за доживување насилство од каков и да е вид.

Според регион, Скопје е избран како референтен и резултатите се такви што во вардарскиот, пелагонискиот и југоисточниот регион веројатноста да се доживее насилство во рамките на домаќинството за мажите се намалува, иако многу малку. Во овој случај толкувањето е дека живеењето во кој и да е друг регион освен Скопје ја зголемува веројатноста за доживување насилство.

Урбаноста исто така има влијание, при што живеењето во урбана средина ја намалува веројатноста за доживување на насилство, а што е на иста линија со наодите од дескриптивната анализа.

И конечно, да се биде албански маж значи помала веројатност да се доживее каков и да е вид насилство, споредено со тоа да се биде македонски маж (референтно лице). За сите останати етнички групи веројатноста се зголемува, но ниедна не е значајна.

Моделот кој употребува **под-примероци кои не ги вклучуваат лицата помлади од 19 и од 24 години** потврдува дека целокупното прилагодување на моделот не трпи од употребата на овој пристап бидејќи, сè на сè резултатите остануваат значајни. Во секој случај, невклучувањето на помладите групи не предизвикува големи промени во значајноста на варијаблите и само ја менува вредноста на веројатностите. Некои забележливи промени се во референтната вредност за мажите (помалку од основно) која станува значајна кога се исклучуваат од примерокот најмладите мажи (децата) и во случајот на жените терциерното образование веќе не е значајна варијабла иако се потврдува истата матрица на ниска веројатност за насилство. Најважната промена кај мажите е дека во примерокот кој не ги вклучува мажите помлади од 24 години варијаблата етничка припадност за Турците станува значајна, па така турскиот маж споредено со македонскиот маж би доживеал насилство со значајно повисока веројатност во домаќинството (20% поголема веројатност да се доживее насилство ).

## 12.2 Психолошко насилство логит регресија

Табелата 13.2 ги дава резултатите за психолошкото насилство. Резултатите се речиси исти како и оние за 'секој вид насилство', а што не е изненадувачки имајќи предвид дека најголемиот број случаи на насилство во примерокот отпаѓаат на овој вид. Со други зборови, истите варијабли кои го објаснуваат 'секој вид насилство', општо земено, го објаснуваат и психолошкото насилство.

Меѓутоа, во случајот со мажите, варијаблата основно образование (пониско од основно е референтна варијабла) станува значајна во под-примероците за оние постари од 19 години и за оние постари од 24 години.

**Табела 13.2** **Резултати од логит моделирањето за психолошко насилство, жени и мажи, вкупно и под-примероци кои не ги вклучуваат помладите возрасни групи**

| | Психолошко насилство | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Примерок >19 години | | | | Примерок >19 години | | | | Примерок >19 години | | | |
| | жени | | мажи | | жени | | мажи | | жени | | мажи | |
| | Коефициент на изгледи | знач | Коефициент на изгледи | знач | Коефициент на изгледи | знач | Коефициент на изгледи | знач | Коефициент на изгледи | знач | Коефициент на изгледи | знач |
| Возраст | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | |
| | 0,864 | 0,00* | 0,886 | 0,00* | 0,884 | 0,00* | 0,921 | 0,005* | 0,873 | 0,00* | 0,929 | 0,055** |
| Деца | Значајно | | | | | | | | | | | |
| | 0,765 | 0,067** | 0,974 | 0,874 | 0,808 | 0,155 | 0,854 | 0,360 | 0,806 | 0,179 | 0,958 | 0,816 |
| **Образование** | Значајно | | | | Значајно | | Значајно ** | | Значајно | | Значајно ** | |
| Основно | 0,983 | 0,934 | 0,595 | 0,106 | 0,991 | 0,965 | 0,572 | 0,089** | 1,019 | 0,930 | 0,554 | 0,076** |
| Средно | 0,744 | 0,218 | 0,868 | 0,659 | 0,753 | 0,251 | 0,942 | 0,856 | 0,754 | 0,265 | 0,898 | 0,747 |
| Терциерно | 0,416 | 0,006* | 0,765 | 0,458 | 0,442 | 0,012* | 0,836 | 0,623 | 0,434 | 0,015* | 0,825 | 0,609 |
| **Трошоци квинтил** | | | | | | | | | | | | |
| Низок | 1,076 | 0,704 | 1,093 | 0,705 | 1,164 | 0,445 | 1,132 | 0,608 | 1,118 | 0,588 | 1,236 | 0,405 |
| Среден | 0,987 | 0,947 | 1,246 | 0,336 | 1,093 | 0,665 | 1,310 | 0,251 | 1,026 | 0,906 | 1,333 | 0,247 |
| Висок | 0,803 | 0,302 | 0,739 | 0,229 | 0,856 | 0,482 | 0,770 | 0,311 | 0,823 | 0,402 | 0,803 | 0,428 |
| Највисок | 0,947 | 0,248 | 0,933 | 0,176 | 0,936 | 0,177 | 0,937 | 0,221 | 0,944 | 0,270 | 0,961 | 0,484 |
| **Статус на пазарот на труд** | | | | | | | | | | | | |
| Невработен | 1,038 | 0,852 | 1,113 | 0,574 | 1,045 | 0,826 | 1,123 | 0,545 | 1,148 | 0,503 | 1,073 | 0,730 |
| Неактивно | 1,143 | 0,492 | 1,338 | 0,138 | 1,059 | 0,778 | 1,022 | 0,920 | 1,140 | 0,555 | 1,098 | 0,725 |
| **Големина на домаќинство** | | | | | | | | | | | | |
| Големина на домаќинство | 1,085 | 0,161 | 1,028 | 0,667 | 1,095 | 0,128 | 1,057 | 0,412 | 1,096 | 0,414 | 1,029 | 0,685 |

| **Регион** | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вардарски | 0,470 | 0,004* | 0,699 | 0,261 | 0,471 | 0,006* | 0,719 | 0,311 | 0,465 | 0,006* | 0,780 | 0,463 |
| Источен | 0,763 | 0,276 | 2,365 | 0,002* | 0,839 | 0,488 | 2,401 | 0,002* | 0,828 | 0,469 | 3,024 | 0,00* |
| Југозападен | 0,619 | 0,050* | 1,022 | 0,936 | 0,665 | 0,102 | 1,059 | 0,838 | 0,682 | 0,138 | 1,198 | 0,542 |
| Југоисточен | 0,658 | 0,100 | 0,836 | 0,546 | 0,626 | 0,075** | 0,824 | 0,526 | 0,551 | 0,033* | 0,931 | 0,826 |
| Пелагониски | 0,659 | 0,076** | 0,553 | 0,037* | 0,621 | 0,049* | 0,556 | 0,048* | 0,641 | 0,075** | 0,569 | 0,076** |
| Полошки | 1,196 | 0,481 | 2,486 | 0,001* | 1,433 | 0,168 | 2,503 | 0,002* | 1,445 | 0,180 | 2,714 | 0,002* |
| Североисточен | 0,459 | 0,002* | 0,548 | 0,069** | 0,455 | 0,002* | 0,614 | 0,144 | 0,463 | 0,004* | 0,646 | 0,216 |
| **Урбано/рурално** | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | |
| Урбано | 0,645 | 0,002* | 0,651 | 0,008* | 0,656 | 0,005* | 0,630 | 0,006* | 0,647 | 0,005* | 0,637 | 0,010 |
| **Етничка припадност** | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | | Значајно | |
| Албанска | 0,786 | 0,310 | 0,401 | 0,001* | 0,811 | 0,401 | 0,402 | 0,001* | 0,693 | 0,164 | 0,399 | 0,003* |
| Турска | 1,272 | 0,589 | 1,445 | 0,344 | 1,306 | 0,550 | 1,761 | 0,155 | 1,033 | 0,948 | 1,988 | 0,101 |
| Ромска | 3,861 | 0,001* | 1,341 | 0,543 | 3,729 | 0,002* | 1,382 | 0,519 | 3,704 | 0,004* | 1,205 | 0,742 |
| Останати | 1,546 | 0,187 | 1,185 | 0,690 | 1,516 | 0,217 | 1,274 | 0,579 | 1,516 | 0,244 | 1,187 | 0,722 |
| Prob>chi2 | 0,00* | | 0,00* | | 0,00* | | 0,00* | | 0,00* | | 0,00* | |

*Знач на ниво од 95%

**Знач на ниво 90%

## 12.3 Физичко и сексуално насилство логит регресија

Конечно, табелата 13.3 ги мери здружено и физичкото и сексуалното насилство. Ова беше вака направено главно затоа што има многу малку случаи на сексуално насилство.

**Табела 13.3 Резултати од логит моделирањето за физичко и сексуално насилство, само жени**

| | Физичко и сексуално насилство | |
|---|---|---|
| | Жени | |
| | коефициент на изгледи | знач |
| **Возраст** | | |
| | 1,011 | 0,804 |
| **Деца** | | |
| | 0,777 | 0,389 |
| **Образование** | | |
| Основно | 1,432 | 0,344 |
| Средно | 1,343 | 0,502 |
| Терциерно | 0,793 | 0,723 |
| **Трошоци квинтил** | Значајно | |
| Низок | 0,681 | 0,246 |
| Среден | 0,343 | 0,009* |
| Висок | 0,335 | 0,011* |
| Највисок | 0,877 | 0,130 |
| **Статус на пазарот на труд** | | |
| Невработени | 1,034 | 0,929 |
| Неактивни | 0,940 | 0,867 |
| **Големина на домаќинство** | | |
| Големина на домаќинство | 1,038 | 0,727 |
| **Регион** | | |
| Вардарски | 0,587 | 0,243 |
| Источен | 0,542 | 0,182 |
| Југозападен | 0,704 | 0,447 |
| Југоисточен | 0,671 | 0,370 |
| Пелагониски | 0,242 | 0,014* |
| Полошки | 1,615 | 0,336 |
| Североисточен | 0,891 | 0,782 |
| **Урбано/рурално** | значајно | |
| Урбано | 0,579 | 0,045* |
| **Етничка припадност** | Значајно | |
| Албанска | 0,139 | 0,001* |
| Турска | 1,176 | 0,683 |
| Prob>chi2 | 0,007* | |

*Знач на ниво од 95%

**Знач на ниво од 90%

Првата забележлива разлика со резултатите од логит моделот која е прикажана погоре е дека возраста повеќе не е значајна варијабла ниту пак нивото на образование или бројот на деца. Урбаноста и етничката припадност продолжуваат да бидат значајни и да го имаат истиот ефект (урбаното живеење ја намалува веројатноста да се доживее насилство, а да се биде Албанка ја намалува веројатноста во однос на македонската жена).

**Најважната промена во однос на психолошкото насилство е дека варијаблата за трошоци на домаќинството станува значајна додека во другите два модела тоа не беше случај.** Се потврдува дека средниот и високиот квинтил на трошоци значајно ја намалува веројатноста да се доживее насилство споредено со понискиот квинтил на трошоци. Иако матрицата се гледа и во другите модели, варијаблата не е значајна.

Имајќи предвид дека и физичкото и сексуалното насилство може да се сметаат за поекстремни облици на насилство, фактот дека варијаблата за трошоци на домаќинството значително ги намалува овие екстремни облици на насилство има очигледно последици во вид на потреба за зајакнување на програмите кои промовираат економска независност на жените. Како што беше претходно изразено во среднорочната проценка на програмите за економско зајакнување која беше изведена од страна на УНДП во соработка со Министерството за труд и социјална политика, се забележуваат многу позитивни резултати вклучително и некои случаи на променето однесување кај сторителот. Причините за насилство кои беа известени од страна на жртвите исто така покажуваат дека невработеноста на сторителот може да биде значителна причина во случајот со жртвите на физичко насилство (16.3% од сите можни случаи) и исто така важна во случајот на жртвите на сексуално насилство (5.6% од сите можни случаи).

# 13. Крајни заклучоци и препораки

И покрај ограничувањата што беа објаснети во кореспондентите поглавја, анализата на податоците од анкетата фрла важна светлина врз динамиката на насилството меѓу членовите на домаќинството и врз родовите аспекти кои исто така треба да се држат на ум при дизајнирањето, спроведувањето и оценувањето на политиките кои го адресираат семејното насилство и насилството врз жените особено:

1. Во однос на кој и да е вид насилство кое беше вклучено во прашањата на анкетата може да се заклучи дека жените се далеку позафатени со овој феномен одошто мажите;
2. **Кога насилството се случува во едно домаќинство, тоа се случува често.** Бројот на виктимизации посочува на повисока стапка на инциденца на насилството споредено со стапките на преваленца на насилството во претходните 12 месеци;
3. Врз основа на анкетата и земајќи го предвид кое било насилство што се случува во домаќинствата, вкупната стапка на преваленца е 37.7% кај целиот примерок, за жените би била повисока и изнесува 39.4 %, а за мажите пониска и изнесува 35.5%;
4. Некои од поважните варијабли кои се детектирани како такви што ја зголемуваат веројатноста за насилство кај жените се нивната возраст, образовно ниво, број на деца присутни во домаќинството, локација (рурална-урбана) и етничка припадност. Образовното ниво е тесно поврзано со статусот на пазарот на труд како и со останатите економски варијабли;
5. Во случајот со мажите само возраста и локацијата се чини имаат високо влијание врз веројатноста на доживување психолошко и физичко насилство (сексуалното насилство беше истражувано само кај жените од примерокот);
6. Најмногу од психолошкото насилство било доживувано во македонски домаќинства и се однесува на: лутина, ограничувања, забрани, сомневања, контрола итн. Економското насилство и насилство кое вклучува навредување, деградирање и заканување е доживеано во многу помал удел од домаќинствата;
7. Физичкото и сексуалното насилство се утврди дека имаат ниска преваленца, што може да се објасни и со фактот дека најголемиот дел од интервјуата не беа изведени во строга приватност, а и со големината на примерокот;
8. Најголемиот број од сторителите на кој и да е од трите вида насилство во голема мера се мажи: психолошко насилство 53%; физичко насилство 76%; 100% сексуално насилство (само жени беа вклучени во прашањата што се однесуваат на овој вид насилство);
9. Јавна служба која е најмногу контактирана од страна на жртвите е полицијата, а по неа доаѓаат центрите за социјална работа и здравствените центри. Меѓутоа, според видот на насилство и

карактеристиките на респондентот, најчесто контактираните служби за поддршка потпаѓаат под категоријата „останати" а која вклучува семејство и религиозни институции и претставници. Всушност, три четвртини од инцидентите НЕ се пријавени кај ниедна јавно достапна служба;

10. Врз основа на прибраните одговори кај македонските жртви се забележува поголема веројатност и тие речиси се единствената група во примерокот која би известила до која и да е јавна служба за случај на виктимизација. Албанското население најверојатно ќе ги извести здравствените служби, ако воопшто извести некого;
11. Кога хипотетички зборуваме за тоа кого респондентот/ката би го контактирале во случај да доживеат насилство, мажите и жените малку повеќе би ги известиле своите блиски членови на семејството одошто јавните служби. Меѓу најпопуларните јавни служби кај кои би било пријавено насилство се полицијата (33%), веднаш зад нив се социјалните работници (11%). Меѓутоа, многу висок удел 24% од сите респонденти одговориле дека не би кажале никому и 19% дека би им кажале на родителите. Овие четири опции би сочинувале вкупно 87.3% од сите одговори на респондентите;
12. Процената на квалитетот на услугите кои се добиени покажува дека има висока стапка на задоволство од услугите дадени од страна на НВО и здравствената заштита. Меѓутоа, задоволството од полицијата и центрите за социјална работа не е многу високо и може да биде дополнително подобрено;
13. Во однос на конечните резултати во врска со контактирањето на различните служби, има само малку случаи и не е статистички значајно. Најчестиот одговор е дека била дадена психосоцијална поддршка;
14. Напорите што се вложени да се подигне свесноста на населението во врска со семејното насилство покажува дека 73% од респондентите потврдиле дека знаат за кампањата и дека им се допаѓа што кампањата вклучува жртви на семејно насилство. Меѓутоа, релативно малкумина можеа да се сетат на главниот слоган на кампањата;
15. Логит моделирањето фрли малку повеќе светлина на наодите и идентификуваше бројни лични карактеристики и карактеристики на домаќинството кои значајно ја зголемуваат веројатноста да се доживее насилство. Сите овие имаат силни импликации за политиките: возраст (веројатноста се намалува со зголемување на возраста, па така поголемо внимание треба да се посвети на помладите возрасни групи); број на деца (случаите се концентрирани во домаќинства со помал број на деца, но поголемите домаќинства имаат повисока преваленца); образование (повисоките нивоа го намалуваат ризикот); важни разлики помеѓу регионите и полот кои треба да бидат земени предвид за кампањите и пристапот до услугите; ризикот да се доживее насилство се зголемува во руралните области и за мажите и за жените; етничките разлики треба дополнително да се истражат за подобро да се разберат прашањата што се вкрстуваат и да се подобрат целните пристапи кои се и културно прифатливи. Во случајот со сексуалното и физичкото насилство нивото на семејните трошоци се увиде дека е статистички значајно и посочува на потребата да се продолжи со економското зајакнување на жените.

### Главните препораки што произлегуваат од анализата се следните:

1. Оценката на Заедничката програма на Обединетите нации која завршува оваа година, а во која Владата на Македонија беше клучен партнер и чинител, разгледувана заедно со резултатите од оваа анкета (и покрај нејзините ограничувања) претставува единствена можност да се зајакнат мерките кои се воспоставени. Ова особено во врска со економското зајакнување на жртвите, а претставува и можност да се воведат нови елементи за да се насочи фокусот на специфични групи кои согласно оваа анкета се проценуваат како поранливи (Видете ја кутијата со специфични препораки дадена подолу во текстот). Работата на Заедничката програма на Обединетите нации за економско зајакнување треба да се преземе од Владата и да се направат буџетски распределби за да се продолжи со позитивните резултати кои досега се постигнати.
2. Силните индикации за образовното ниво, етничката припадност и локацијата посочуваат кон потребата да се ревидира стратегијата на мерки за да се осигури дека конкретните групи и општини се во фокусот на вниманието и во планирањето и спроведувањето на истите. Земањето предвид на културолошки прифатливите пристапи и на потребите за социјална инклузија на

некои од групите е особено важно во адресирањето на спречувањето на семејното насилство и особено на насилството врз жените. Ова исто така е важно поради фактот дека Македонците најмногу пријавуваат кај службените институции додека останатите етнички групи има помала веројатност дека ќе го сторат тоа.

3. Резултатите од логит моделирањето исто така покажуваат дека потешките форми на насилство, сексуалното и физичкото, во голема мера се намалуваат со подобрата економска ситуација на домаќинствата (во овој случај мерени се трошоците во квинтили). Програмите за економско зајакнување на жените кои се јавуваат како мнозинство од жртвите треба да продолжат и да се зајакнат.
4. Насилството врз децата треба дополнително да се истражи и треба да се зајакнат политиките во оваа област бидејќи преваленцата кај најмладите возрасни групи (15-19) покажува највисока преваленца и за момчиња и за девојчиња.
5. Преваленцата на насилството кај младите исто така е многу висока и треба да се зајакнат специфичните мерки и свесноста во постоечките програми и кампањи.
6. Одговорите од жртвите во врска со квалитетот на јавните служби посочуваат на простор за подобрување. Една поширока евалуација на овие служби би помогнала да се даде светлина на главните причини за незадоволството, особено кај жртвите, но ова може да биде поврзано и со поширока употреба на оценување на јавните служби, кое би можело да биде спроведено во блиска иднина. Подобрувањето на здравствените, социјалните и полициските служби е клучно за фактичките и хипотетички случаи на насилство согласно резултатите на анкетата. Мора да се зајакне стратешката употреба на индикаторите кои се развиени и собирани.
7. Досегашните кампањи имаат допрено до најголемиот дел од населението на Македонија и се добредојдени од мнозинството луѓе. Имајќи ги предвид резултатите од анкетата ние би советувале примена на поспецијализиран пристап до одредени групи во општеството.
8. Истражувањето може да се употреби и за да се истражат дополнително специфичните групи, но и за да се тестираат некои други аспекти на родовата димензија кои немавме можност да ги истражиме во целина. На пример, да се употребат прашањата за разликите во однесувањето на родовите улоги и нивните ефекти врз зголемувањето или намалувањето на насилството. Треба да се направи резултатите од истражувањето да бидат достапна на истражувачките центри за понатамошно истражување.
9. Во примерокот се утврдени некои случаи што се многу екстремни и кои покажуваат дека службите, особено социјалните служби, треба да бидат зајакнати за да се зголеми нивниот учинок врз идентификувањето и обезбедувањето на делотворна поддршка за оние кои имаат најголема потреба и се најзагрозени.

### Препораки за следните циклуси на анкетирање

10. Воспоставувањето на рамка со добар квалитет за селекција на домаќинства или лица – ургентна потреба за изведба на нов попис на населението без промена на статистичката дефиниција на вкупно население. Македонија е првата земја од поранешните југословенски земји која ја примени и ревидира дефиницијата на вкупно население согласно Обединетите нации и ЕУРОСТАТ стандардите од Пописот 1994.
11. Да се зголеми примерокот во идните анкетирања со цел да се добие подобра слика за феноменот на физичкото и сексуалното насилство. Треба да бидат обезбедени соодветни ресурси (финансиски средства и време).
12. Да се осигури дека идните анкети стриктно ќе ги следат упатствата дадени од СЗО и статистичките експерти на УНЕЦЕ за тоа како да се извлекува примерок и како да се изведува анкетирањето за да се осигури дека извлекувањето примерок и резултатите одразуваат поегзактна слика за ситуацијата. Меѓутоа, во случајот со сексуалното насилство резултатите на студијата на СЗО која вклучува повеќе земји покажуваат слични и споредливи стапки.
13. Дизајнирање на примерок на веројатност со помош на ДЗС и примена на процедури за пондерирање.

14. Поддржување на обидите на службените статистички системи за воспоставување мрежа на административни докази и регистри и употреба на административни податоци за статистички цели.
15. Воспоставување на систем за анкети за виктимизација во службениот статистички систем побарува големи подготовки и одлична соработка помеѓу различните институции: Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, ЦСР, Завод за социјални дејности, НВО, ДЗС, истражувачки институти, факултетите итн.
16. Дефиницијата на засегнатите страни во анкетите за виктимизација треба подобро да се испланира и треба да се осигури дека во прашалникот се вклучени информации од овие засегнати страни.

# Референции и дополнителна библиографија

## Референции во извештајот

Hines, D., Brown, J., Dunning, E. (2007) Characteristics of Callers to the Domestic Abuse Helpline for Men. Journal of Family Violence, 22, 63-72.

UNODC-UNECE Manual on Victimization Surveys, 2009.

UN general Secretary's report on Violence Against Women, 2006.

Villagomez, E. Mid-term evaluation report of the economic empowerment programme, UNDP internal document, 2010.

Selic**,** P**,** Pesjak, K and Kersnik, J. "The prevalence of exposure to domestic violence and the factors associated with co-occurrence of psychological and physical violence exposure: a sample from primary care patients" **BMC Public Health** 2011, **11**:621 available freely at http://www.biomedcentral.com/1471-2458/11/621.

## Останати извештаи од анкети во регионот и пошироко

WHO Multi Country study on Women's Health and Domestic Violence, 2005.

Kosova Women's Network, "Security Begins at Home", 2008.

UNECE makes reports of the pilots by statistical offices (including women only) available at: http://www.unece.org/stats/documents/2010.04.vaw.html.

## Насилство во текот на бременост

Bergstrom, L. and others. You'll feel me touching you, sweetie: vaginal examinations during the second stage of labor. **Birth 19:10-18, Mar. 1992.**

Bohn D, Holz K. Sequelae of abuse. **Journal of Nurse Midwifery 1996;41(6):442-56.**

Bohn D, Holz K. Sequelae of abuse: health effects of childhood sexual abuse, domestic battering and rape. **Journal ofNurs Midwifery 1996;41(6):442-56.**

Brown J, Lent B, Brett P, Sas G, Pederson L. Development of the woman abuse screening tool for use in family practice. **Family Medicine 1996;28:422-8.**

Campbell J, Poland M, Waller J, Ager J. Correlates of battering during pregnancy. **Res Nurs Health 1992;15:219-26.**

Centers for Disease Control and Prevention. Intimate Partner Violence. Last accessed June 29 2012.

Dietz P. Delayed entry into prenatal care: effect of physical violence. **Obstet Gynecol 1997;90:221-4.**

Enhanced Surveillance for Pregnancy-Associated Mortality, Maryland 1993-1998 **Journal of the American Medical Association (Vol. 285, No. 11)**

Goodwin T, Breen M. Pregnancy outcome and fetomaternal hemorrhage after noncatastrophic trauma. **Am J Obstet Gynecol 1990;162:665-71.**

McFarlane J, Parker B, Soeken K. Physical abuse, smoking and substance use during pregnancy: prevalence, interrelationships and effects on birth weight. **J Obstet Gynecol Neonatal Nurse 1996;25:313-20.**

National Association for County and City Health Offcials (NACCHO). Intimate Partner Violence among Pregnant and Parenting Women: Local Health Department Strategies for Assessment, Intervention, and Prevention. 2008.

Newberger E, Barkan S, Lieberman E, et al. Abuse of pregnant women and adverse birth outcome **JAMA 1992;267:2370-2.**

Petersen R, Gazmararian J, Spitz A, et al. Violence and adverse pregnancy outcomes. **Am J Prev Med 1997;13(5):366-73**.

# Анекс А

# Психолошко насилство распределено според групи и пол (повеќекратни одговори)

| ГРУПА 1: насилство поврзано со: лутина, ограничувања, забрани, сомневање, контрола итн. според возрасни групи | Група 1 според пол | | | % според пол | | | % според пол во групата | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | |
| ви забранува да се гледате/состанувате со пријатели? | 12 | 38 | 50 | 24,0 | 76,0 | 100,0 | 1,7 | 3,2 | 2,6 | |
| ви ги ограничува посетите на вашето семејство? | 9 | 37 | 46 | 19,6 | 80,4 | 100,0 | 1,3 | 3,1 | 2,4 | |
| ви забранува да излегувате без придружба/сам(а)? | 17 | 55 | 72 | 23,6 | 76,4 | 100,0 | 2,4 | 4,6 | 3,8 | |
| секогаш инсистира да знае каде сте? | 180 | 307 | 487 | 37,0 | 63,0 | 100,0 | 25,9 | 25,5 | 25,6 | |
| ви се лути доколку останете надвор до доцна? | 143 | 176 | 319 | 44,8 | 55,2 | 100,0 | 20,6 | 14,6 | 16,8 | |
| ве игнорира? | 23 | 36 | 59 | 39,0 | 61,0 | 100,0 | 3,3 | 3,0 | 3,1 | |
| ви се лути доколку зборувате со друго лице? | 12 | 49 | 61 | 19,7 | 80,3 | 100,0 | 1,7 | 4,1 | 3,2 | |
| честопати се сомнева дека сте неверни? | 23 | 41 | 64 | 35,9 | 64,1 | 100,0 | 3,3 | 3,4 | 3,4 | |
| очекува од вас да барате негова/нејзина дозвола пред да одите на лекар? | 17 | 72 | 89 | 19,1 | 80,9 | 100,0 | 2,4 | 6,0 | 4,7 | |
| одлучува што можете, а што не можете да правите? | 59 | 118 | 177 | 33,3 | 66,7 | 100,0 | 8,5 | 9,8 | 9,3 | |
| ви вика ако оценките на училиште не ви се добри? | 39 | 40 | 79 | 49,4 | 50,6 | 100,0 | 5,6 | 3,3 | 4,2 | |
| ви се лути ако не го/ја слушате него/неа или некој друг член на домаќинството? | 160 | 237 | 397 | 40,3 | 59,7 | 100,0 | 23,1 | 19,7 | 20,9 | |
| **ВКУПНО ГРУПА 1** | 694 | 1206 | 1900 | 36,5 | 63,5 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | |
| **ГРУПА 2: Економско насилство** | Група 2 според пол | | | % според пол | | | % според пол во групата | | | |
| | | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно |
| одбива да ви даде доволно пари за трошоците за домаќинството, дури и кога тој/таа има пари за други работи? | 15 | 47 | 62 | 24,2 | 75,8 | 100,0 | 44,1 | 42,3 | 42,8 | |
| не ви дозволува да работите за пари? | 11 | 40 | 51 | 21,6 | 78,4 | 100,0 | 32,4 | 36,0 | 35,2 | |
| ве присилува да питачите за пари? | 0 | 3 | 3 | 0,0 | 100,0 | 100,0 | 0,0 | 2,7 | 2,1 | |
| ве присилува да се пријавите за социјална помош во Центар за социјални работи? | 1 | 4 | 5 | 20,0 | 80,0 | 100,0 | 2,9 | 3,6 | 3,4 | |
| ви ги зема парите што сте ги стекнале со работа? | 7 | 17 | 24 | 29,2 | 70,8 | 100,0 | 20,6 | 15,3 | 16,6 | |
| **ВКУПНО ГРУПА 2** | 34 | 111 | 145 | 23,4 | 76,6 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | |
| **ГРУПА 3: Насилство поврзано со: навредување, деградирање, заканување итн.** | Група 3 според пол | | | % според пол | | | % според пол во групата | | | |
| | | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно |
| ве навредува или прави да се чувствувате лошо во сопствената кожа? | 18 | 76 | 94 | 19,1 | 80,9 | 100,0 | 34,0 | 35,7 | 35,3 | |
| ве омаловажува или понижува пред други луѓе? | 14 | 56 | 70 | 20,0 | 80,0 | 100,0 | 26,4 | 26,3 | 26,3 | |
| прави работи за намерно да ве уплаши или заплаши (на пр. со начинот на кој ве погледнал, со викање или кршење на предмети)? | 16 | 43 | 59 | 27,1 | 72,9 | 100,0 | 30,2 | 20,2 | 22,2 | |
| вербално ви се заканил дека ќе ве повреди вас или некој што ви е близок? | 5 | 38 | 43 | 11,6 | 88,4 | 100,0 | 9,4 | 17,8 | 16,2 | |
| **ВКУПНО ГРУПА 3** | 53 | 213 | 266 | 19,9 | 80,1 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | |

# Анекс В
# Анекс за методологијата на анкетата

Овој анекс содржи опис на методологијата и процедурите кои беа применети во спроведувањето на анкетата за инциденцата и преваленцата на семејното насилство во македонското општество.

Во периодот од 27 март до 4 април, БРИМА Скопје, придружен член на ГАЛУП Интернејшнал, спроведе анкета на јавното мислење кај македонските граѓани.

Од општата популација беа извлечени 2100 респонденти, на возраст од 15 години и повеќе.

Методот на анкетирање беше интервјуа „лице в лице" (молив и хартија) во домот на респондентот.

## Примерок и примерочен пункт

Примерокот беше дизајниран од страна на клиентот. Почетните точки беа дефинирани врз основа на достапните пописни кругови.

Секој примерочен пункт беше дизајниран да содржи 7 респонденти. Вкупно имаше 300 примерочни пункта.

## Избор на домаќинства

Домаќинствата се избрани со употреба на принципи на случаен избор. Интервјуерите беа инструирани да се обидат да спроведат интервјуа со секое трето домаќинство (адреса) на левата страна на улицата. Тие дополнително беа инструирани да вртат лево на раскрсници, ако се соочат со слепа улица да се вратат до последната раскрсница и повторно по случаен избор да продолжат, но не по истата „линија" која веќе ја анкетирале, почнувајќи од третата куќа на улицата.

Во зграда до четири ката, интервјуерите треба да го изберат секое петто домаќинство (стан), броејќи ги становите во правец на стрелката на часовникот од првиот на левата страна на приземјето и нагоре по скалилата. Во оние згради што имаат пет или повеќе катови инетрвјуерите го избираа секое десетто домаќинство. Во случаите кога дадено домаќинство не било прифатливо во контекст на критериумите за примерок на анкетата (на пр. респондентот требало да биде Албанец, но домаќинството било македонско) интервјуерите беа инструирани да одат во следниот стан, броејќи така додека не дојдат до респондент кој е прифатлив.

Во руралните области, домаќинствата се избираа така што се одбираше секоја четврта (населена) адреса, а страната на улицата не беше релевантна. Онаму каде што куќите се наредени или пак се распрскани низ поголеми области, интервјуерите требаше да применат пристап во правец на раката кога поздравува, избирајќи ја четвртата куќа броејќи од првата куќа на лево. Во случај да имало повеќе куќи зад една ограда, интервјуерите ја избираа четвртата куќа од лево, броејќи од портата. Во случај зад иста ограда да има помалку од четири куќи, интервјуерот беше инструиран

да ги брои куќите како да се одделни живеалишта по должината на улицата. Во компактни и добро структурирани села процедурата за изборот ги следеше упатствата за урбаните области.

### Избор на респонденти

За да се избере респондентот во домаќинството беше употребен методот „прв следен роденден". Сите членови се впишуваат во список според нивните датуми на раѓање и лицето кое прво има следен роденден (во иднина) станува назначениот респондент.

### Повторни контакти и замена на респонденти

Домаќинство/респондент се заменува по три неуспешни обиди да се оствари интервју (прва посета, две повторни посети). Замената се раководи од правилата за избор на домаќинствата, следејќи го принципот на „прв следен роденден". Како резултат на тоа, 88.5% од интервјуата беа остварени при прва посета, 10% при втора и 1.5% при трета посета на респондентот.

### Интервјуери

#### Обучување на интервјуерите

На 23 и 24 февруари во седиштето на БРИМА во Скопје беше одржан брифинг за сите македонски и албански регионални супервизори, спроведен од страна на претставници на клиентот и проектниот менаџер на БРИМА:

Беше дискутиран прашалникот, при што секое прашање беше адресирано одделно. На брифингот беа прегледани процедурите за избор, како и сите специфичности на интервјуто: чувствителноста на проблемот, безбедноста на респондентите и на интервјуерите, олеснета групна активност и беше претставен видео материјал со симултан превод.

#### Одбивања/Неконтактни/Завршени интервјуа

Севкупната стапка на одбивање (вклучително и само посивената ќелија во пресметките дадени подолу во текстот) беше 21%.

Одбивања поделени во осум региони:

**Вардарски регион** = 36 одбивања,
**Источен регион** = 63 одбивања,
**Југозападен регион** = 44 одбивања
**Југоисточен регион** = 77 одбивања,
**Пелагониски регион** = 50 одбивања,
**Полошки регион** = 82 одбивања,
**Североисточен регион** = 49 одбивања,
**Скопски регион** = 226 одбивања

| Категорија на резултати | Број | % на категорија |
|---|---|---|
| **Неконтактни** | | |
| Нерезиденцијални згради | | |
| Не можеше да се влезе во резиденцијална зграда | | |
| Никој нема дома по три посети | 238 | 100% |
| Долгорочно отсуство на назначениот респондент | | |
| Вкупен подизнос | 238 | 8% |
| **Одбивања** | | |
| Директни одбивања на врата | 627 | 100% |
| Респондентот никогаш не е достапен за состанок | | |
| Вкупен подизнос | 627 | 21% |
| **Завршени интервјуа** | 2099 | 71% |
| **Вкупно обиди за контакт** | 2964 | 100% |

**Причини за одбивање**

| |
|---|
| Презафатен/а да одговори (412) |
| Не е доволно информиран/н за да одговори на прашањата (13) |
| Недостиг на интерес (28) |
| Лицето што е контактирано само што учествувало во слична анкета (10) |
| Отпор (10) |
| Женски член на домаќинството којшто е сама во време на контактирањето и не сака да продолжи (28) |
| Анкетата се случува за време на семеен настан (32) |
| Непријатни искуства со претходни анкети (5) |
| Загрижен/а за анонимноста и доверливоста (7) |
| Останати причини (82) |

**Пондерирање**

Во досието со податоците не беа вклучени фактори на пондери.

**Методи за контрола на квалитет**

Сите завршени интервјуа беа подложени на контрола за соодветно изведување.

Вкупно 1095 респонденти (52%) беа проверени.

Мониторирани директно од страна на супервизорите беа 10% од завршените интервјуа, 18% подоцна беа проверени лично од страна на супервизорите и 24% од вкупниот број интервјуа беа дополнително проверени по телефон.

### Проблеми со кои се соочија во текот на теренската работа

**Коментари и реакции на прашалникот**

**Штип**

П13, во бракот се засновува на договор, неговата суштина не се рестрикции да се излезе со пријателите, да се посети докторот, да ѝ се земат парите...

**Скопје**

Некои респонденти кои известија насилство беа видно вознемирени/пореметени во текот на интервјуата

Цитат: "Еден до два удара не се сметаат за насилство"

**"СОС-линиите не си ја вршат работата"**

**Куманово:**

Цитат: **"Сопругот како глава на домаќинството мора секогаш да знае каде оди жената, тоа не е насилство".**

Поради средината во која живеат, насилството во домаќинството мора да се чува во тајност."

**"Невработеноста обично предизвикува насилство".**

**"Да се живее во заедница од неколку семејства (со свекрва, свекор...) честопати предизвикува интолеранција и насилство"**

**Битола**

Цитат: "**Ова е вистинска можност да си ја отворам душата"**

Завршувањето на интервјуто од секторот 281, од скопскиот регион, се случи кога респондентот беше прашан да даде одговор на П6, а кое се однесува на потрошените пари минатиот месец. Револтираниот респондент почувствува дека многу лични прашања не треба да бидат ничија освен негова лична грижа.

**Коментари, проблеми на терен**

Тешко е да се осигури приватноста на респондентите, особено во домаќинства во кои живеат повеќе членови во заедница.

# Анекс C Коментари на рамката за извлекување примерок, споредба со службените статистики и симулација на пондерирање

## Коментари на рамката за извлекување примерок и споредба со службените статистики

### Дизајн на примерок

- Стратифициран трифазен примерок
- Стратификација според регион и урбаност на региони (16 страти =8 регион x 2урбани/рурални области)
- Во првата фаза ДЗС (Државниот завод за статистика на Република Македонија) избра 300 примарни единици – енумерациски области (ЕА) како кластери, по случаен избор во стратумите
- Распределба на ЕАи во стратумите е пропорционална со квадратниот корен на вкупното население

### Споредба: енумерациски области, планирани и интервјуирани

**Табела А.1** **Енумерациски области според регион и урбаност**

| регион | Планирани енумерациски области | | | Интервјуирани енумерациски области | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | рурално | урбано | вкупно | рурално | урбано | вкупно |
| Вардарски | 11 | 18 | 29 | 11 | 18 | 29 |
| Источен | 14 | 19 | 33 | 12 | 21 | 33 |
| Југозападен | 18 | 17 | 35 | 15 | 20 | 35 |
| Југоисточен | 17 | 14 | 31 | 17 | 14 | 31 |
| Пелагониски | 15 | 23 | 38 | 15 | 23 | 38 |
| Полошки | 25 | 16 | 41 | 27 | 14 | 41 |
| Североисточен | 14 | 17 | 31 | 15 | 16 | 31 |
| Скопски | 19 | 43 | 62 | 19 | 43 | 62 |
| Вкупно | 133 | 167 | 300 | 131 | 169 | 300 |

### Дизајн на примерок – втора фаза, домаќинства

- Рамката за примерокот е стара, со податоци од Пописот од 2002 година и ДЗС не ги избираше домаќинствата (HHs), но даде одредени препораки за изведување на "мини" Попис во ЕА и избор по случаен избор на HHs потоа;
- Немаше доволно време и ресурси во проектот за да се пристапи со "мини" Попис во ЕА. Истражувачката агенција БРИМА избра по случаен пат почетна точка во ЕА со употреба на своите бази на податоци на адреси и продолжи со процедурата на случајно одење сè до пристигнување до ефективно интервјуирани седум домаќинства;
- Сите не-одговарања беа избројани и класифицирани според причините што ќе послужи како вредни податоци за идни анкети.

### Дизајн на примерок – трета фаза, избор на лица

- Лицето кое ќе се интервјуира се бира од сите квалификувани членови на домаќинството над 15 години и со методот на Киш, ʹпрв следен роденденʹ
- Тоа е најсличниот метод за симулирање на случаен избор на лице за интервју

**Табела А.2 Споредба: Процени на ДЗС за вкупно население на 31.12.2010 година, интервјуирани членови на домаќинства и сите членови на домаќинства**

| Возраст | Интервјуиран | Вкупно во домаќинството | Податоци на ДЗС |
|---|---|---|---|
| 0-4 | 0 | 339 | 114855 |
| 5-9 | 0 | 382 | 115419 |
| 10-14 | 0 | 446 | 128697 |
| 15-19 | 94 | 492 | 151359 |
| 20-24 | 140 | 633 | 161770 |
| 25-29 | 166 | 536 | 164733 |
| 30-34 | 164 | 514 | 157218 |
| 35-39 | 171 | 486 | 149886 |
| 40-44 | 163 | 502 | 146848 |
| 45-49 | 169 | 538 | 145580 |
| 50-54 | 193 | 539 | 142153 |
| 55-59 | 204 | 511 | 130158 |
| 60-64 | 213 | 486 | 107080 |
| 65-69 | 146 | 334 | 80437 |
| 70-74 | 138 | 276 | 69323 |
| 75+ | 139 | 322 | 91768 |
| Вкупно | 2100 | 7336 | 2057284 |

**Табела А.3 Возрасна структура на процената на ДЗС за 31.12.2010 година, сите членови во домаќинството, интервјуирани лица**

| Возрасни групи | Вкупно ДЗС | Сите членови на домаќинството | Интервјуирани лица |
|---|---|---|---|
| 15-19 | 8.9 | 8.0 | 4.5 |
| 20-24 | 9.5 | 10.3 | 6.7 |
| 25-29 | 9.7 | 8.7 | 7.9 |
| 30-34 | 9.3 | 8.3 | 7.8 |
| 35-39 | 8.8 | 7.9 | 8.1 |
| 40-44 | 8.6 | 8.1 | 7.8 |
| 45-49 | 8.6 | 8.7 | 8.0 |
| 50-54 | 8.4 | 8.7 | 9.2 |
| 55-59 | 7.7 | 8.3 | 9.7 |
| 60-64 | 6.3 | 7.9 | 10.1 |
| 65-69 | 4.7 | 5.4 | 7.0 |
| 70-74 | 4.1 | 4.5 | 6.6 |
| 75+ | 5.4 | 5.2 | 6.6 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Фигура А.1** Возрасна структура на проценета на ДЗС за 31.12.2010 година, сите членови во домаќинството, интервјуирани лица




**Фигура А.4** Возрасна структура на проценета на ДЗС за вкупно машко население на 31.12.2010 година, сите машки членови во домаќинството и интервјуирани машки членови во домаќинството

| Возрасна група | Машки ДЗС | Сите машки во домаќинството | Машки респонденти |
|---|---|---|---|
| 15-19 | 9.2 | 7.6 | 4.0 |
| 20-24 | 9.8 | 10.7 | 7.4 |
| 25-29 | 10.0 | 8.4 | 8.2 |
| 30-34 | 9.6 | 8.4 | 6.8 |
| 35-39 | 9.0 | 8.6 | 8.3 |
| 40-44 | 8.8 | 8.1 | 6.9 |
| 45-49 | 8.7 | 8.8 | 9.3 |
| 50-54 | 8.5 | 9.3 | 10.3 |
| 55-59 | 7.7 | 8.3 | 8.8 |
| 60-64 | 6.0 | 7.5 | 9.4 |
| 65-69 | 4.4 | 5.5 | 7.1 |
| 70-74 | 3.7 | 4.0 | 7.0 |
| 75+ | 4.5 | 4.7 | 6.6 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Фигура А.2 Возрасна структура на процената на ДЗС за вкупно машко население на 31.12.2010 година, сите машки членови на домаќинството и интервјуирани машки членови на домаќинството**




Машките се недоволно застапени во помладите групи (15-24) и прекумерно застапени во возрасните групи 50-64.

**Табела. А.5 Возрасна структура на процени на ДЗС за вкупно женско население на 31.12.2010 година, сите женски членови на домаќинството и интервјуирани женски членови на домаќинството**

| | Женски ДЗС | Сите женски во домаќинството | Женски респонденти |
|---|---|---|---|
| 15-19 | 8.6 | 8.3 | 4.8 |
| 20-24 | 9.2 | 9.9 | 6.1 |
| 25-29 | 9.4 | 8.9 | 7.7 |
| 30-34 | 9.0 | 8.3 | 8.6 |
| 35-39 | 8.7 | 7.2 | 8.0 |
| 40-44 | 8.5 | 8.1 | 8.5 |
| 45-49 | 8.4 | 8.6 | 7.1 |
| 50-54 | 8.2 | 8.2 | 8.3 |
| 55-59 | 7.7 | 8.2 | 10.4 |
| 60-64 | 6.6 | 8.2 | 10.7 |
| 65-69 | 5.0 | 5.3 | 6.9 |
| 70-74 | 4.4 | 4.9 | 6.3 |
| 75+ | 6.3 | 5.8 | 6.6 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

**Фигура А.3 Возрасна структура на проценатa на ДЗС за вкупно женско население на 31.12.2010 година, сите женски членови на домаќинството и интервјуирани женски членови на домаќинството**




Женските се недоволно застапени во помладите групи (15-29) и прекумерно застапени во возрасните групи 55-64.

**Табела А.6 Споредба–хомогеност на под-примероците на интервјуирани лица и други лица во домаќинството во примерокот**

| Група | Возрасни групи | | | | | | | | | | | | | Вкуп-но |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 15-19 | 20-24 | 25-29 | 30-34 | 35-39 | 40-44 | 45-49 | 50-54 | 55-59 | 60-64 | 65-69 | 70-74 | 75+ | |
| Респонденти | 94 | 140 | 166 | 164 | 171 | 163 | 169 | 193 | 204 | 213 | 146 | 138 | 139 | 2100 |
| | 4.5 | 6.7 | 7.9 | 7.8 | 8.1 | 7.8 | 8.1 | 9.2 | 9.7 | 10 | 7 | 6.6 | 6.6 | |
| Други членови во домаќинството | 398 | 493 | 370 | 350 | 315 | 339 | 369 | 346 | 307 | 273 | 188 | 138 | 183 | 4069 |
| | 9.8 | 12 | 9.1 | 8.6 | 7.7 | 8.3 | 9.1 | 8.5 | 7.5 | 6.7 | 4.6 | 3.4 | 4.5 | |
| Вкупно | 492 | 633 | 536 | 514 | 486 | 502 | 538 | 539 | 511 | 486 | 334 | 276 | 322 | 6169 |
| Хи-квадрат | 12 | 181.263 | <.0001 | <.0001 | | | | | | | | | | |

Хи-квадрат тестот исто така потврдува дека постојат некои разлики во возрасната дистрибуција кај овие под-примероци на членови на домаќинства кои може да бидат извор на пристрасност во резултатите од примерокот на респонденти.

**Табела А.7 Споредба според просечна возраст, медијана на возраст, модална возраст, во примерокот**

| | Сите лица во домаќинството | Интервјуирани лица | Останати лица |
|---|---|---|---|
| **Просечна возраст** | | | |
| Сите лица 15+ | 44.2 | 48.1 | 42.1 |
| Мажи | 43.8 | 48.2 | 41.9 |
| Жени | 44.5 | 48.1 | 42.3 |
| **Модална** | | | |
| Сите лица | 20 | 52 | 42 |
| Мажи | 20 | 37 | 20 |
| Жени | 24 | 57 | 21 |
| **Медијана** | | | |
| Сите лица | 44 | 49 | 41 |
| Мажи | 43 | 49 | 41 |
| Жени | 44 | 49 | 42 |

Во примерокот просечната возраст на респондентот е повисока од примерокот на сите членови во домаќинството коешто е исто така еден вид извор на пристрасност и индикација за можни проблеми во избирањето на референтното лице за интервју во домаќинството.

### Можни извори на пристрасности

- Рамка со стари податоци од Пописот од 2002 година, 10 години подоцна, се неажурирани податоци за бројките на домаќинства во стратумите и ЕА.
- Втора фаза – нема "свежи" податоци за бројки за домаќинства на ЕА, неопходно за пондерирање и тешкотии за проверување на интервјуерите на терен кои се движат во области без бројки на куќите.
- Трета фаза – можно занемарување на процедурата на методот на 'прв следен роденден ' со намера да се финализира интервјуто во покус рок.
- Годишните процени на население на ДЗС без добар квалитет на административни податоци за миграцијата. Процените секогаш се повисоки од "реалното" вкупно население и мора да се направат корекции за мигрирањата по новиот Попис на населението.

### Последици

- Конечниот дизајн на примерокот не беше по случаен пат и не беше применето пондерирање, иако истражувачкиот тим имаше направено симулации на пондерирање за да се споредат резултатите. Пример:

### Табела А.8 Пример на некои пондери

| Регион | Пол | Возраст | Пондер |
|---|---|---|---|
| Вардарски | мажи | 23 | 3047.50 |
| Вардарски | мажи | 75 | 440.71 |
| Источен | жени | 57 | 350.89 |
| Североисточен | мажи | 23 | 3638.50 |

### Табела А.9 Основни статистики за пондери

| | |
|---|---|
| Просек | 808.72 |
| Мин. | 240.50 |
| Макс. | 3638.50 |
| Мод | 579.56 |
| Стандардна девијација | 440.13 |

## Применети методи за статистичка анализа

Методи на дескриптивна статистика

- За категоријални варијабли: основни дистрибуции на фреквенции, споредување на податоци со други ресурси, одредување на статистички тестови за асоцијации и дистрибуции како што се хи-квадрат, скоринг тестови, логит моделирање итн.
- За интервални варијбали: методи на униваријантна анализа, основни статистики како просеци, стандардни отстапувања, медијани, модови, квартили, квинтили, т-тестови.

## Услови за живеење

- Повеќе од 94.5% од домаќинствата живеат во сопствени живеалишта без хипотека.
- Најчесто употребуваните извори на затоплување се: купени дрва 72.4%, електрична енергија 14%, собрани дрва во шума 6.2% и централно греење 6.2%.
- Добра комунална инфраструктура за електрична енергија и водоснабдување имаше во повеќе од 95% од домаќинствата.

### Табела А.10 Затоплување во текот на зимата

| Затоплување во текот на зимата | |
|---|---|
| Дрва (набавени) | 72.4 |
| Електрична енергија | 14.0 |
| Дрва (собрани во шума) | 6.2 |
| Централно греење | 5.2 |
| Локален систем на затоплување | 1.4 |
| Нафта | 0.1 |
| Плин | 0.2 |
| Нема грејно тело во домот | 0.1 |

**Табела А.11** Комунална инфраструктура за сместување

| | Квинтили за трошоци | | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | најнизок, 0-8999 ден. | низок, 9000-12999 ден. | среден, 13000-19000 ден. | висок, 19001-27999 ден. | највисок, 28000+ ден. | |
| Проточна вода | 93.8 | 95.3 | 98.3 | 98.7 | 98.7 | 97.0 |
| Проточен внатрешен тоалет | 77.9 | 91.5 | 96.0 | 97.5 | 98.0 | 92.3 |
| Централно греење или локален систем на греење | 9.7 | 14.2 | 18.4 | 19.5 | 32.5 | 19.0 |
| Електрична енергија | 99.7 | 99.5 | 99.0 | 99.5 | 100.0 | 99.5 |
| Канализација | 68.5 | 71.0 | 73.9 | 77.5 | 77.2 | 73.7 |

**Табела А.12** Површина на живеалиште во $m^2$ според квинтили на трошоци

| | Анкета на СН | | | | | | SEC 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Повершина на живеалиште во $m^2$ | најнизок, 0-8999 ден. | низок, 9000-12999 ден. | среден, 13000-19000 ден. | висок, 19001-27999 ден. | највисок, 28000+ ден. | |
| Средна вредност | 87.50 | 66.31 | 83.51 | 84.93 | 89.78 | 106.88 | 112.96 |
| Мод | 100 | 50 | 80 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Проценти | | | | | | | |
| 25 | 60.00 | 40.00 | 60.00 | 60.00 | 60.00 | 70.00 | 64.00 |
| Медијана 50 | 80.00 | 60.00 | 72.00 | 80.00 | 80.00 | 98.00 | 84.00 |
| 75 | 100.00 | 80.00 | 100.00 | 100.00 | 100.00 | 120.00 | 120.00 |

**Табела А.13** Какви трајни добра можело домаќинството да си дозволи во последните 12 месеци

| | Домаќинството има | Не му е потребно на домаќинството | Домаќинството не може да си приушти | Не знам | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Телевизор | 98.9 | 0.1 | 0.9 | 0.2 | 100.0 |
| Компјутер | 58.1 | 25.9 | 15.9 | 0.2 | 100.0 |
| Интернет | 52.3 | 29.0 | 18.6 | 0.1 | 100.0 |
| Мобилен телефон | 87.4 | 9.5 | 2.9 | 0.2 | 100.0 |
| Сателитска или кабелска ТВ | 71.8 | 12.9 | 15.1 | 0.2 | 100.0 |
| Автомобил | 52.1 | 18.1 | 29.6 | 0.3 | 100.0 |
| Машина за перење | 92.4 | 2.1 | 5.2 | 0.3 | 100.0 |
| Фрижидер или фрижидер за длабоко замрзнување | 97.3 | 0.5 | 2.1 | 0.2 | 100.0 |
| Фиксна телефонија | 66.4 | 20.2 | 13.2 | 0.3 | 100.0 |
| Радио-приемник | 58.4 | 34.3 | 6.8 | 0.5 | 100.0 |
| Кревет за секој член на домаќинството | 94.7 | 1.4 | 3.7 | 0.3 | 100.0 |
| Мебел за дневна соба | 95.5 | 1.8 | 2.6 | 0.2 | 100.0 |

**Табела А.14** **Колку може домаќинството да си дозволи различни категории на трошоци во последните 12 месеци**

| | никогаш | ретко | понекогаш | често |
|---|---|---|---|---|
| Да купува храна за три оброци во денот | 3.3 | 10.1 | 24.1 | 62.4 |
| Редовно да ги плаќа сметките | 3.1 | 9.0 | 18.4 | 69.2 |
| Да го одржува домот соодветно затоплен | 3.9 | 4.9 | 16.5 | 73.8 |
| Да купува нови облеки кои му се потребни на респондентот или домаќинството во кое живее | 10.2 | 36.8 | 34.7 | 18.3 |
| Во последните 12 месеци колку често домаќинството можело да си дозволи да купува лекови кои му се потребни | 3.7 | 10.5 | 21.1 | 63.3 |
| Да плати за годишен одмор надвор од домот или во странство | 55.5 | 20.7 | 12.9 | 10.0 |

Податоците покажуваат дека околу 3.5% од населението се соочува со сериозни проблеми на лишување како што се неможност да се купи храна за три оброка во денот, да се платат сметки, да се обезбедат лекови и да се одржи домот соодветно затоплен.

**Табела А.15** **Образовни карактеристики на лицата во примерокот**

| Завршено образование | Мажи | | | Жени | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Респондент во домаќинството | Други членови на домаќинството | Вкупно членови на домаќинството | Респондент во домаќинството | Други членови на домаќинството | Вкупно членови на домаќинството | Респондент во домаќинството | Други членови на домаќинството | Вкупно членови на домаќинството |
| Без образование | 2.1 | 1.7 | 1.8 | 4.6 | 4.3 | 4.4 | 3.5 | 2.9 | 3.1 |
| Незавршено основно образование | 5.2 | 5.1 | 5.1 | 12.6 | 7.6 | 9.5 | 9.4 | 6.3 | 7.3 |
| Основно образование | 28.0 | 28.3 | 28.2 | 32.4 | 34.7 | 33.8 | 30.5 | 31.4 | 31.1 |
| Средно образование | 42.0 | 45.9 | 44.7 | 32.0 | 33.5 | 32.9 | 36.4 | 39.9 | 38.7 |
| Средно гимназиско образование | 7.0 | 5.8 | 6.2 | 6.1 | 6.9 | 6.6 | 6.5 | 6.3 | 6.4 |
| Вокациско образование | 4.1 | 3.0 | 3.4 | 2.1 | 1.9 | 2.0 | 3.0 | 2.5 | 2.7 |
| Факултет | 11.0 | 9.7 | 10.1 | 9.6 | 10.5 | 10.2 | 10.2 | 10.1 | 10.2 |
| Магистратура | 0.5 | 0.2 | 0.3 | 0.4 | 0.6 | 0.5 | 0.5 | 0.4 | 0.4 |
| Докторат | 0.0 | 0.3 | 0.2 | 0.2 | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 0.1 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

Податоците за образованието се во согласност со службените статистички податоци.

**Табела А.16 Статус на вработеност на лицата во примерокот (самоизвестено)**

| Статус на вработеност | Мажи | | | Жени | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Респондент во домаќинството | Други членови на домаќинството | Вкупно членови на домаќинството | Респондент во домаќинството | Други членови на домаќинството | Вкупно членови на домаќинството | Респондент во домаќинството | Други членови на домаќинството | Вкупно членови на домаќинството |
| Вработен/а во приватна компанија | 21.0 | 25.9 | 24.4 | 13.5 | 15.2 | 14.6 | 16.8 | 20.7 | 19.4 |
| Вработен/а во државна организација | 8.6 | 10.3 | 9.8 | 5.9 | 7.0 | 6.6 | 7.1 | 8.7 | 8.2 |
| Сопствен бизнис | 3.2 | 3.4 | 3.3 | 0.9 | 0.8 | 0.9 | 1.9 | 2.2 | 2.1 |
| Самовработен | 5.0 | 4.1 | 4.4 | 1.8 | 1.6 | 1.7 | 3.2 | 2.9 | 3.0 |
| Член на производствена фирма | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.0 | 0.1 | 0.0 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Во школо (студент, ученик) | 7.1 | 11.5 | 10.2 | 6.3 | 14.3 | 11.3 | 6.7 | 12.9 | 10.7 |
| Невработен/а | 28.4 | 29.5 | 29.2 | 25.5 | 23.4 | 24.2 | 26.8 | 26.6 | 26.7 |
| Пензиониран/а | 24.9 | 13.2 | 16.7 | 22.7 | 12.4 | 16.2 | 23.7 | 12.8 | 16.5 |
| На породилно | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.2 | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.0 | 0.1 |
| Работи или им помага на роднини | 0.2 | 0.4 | 0.3 | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 0.2 |
| Домаќинка | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 22.4 | 23.6 | 23.1 | 12.6 | 11.4 | 11.8 |
| Не е во состојба да работи | 0.2 | 0.6 | 0.5 | 0.0 | 0.7 | 0.4 | 0.1 | 0.7 | 0.5 |
| Останато | 1.2 | 0.9 | 1.0 | 0.7 | 0.8 | 0.7 | 0.9 | 0.8 | 0.9 |
| Вкупно | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 | 100.0 |

## Симулација на пондери

Како што беше спомнато погоре во текстот има некои проблеми во користењето на пондерите на ДЗС за да се генерализира анкетата на целата популација. Следните табели се подготвени со цел да се даде слика за илјадниците случаи коишто ги претставуваат случаите на насилство. Алтернативните стапки на преваленца исто така се пресметани. ЗАБЕЛЕШКА: ова е само симулација за целите кои беа кажани погоре.

**Симулирање со пондерирање, резултатите се пресметани во илјади, без можност за пресметка на интервали на доверливост**

| Таб. 1 | Насилство според род | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% според пол) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% според насилство) | Преваленца (%) | Коефициент на лица кои доживеале насилство на 100 лица кои не искусиле насилство |
| Пол | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Мажи | 316,5 | 529,0 | 845,5 | 37,4 | 62,6 | 100,0 | 46,6 | 51,9 | 49,8 | 37,4 | 59,8 |
| Жени | 362,7 | 490,1 | 852,8 | 42,5 | 57,5 | 100,0 | 53,4 | 48,1 | 50,2 | 42,5 | 74,0 |
| Вкупно | 679,3 | 1019,1 | 1698,3 | 40,0 | 60,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 40,0 | 66,7 |

| Таб. 1а | Психолошко насилство според пол | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% според пол) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% според насилство) | Преваленца (%) | Коефициент на лица кои доживеале насилство на 100 лица кои не искусиле насилство |
| Пол | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Мажи | 313,3 | 532,2 | 845,5 | 37,1 | 62,9 | 100,0 | 46,9 | 51,7 | 49,8 | 37,1 | 58,9 |
| Жени | 355,0 | 497,8 | 852,8 | 41,6 | 58,4 | 100,0 | 53,1 | 48,3 | 50,2 | 41,6 | 71,3 |
| Вкупно | 668,3 | 1.030,0 | 1.698,3 | 39,4 | 60,6 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 39,4 | 64,9 |

| Таб. 1b | Психолошко насилство во последните 12 месеци според пол | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% според пол) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% според насилство) | Преваленца (%) | Коефициент на лица кои доживеале насилство на 100 лица кои не искусиле насилство |
| Пол | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Мажи | 272,2 | 573,4 | 845,5 | 32,2 | 67,8 | 100,0 | 48,4 | 50,5 | 49,8 | 32,2 | 47,5 |
| Жени | 290,6 | 562,2 | 852,8 | 34,1 | 65,9 | 100,0 | 51,6 | 49,5 | 50,2 | 34,1 | 51,7 |
| Вкупно | 562,8 | 1.135,5 | 1.698,3 | 33,1 | 66,9 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 33,1 | 49,6 |

| Таб. 1с | Физичко насилство според пол | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% според пол) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% според насилство) | Преваленца (%) | Коефициент на лица кои доживеале насилство на 100 лица кои не искусиле насилство |
| Пол | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Мажи | 21,9 | 823,6 | 845,5 | 2,6 | 97,4 | 100,0 | 29,9 | 50,7 | 49,8 | 2,6 | 2,7 |
| Жени | 51,3 | 801,5 | 852,8 | 6,0 | 94,0 | 100,0 | 70,1 | 49,3 | 50,2 | 6,0 | 6,4 |
| Вкупно | 73,2 | 1625,1 | 1698,3 | 4,3 | 95,7 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 4,3 | 4,5 |

| Таб. 3d | Сексуално насилство според пол | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% според пол) | Индикација за постоење на насилство | | Вкупно (% според насилство) | Преваленца (%) | Коефициент на лица кои доживеале насилство на 100 лица кои не искусиле насилство |
| Пол | Да | Не | | Да | Не | | Да | Не | | | |
| Вкупно | 10,9 | 841,9 | 852,8 | 1,3 | 98,7 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 1,3 | 1,3 |